*УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ*
*ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ*
*Институт за педагогија*

# *ИНИЦИЈАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА И АНГЛИЈА*

*-Магистерски труд-*

*Ментор:*
*Проф. Д-р. Благородна К.Лакинска*

*Кандидат:*
*Деан Илиев*

*Скопје,2001 год.*

# С О Д Р Ж И Н А :

Страна:

Вовед------------------------------------------------------------------------------ 5

**I** Дел- Теориски прашања за проблемот на истражувањето

1.Основното образование во системот на воспитанието и образованието------------------------------------------------------------------------------ 7

2. Субјекти во основното образование ----------------------------------- 8

3. Образование на наставниците од основното образование--------10

3.1 Иницијално образование на наставниците од основното образование------------------------------------------------------------------------------ 12

3.2 Континуирано образование на наставниците од основното образование------------------------------------------------------------------------------ 14

**II** Дел - Методологија на истражувањето

1. Предмет на истражување----------------------------------------------- 17

2. Дефинирање на основните поими------------------------------------- 17

3. Цел на истражувањето------------------------------------------------- 18

4. Задачи на истражувањето---------------------------------------------- 18

5. Хипотеза на истражувањето-------------------------------------------- 19

5.1 Општа хипотеза---------------------------------------------------------- 19

6. Варијабли на истражувањето------------------------------------------ 19

6.1 Независни варијабли---------------------------------------------------- 19

6.2 Зависни варијабли------------------------------------------------------- 20

7. Примерок на истражувањето------------------------------------------- 20

8. Методи,техники и инструменти на истражувањето--------------- 21

III Дел - Анализа и интерпретација

1. Општи карактеристики на воспитно-образовните системи во Англија и Македонија------------------------------------------------------------------------ 23

1.1 Воспитно-образовниот систем во Англија------------------------- 23

1.1.1 Развој на школството во Англија----------------------------------- 23

1.1.2 Современиот образовен систем во Англија--------------------- 24

1.1.3 Наставен план-курикулум---------------------------------------------- 32

1.1.4 Проодност низ системот------------------------------------------------ 34

1.1.5 Институции задолжени за функционирање на образовниот систем во Англија----------------------------------------------------------------------------- 36

1.1.6 Образованието на наставниците во Англија------------------- 40

1.1.6.1 Генеза на развојот на образованието на наставниците во Англија------------------------------------------------------------------------------- 40

1.1.6.2 Современа поставеност на иницијалното образование во Англија------------------------------------------------------------------------------- 41

1.1.6.3 Стандарди за добивање статус на квалификуван наставник------------------------------------------------------------------------------------------- 42

1.1.6.4 Национални курикулуми за ИТТ------------------------------- 43

1.1.6.5 Воведен период------------------------------------------------------- 44

1.1.6.6 Како до наставничкиот позив во Англија-------------------- 46

1.2 Воспитно - образовниот систем во Македонија----------------- 46

1.2.1 Развој на школството во Македонија----------------------------- 46

1.2.2 Поставеност и структура на образовниот систем во Македонија------------------------------------------------------------------------------------------- 49

1.2.3 Наставни планови и програми------------------------------------ 54

1.2.4 Проодност низ системот------------------------------------------- 56

1.2.5 Институции за поддршка и функционирање на образовниот систем во Македонија--------------------------------------------------------------------- 58

1.2.6 Образованието на наставниците во Македонија-------------- 61

1.2.6.1 Развој на образованието на наставниците во Македонија- 61

1.2.6.2 Современа поставеност на образованието на наставниците во Македонија--------------------------------------------------------------------------- 62

1.2.6.3 Приправнички стаж------------------------------------------------ 63

1.3 Општа компарација помеѓу воспитно - образовниот систем на Англија и Македонија------------------------------------------------------------ 64

2. За институциите за иницијално образование на наставниците од основното образование во Англија и Македонија------------------------- 68

2.1 Институции за иницијално образование на наставниците од основното образование во Англија------------------------------------------- 68

2.2 Институции за иницијално образование на наставниците од основното образование во Македонија------------------------------------ 75

2.3 Компарација на институциите за ИТТ за наставниците од основното образование во Англија и Македонија-------------------------------------- 78

3. Програмска поставеност на курсевите за иницијално образование на наставниците од основното образование------------------------------------ 88

3.1 Програмска поставеност на курсевите за ИТТ во Англија-- 88

3.2 Програмска поставеност на курсевите за ИТТ во Македонија----------------------------------------------------------------------------------------------- 92

3.3 Компарација на курикулумите во Англија и Македонија---- 94

4. Односот помеѓу универзитетскиот и училишниот дел од програмата на ИТТ курсевите во Англија и Македонија--------------------------------- 96

4.1 Универзитетски и училишен дел на програмите во Англија- 96

4.2 Универзитетски и училишен дел на програмите во Македонија--------------------------------------------------------------------------------------------- 99

4.3 Компарација помеѓу училишниот и универзитетскиот дел од програмите на ИТТ курсевите во Англија и Македонија----------------- 100

5. Партнерство со училиштата и реализација на педагошката пракса во Англија и Македонија------------------------------------------------------------ 101

5.1 Интитуциите за ИТТ во Англија и партнерството со училиштата во реализација на училишниот дел од образованието на наставниците--- 101

5.2 Институциите за ИТТ во Македонија и партнеството со училиштата во реализација на педагошката пракса---------------------------------------- 104

5.3 Компарација на партнерството со училиштата и реализацијата на педагошката пракса во Англија и Македонија------------------------------ 105

6. Институции за поддршка на курсевите за ИТТ во Англија и Македонија--------------------------------------------------------------------------- 108

6.1 Институции за поддршка на курсевите за ИТТ во Англија -----108

6.2Институции за поддршка на курсевите за ИТТ во Македонија---------------------------------------------------------------------------------------------------------112

6.3 Компарација на институциите за поддршка на курсевите за ИТТ во Англија и Македонија------------------------------------------------------------------ 113

**IV** Дел- Заклучоци------------------------------------------------------------------ 115

**V** Дел - Сугестии и насоки за можно делување------------------------- 118

**VI** Дел - Прилози-------------------------------------------------------------------- 120

1.Протокол за анализа на педагошка документација со која се регулира иницијалното образование на наставниците од основното образование-120

2.Шематски приказ на модел на реализација на ИТТ за додипломски курс ---------------------------------------------------------------------------------------------- 124

3.Шематски приказ на модел на реализација на ИТТ за постдипломски курс--------------------------------------------------------------------------------------------- 125

4.Речник на англиски зборови и поими користени во трудот----- 126

Користена литература------------------------------------------------------ 131

# Вовед

Динамичноста на сегашноста, брзиот проток на идеи , информации и добра и реформските зафати во сите сфери од животот, човекот го ставаат во постојана положба на менување и адаптирање. Овие услови од нас бараат правовремено согледување на проблемите и потребите на сегашноста, за успешна подготовка за дочек на иднината. Во сите овие состојби, потребно е меѓусебно разбирање и помош,пред се во делот на размена на искуства .

Првиот чекор во искористување на правото на меѓусебна соработка е користење на сознанијата и состојбите на другите , заради свој развој и напредок.

Трудот претставува обид за компаративна анализа на системите во Англија и Македонија, во делот на иницијалното образование на наставниците од основното образование. Со овој обид имам за цел да ги согледам состојбите во еден постар и поразвиен систем на иницијално образование на наставниците и да предизвикам реакции во одредени стручни и научни кругови за критичка анализа на актуелната поставеност на иницијалното образование на наставниците од основното образование во Македонија.

Од тие причини трудот е поделен на шест дела кои представуваат одредени посебни целини: теориски аспекти на проблемот, методологија на истражување, анализа и интерпретација, заклучоци, сугестии и насоки за можно делување и прилози.

Во првиот дел се елаборирани позначајни теориски прашања кои се однесуваат на основното образование , субјектите во основното образование и иницијалното образование на наставниците од основното образование.

Во вториот дел се поставени методолошките елементи од овој труд преку определување на: предметот на истражување, дефинирање на основните поими во истражувањето, цел на истражувањето, задачи на истражувањето, хипотези на истражувањето , варијабли на истражувањето, примерок на истражување и методи , техники и инструменти на истражувањето.

Третиот дел всушност е отстапен на емпириските сознанија за иницијалното образование на наставниците од основното образование во Англија и Македонија, претставен преку: поставеност на воспитно - образовните системи, институционална поставеност на иницијалното образование на наставниците (ITT)[1] , програмска поставеност на ITT курсевите , односот помеѓу универзитетскиот и училишниот дел од програмата на ITT курсевите, партнерството со училиштата и реализацијата на педагошката пракса и институциите за поддршка на ITT курсевите.

Во четвртиот дел се дадени заклучоците од компарацијата на иницијалното образование на наставниците во Англија и Македонија.

Во петтиот дел се поместени сугестиите и насоките за можно делување во правец на иновирање на иницијалното образование на наставниците од основното образование во Македонија.

Шестиот дел е резервиран за прилозите .

Појавата на чувство за крутост и пластичност во компарацијата и стеснетост во претставувањето на иницијалното образование на наставниците, претставува знак на преголема сложеност на системите и предизвик за повторно навраќање на истава проблематика за нов , потемелен ангажман.

---

[1] Забелешка:Иницијалното образование на наставниците во текстот,поради практични причини ќе се бележи со ознаката ИТТ или ITT, што доаѓа од англиското Initial Teacher Training,што е прифатено во светски рамки

# I. ДЕЛ- ТЕОРИСКИ ПРАШАЊА ЗА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## *1. Основното образование во системот на воспитание и образование*

Основното образование како организиран систем и подсистем во системот на воспитание и образование претставува, на што и самиот збор укажува,основа на целокупното знаење, умеење, навики кои поединците на организиран начин ги стекнуваат во текот на своето школување, работење, творење и живеење. Од тие причини местото и улогата на основното образование отсекогаш претставувале мета на разни религиски и синдикални организации, политички партии и раководни структури кои од организациски, групни или лични побуди секогаш настојувале да влијаат врз неговата стуктура.

Значењето на основното образование може да се согледа и од нејзината привилегирана позиција и бенефициите кои истото ги користи во однос на останатите степени на образование. Таквата позиција се манифестира во статусот на учениците, кој секако е подобрен со бесплатните учебници и учебен материјал, бесплатен превоз и оброци, помош на родителите во издржување на децата и т.н..

Посебен третман основното образование има во фактот што истото влегува во склоп на т.н. "задолжително" образование кое во Франција, Шведска, Канада, Велика Британија, Македонија и др. го опфаќа целиот период на траење на основното образование.

Друга ,ни малку понезначајна област која е составен дел од системот на основно образование е основното образование на возрасните. [2]

Гледано од аспект на поставеноста на основното образование,станува збор за различности и на меѓудржавно и на федеративно ниво во рамките на една држава. Поточно кажано,основното образование во секоја држава се карактеризира со сопствен и за себе препознатлив начин на институционална,

[2] Основното образование на возрасните не е предмет на анализа и проучување во овој труд,без намера да се симплифицира неговото значење

програмска и структурна поставеност. Сепак,многубројните анализи на состојбите и фактите за основното образование во одредени земји укажува и на недвојбени сличности кои дозволуват нивно класифицирање и групирање.

Според тоа во чија сопственост е основното образование, постојат приватни и државни училишта.

Според тоа во кои институции се планира и програмира основното образование, воспитно-образовните системи ги делиме на :

а) држави во кои основното образование се планира , креира и програмира во централните органи на власта;

б) држави во кои основното образование се креира во покраинските и федералните единици на министерството ,и

в) држави во кои тоа се креира на државно ниво, по што операционализирани планови изготвуваат училиштата и локалната управа.

Според тоа кои институции го вршат реализирањето на наставата за основно образование постојат:

- воспитно-образовни системи во кои основното образование се реализира само во основното училиште - одделенска настава;

- воспитно-образовни системи во кои основното образование се реализира во основното училиште (одделенска и предметна настава);

- воспитно-образовни системи каде програмите за основно образование се реализираат во основното училиште и нижите одделенија на средното училиште , и

- воспитно-образовни системи каде програмите се реализират во основното училиште и повисоките форми на предучилишни установи.

## *2.Субјекти во основното образование*

Ученикот е централна “фигура” во основното образование, што се подразбира и за другите подсистеми. Како што ќе рече Вилотиевиќ Младен ,”училиштето како институција и наставата како најважна активност на училиштето постојат заради ученикот.”[3] Сепак , крута дефиниција за

---

[3] Вилотиевиќ М.,Дидактика-предмет дидактике,Научна књига, Учитељски факултет,Београд,1999,145

ученикот и тој , како и секој автор, не би дал освен истиот да го претстави во неговото дидактичко светло на субјект и објект. Како веќе “расчистен” [4] однос, авторот , што е и оправдано , ученикот го гледа низ призмата на односот на ученикот кон содржините и односите кон наставата.

Изразен преку овие односи , ученикот можеме да го дефинираме како активен субјект во процесот и субјект надвор од процесот кој во активно содејство , непосредно со содржините и посредно преку наставникот усвојува , креира , твори и делува заради свое и добро на средината .

Преку овие односи може да се навлезе и во суштината на теориската и практичната определба на наставникот и патот на негово стварање и созревање.

Теориски гледано, наставникот е само дел од вечниот дидактички триаголник. Многу позначаен е неговиот однос кон ученикот и неговата улога во воспитно-образовниот процес. Во практичното определување на наставникот треба да се тргне од разликите во неговата улога во старата и новата школа.[5] Посебно се значајни дефинициите на наставникот преку промените и иновациите во наставата изразени преку “моделот на работа на училиштето , иновации во стратегиите на учење, иновации во наставните средства и наставните помагала и програмско - содржинските иновации. “[6]

Впрочем , и професорот Камберски наставникот и неговата професија ги гледа преку “иновационите процеси во сферата на воспитанието и образованието, посебно изразени на планот на микроорганизацијата на воспитно-образовната работа, потребата од поквалитетна и поефикасна настава, јакнењето на професионалната автономија и чувството на одговорност на наставникот, интензивирање на процесите на самореализација на ученикот и се поактивната негова позиција во сопствениот воспитно-образовен развој...”[7]

Доколку се синтетизираат сите вакви гледишта , дефинирањето на

---

[4] исто,146
[5] види исто , 163-166
[6] Илиев Д.,Иновациите во образованието-фактор за промена на статусот , ликот и улогата на наставникот за основно образование,Просветно дело 4,1999,36-43
[7] Камберски К.,Иницијалното образоване на наставниците ,Образовни рефлексии 3-4,ПЗМ,1997,3

наставникот единствено би било можно со една прогресивна дефиниција изразена преку парадигмата иновирање. Така, наставникот може да го дефинираме како флексибилна личност, која покрај своето формално иницијално и континуирано образование би се презентирала и изразувала преку развојот на ученикот и задоволството на неговите родители.

### *3. Образование на наставниците од основното образование*

Од досега изнесените анализи , може да се заклучи дека институциите за основно образование претставуваат составен и неделлив дел од општественото живеење, кое "не може да се двои од општиот економско-политички и културно-филозофски развој на општеството"[8]. Во тие рамки, општеството ја превзело одговорноста за организирано образование на наставничките кадри за кои Кумс Ф. истакнува дека се потребни "поголем број на најдобри човечки ресурси на земјата".[9] Вака изнесената теза ја потврдува сложеноста на наставничката професија, а истата истовремено се потврдува и на подготвителните состаноци за Меѓународната конференција за образование одржана во Женева 1996 год.,во која се вели дека:"денешните наставници се наоѓаат во процепот помеѓу она што од нив го бара општеството , своите искуства од праксата и идните предизвици , кои веќе ги најавува 21 век."[10] Токму поради тоа ,образованието на наставниците претставува основа за успешен воспитно - образовен процес.

Специфичноста на работата на наставниците од основното образование , посебно одделенскиот наставник, е таа што тој има "преку 30 различни програми во сите четири одделенија, со преку 10 методики на различни предмети и струки"[11], што претставува дополнително барање и поголем ангажман во креирањето на адекватно наставничко-учителско образование.

Овие состојби ја нагласуваат потребата од стручно и професионално образование на наставниците од основното образование.

Според Педагошката енциклопедија стручното образование претставува "систем од знаења, умеења и навики во функција на

---
[8] Žlebnik L.,Opšta istorija školstva i pedgoških idea,Naučna knjiga,Beograd,1970,5
[9] Kums F.,Svedska kriza obrazovanja ,Glas,Beograd,1971,18
[10] Максимовиќ И., Наставници и изазови 21 века,Настава и васпитање 1,Београд ,1997,120
[11] Radashin V.,Obrazovanje vaspitača i učitelja,Zbornik,Misao,N.Sad, 1985,129

подготвувањето, односно оспособувањето за вршење на определена работа"[12] Вака дадената дефиниција за стручно образование ,доколку се однесува за наставниците за одделенска настава во основното училиште,го наоѓа своето полно значење и вредност, зошто "струката , односно подрачјето на работа на учителите кои работат исклучиво во нижите одделенија во основното училиште , во системот одделенска настава би требало да биде "воспитно-образовна"".[13]

Суштината на професионалното образование на наставникот за основно образование лежи во совладувањето и изучувањето на програмите од областа на педагогијата и психологијата, која според Ациган Љ. се дели на области и тоа:"општо педагошко образование (социологија на воспитанието,историја на воспитанието,филозофија на воспитанието); методолошко-педагошко образование (техники на мерење,евалуација) и применето педагошко образование (дидактика, методика,стажирање). "[14]

Сепак, според зборовите на Лаврња И.,општото ,стручното и професионалното образование се наоѓаат во "испреплетени дијалектички односи и како такви , можат да придонесат за потполно образование на наставникот "[15] и надминување на недоразбирањата околу образованието на наставниците ,чија едукација е "злогласна, бидејќи има нејасни концепти ,изготвена разбирлива програма или слаби или непостоечки мерки на резултати,...поради што истите се многу ранливи."[16]

Потребата од надминување на постоечките проблеми со образованието на наставниците би се реализирала преку градење на индивидуалци "кои ќе

---

[12] Pedagoška enciklopedija 2 ,Zavod za izdavanje udbenika i nastavna sredstva,Beograd,1989,400
[13] Stevanović M.,Edukacija za stvaralaštvo,Tonimir,Var.Toplice,1997,240-241
[14] Acigan Lj.,Razvoji opšte tendencije obrazovanja u prošlosti, danas i budućnosti,Pedagoška stvarnost 7-8, Novi Sad,1988,555
[15] Lavrnja I.,Pedagoške komponente obrazovanja nastavnika,Nastavnik u samoupravnoj školi i drustvenoj sredini, Rjeka,1985,160
[16] Fullan M.,Change Forces,1993

превземаат ризици , испробуваат нови идеи и ќе ги користат неуспесите како искуство , обидувајќи се повторно, и нема на тоа да гледаат како личен недостаток."[17]

Градењето на такви индивидуалци е можно доколу се посвети вистинско внимание на иницијалното образование на наставниците од основното образование и нивното континуирано образование.

## *3.1 Иницијално образование на наставниците од основното образование*

Иницијалното образование на наставниците претставува почетен и единствен основен услов за практично воведување во наставничката професија. Под иницијално образование на наставниците ,проф. Камберски К. подразбира "систем на знаења, способности и умеења (вештини) со кои идните наставници се здобиваат во текот на своето школување (студии) , кои овозможуваат професионално вршење на наставничката дејност. Тоа се основни (почетни) знаења, способности и умеења, без кои не може да се замисли наставничката професија и на кои таа натаму се надградува преку системот на континуирано образование ( стручно усовршување ). "[18] Со други зборови кажано, иницијалното образование на наставниците претставува почетно сертификувано образование за стекнување право на работа во определен подсистем.

Потребата од елаборирање на суштинските карактеристики на иницијалното образование на наставниците од основното образование и создавање на слика за меѓусебните односи на нејзините елементи, во зависност од различни автори, може да се претстави преку неколку димензии. Така, на веб страната на EURYDICE , карактеристиките на ITT се представени преку реформските зафати во тоа подрачје во европските системи за ITT, изразени преку:

1. статусот на високото образование;
2. траењето на курсевите, и

[17] Carter M.-Curtis D., Training teachers,Redleaf press,1994,11
[18] Камберски К., Предучилишното и основното воспитание и образование во Р.Македонија, Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје,2000,115

3.педагошката пракса.[19]

Во истиот извор се вели дека "ITT има усвоено структура од три точки: солидно академско знаење од предметната област,...знаење од науката за поучување и педагошката пракса".[20]

Проф. Боб Мун ја издвојува забелешката на Бачбергер во која основни компоненти на иницијалното образование на наставниците во Европа се: " - образовните студии/студии во образовните науки;

- академски/предметни студии;
- проучување на содржини од методологија/предметни дидактики,и
- педагошка пракса"[21]

На прецизен и концизен начин , иницијалното образование на наставниците е претставено преку компарација на одредени негови елементи од страна на Тематската мрежа на образование на наставници во Европа (TNTEE).Единственост во ITT во Европа, според оваа меѓународна организација има во : приемот на кандидатите во иницијалното образование, времетраењето на програмите за ITT, нови системи за ITT за работа во специјалното и стручното образование, реализација на ИТТ во рамките на Универзитетот, формализирање , стандардизирање и рационализирање на ИТТ програмите и застапеност на професионалната подготовка во текот на ИТТ курсот.

Според истиот извор, разликите во ИТТ елементите во иницијалното образование на наставниците во Европа се изразени преку : управување со ИТТ институциите, односот помеѓу општото и стручното образование и нивото на образование на наставниците.[22]

Определувањето на иницијалното образование на наставниците од основното образование , не ретко се врши и преку односот на иницијалното образование за работа со цел клас и предметната специјалност , помеѓу кои Мери Торнтон не прави никаква разлика или таа разлика не ја гледа од

[19] Reforms at Compulsory education level teaching staff, www.eurydice.org/documents/ref/en/reen15.htm
[20] isto
[21] Moon B., The English exception ?International perspectives on the initial education and training of teachers,www.ucet.ac.uk/op11.html
[22] Sinthesis Sigma Pilot Projest Teacher Education in Europe: Evaluation and Perspectives,tntee.umu.se/archive/sigma_pp/sigma_pr_en.html

критична гледна точка . Според неа,"суштината на работите е дека некои наставници за цел клас се општо екстремно ефективни , додека некои предметни специјалисти се екстремно неефективни, дури и ако се специјалисти само за еден предмет".[23]

Од изнесеното , можеме да изведеме одредена констатација дека секое ограничување на иницијалното образование на наставниците од основното образование во одредени "граници", само би ја нарушило и повредило неговата природност. Сепак, суштината на иницијалното образование на наставниците од основното образование може да се претстави како сплет од закони и подзаконски акти , правни регулативи, норми и стандарди , институции ,курикулуми, институции за поддршка и тн., и тн.,во функција на почетно оспособување на наставниците за работа со деца во основното образование-одделенска настава.

## 3.2 Континуирано образование на наставниците од основното образование

"Усовршувањето и перманентното - доживотно образование на наставниците стана задолжително и се смета за исто толку значајно како и нивното образование"[24]. На сметка на тоа се јави потреба од дополнително образование на наставниците за кое во Јапонија државата врши "неопходни подготовки за креирање на Национален систем за индуктивна обука за наставници - почетници"[25]. Потребата од усовршување во струката и воспитната работа пред се се огледа во "освежување и проширување на стекнатите знаења, запознавање на наставникот со најновите достигнувања во струката, педагогијата, психологијата и наставната технологија"[26]. Во современите системи се оди кон тоа да планирањето и реализацијата на програмите за усовршувањето и доживотно образование на наставникот, преку индивидуални и групни облици, студиски патувања, вонредните и постдипломските студии, специјализацијата и др., ги "превземаат

[23] подвлечено од Thornton Mary.,Subject Specialists-Primary Schools,UCET,www.ucet.ac.uk/op10.html
[24] Mitrović D.,Moderni tokovi komparativne pedagogije, Svijetlost, Sarajevo, 1981,284
[25] Basic facts and figures about the educational sistem,in Japan,Tokyo,1990,106
[26] Mitrović D.,Moderni tokovi komparativne pedagogije, Svijetlost, Sarajevo, 1981,276

наставничките центри"[27]. Со тоа се смета дека ќе се надминат ограничувањата на работата на колеџот и ограничувањата на наставничката професија кои ги изнесува Асиеду К., велејќи дека : "Работата во колеџот , колку и да е добро испланирана, не може да биде сеопфатна, бидејќи таа ги подготвува луѓето за свет кој се менува. Курсот исто така,не може доволно да ги покрие искуствените детали кои на студентот - наставник, ќе му бидат потребни во исцрпувањето на сите нивоа од индивидуални разлики со кои тој ќе се сретне во нормалната училишна ситуација на работа".[28] Тенденциите во надминувањето на изнесените и бројни неизнесени примедби и потреби се насочени и упатуваат на збогатување на можностите и облиците за усовршување на наставникот и самообразованието како идеал на програмата за образование на наставници.

Можностите и облиците за усовршување на наставникот во информатиката и времето на научно - технолошка кулминација, како што растат потребите, се зголемуваат. Појавата на "Отворениот универзитет" работилниците (workshops), курсевите за обновување (refresher courses) , информациите и семинарите, професионалните читања, демонстративни лекции и др. во суштина ги збогатуваат можностите за усовршување и доживотно образование на наставникот.

Така на пример,"Отворениот" универзитет овозможува слободен пристап до програмите кои тој ги нуди, истовремено не оптеретувајќи го концептот со приемни испити и други услови, задолжителна посета и тн.. Работилниците (workshops ) се места за договарање, соработка и размена на искуство помеѓу наставниците. Средбите (staff meetings) всушност се места за "средби и соочување на мисли и обезбедување форум за креативно мислење"[29]. Курсевите за обновување (refresher courses) се организираат за да ги "корегираат недостатоците во наставничката работа"[30] за постарите наставници и освежување на искуствата со нови сознанија што е во суштина и на конференциите и семинарите. Професионалните читања и

[27] isto,286
[28] Asiedu K.Akrofi,The professional and personal development of the teacher,Nigerija publishers,1985,38
[29] isto,71
[30] isto,70

демонстративните лекции се организираат заради естетско доживување, односно гледање и поставување на прашања од страна на млади наставници. Подвижната наставничка единица(the mobile teacher unit) се состои од специјално обучени наставници со посебна опрема кои патуваат низ земјата во текот на цела година со цел "да го научат секој наставник да ги открие одговорите на сопствените проблеми"[31].

Идеален модел на усовршување на идеална програмата за образование на наставниците за основно образование е самообразованието на наставниците. Тоа претставува свесна, систематска и висока мотивирана активност на наставникот, насочена кон подобрување на квалитетот на наставникот, насочена кон подобрување на квалитетот на наставната практика, училишната работа, својата личност и општеството. Истото претставува : следење на стручна и научна литература, пасивно и активно учество на научни собири, симпозиуми, учество во организирање и реализирање на предавање од својот домен на работа, пратење на мас-медиумските средства за комуникација и вклучување во компјутерските системи. Ваквите активности би значеле перманентно усовршување на наставникот и негов доживотен ангажман на полето на воспитно-образовната работа, во и надвор од училиштето.

[31] Asiedu K-Akrofi.,The professional and personal develepment of the teacher, Nigerija publishers,1985,69

# II. ДЕЛ - МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**1.Предмет на истражување**: Компаративно проучување на иницијалното образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија.

Во истражувањето поконкретно ќе се задржам на:

-институционална поставеност на иницијалното образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија;

-испитување и утврдување на предметната поставеност на иницијалното образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија;

-испитување на структурата на процесот на иницијалното образование на наставниците од основно образование во соодветните институции во Македонија и Англија;

-утврдување на партнерството со училиштата и реализација на менторството, и

-утврдување на институциите за поддршка на ITT и нивниот удел во образованието на наставниците.

## 2.Дефинирање на основните поими во истражувањето

Основни поими во истражувањето се:основно образование; наставник од основното образование во Македонија; наставник од основно образование во Англија; иницијално образование на наставниците од основното образование во Македонија и иницијалното образование на наставниците од основното образование во Англија.

-основното образование е подсистем во системот на образование и воспитание кој во случајот на Македонија се однесува на одделенската настава од прво до четврто одделение, а во Англија ги опфаќа infant schools и Junior schools кои влегуваат во т.н. Primary schools.

- Во случајот,наставник од основното образование во Македонија е лице кое врши воспитно-образовна дејност во основното училиште во Р. Македонија, кое ги опфаќа учениците од прво до четврто одделение.[32]

Наставник од основното образование во Англија е лице кое само,или покрај другото,врши воспитно-образовна дејност во таканаречените "Primary schools" во образовниот систем во Англија, кое ги опфаќа децата од пет до единаесет годишна возраст.

Иницијалното образование на наставниците во основното образование во Македонија подразбира образование на наставниците во институциите за образование на наставници, изразени преку нивната институционална поставеност, нивната предметна поставеност, структурата на процесот на иницијалното образование на наставниците, партнерството со училиштата и реализацијата на менторството и нивната институционална поддршка.

Иницијалното образование на наставниците од основно образование во Англија го подразбира она образование на наставниците во институциите за образование кое е изразено и претставено преку: институционалната поставеност на институциите, нивната предметна поставеност, структурата на процесот на подготовка на наставниците ,партнерството со училиштата и реализација на менторството и нивната институционална поддршка .

**3.Цел на истражувањето** е компаративно проучување на иницијалното образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија, заради извлекување на одредени заклучоци и насоки како можна основа за унапредување на процесот на иницијалното образование на наставниците од основно образование во Р. Македонија.

## 4.Задачи на истражувањето :

1.Утврдување на видот на институциите за иницијалното образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија;

2.Утврдување на видот на курсевите кои се нудат на тие институции;

3.Утврдување на начинот на студирање на курсевите;

[32] Забелешка:Предметните наставници од основното образование во Македонија(V-VIII одд) не се предмет на проучување во овој труд

4.Утврдување на времетраењето на курсевите;

5.Утврдување на основните барања за отворање на ITT курсеви;

6.Утврдување на барањата за прием на студенти;

7.Испитување и утврдување на делокругот на работа за кој се подготвува идниот наставник;

8.Утврдување на карактерот на курикулумите за ITT;

9.Утврдување на организационата структура на курсевите;

10. Утврдување на можноста за избор на предмети од страна на студентите-наставници во процесот на иницијалното образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија;

11.Утврдување на односот помеѓу структурните делови на програмите за ITT;

12.Утврдување на моделите на реализација на курсевите за ITT;

13.Испитување на партнерството со училиштата при ITT;

14.Утврдување на субјектите вклучени во реализацијата на училишниот дел од курсевите за ITT;

15.Утврдување на институциите и домените на нивно делување во правец на поддршка на курсевите за ITT.

## 5.Хипотези на истражувањето

5.1 Општа хипотеза: Иницијалното образование на наставниците од основно образование во Англија е поразвиено од иницијалното образование на наставниците во основното образование во Македонија во својата институционална, програмска и управувачка поставеност.

## 6. Варијабли во истражувањето

6.1Независни варијабли во истражувањето се: видот на Институциите за иницијално образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија и степенот на образование кое истите го нудат; Наставните планови и програми (курикулумите) на Институциите за иницијалното образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија;статути и правилници со кои се регулира работата на

институциите за иницијално образование на наставниците од основно образование и делокругот на работа на наставниците за основното образование во Македонија и Англија.

**6.2 Зависни варијабли** во истражувањето се: начинот на групирање на предметите кои се изучуваат на Институциите за иницијално образование на наставници од основното образование; структурата на предметите според нивната стручност; структурата на предметите според нивната општост; можноста за избор на предмети од страна на студентот-иден наставник; застапеноста на теоретското и практичното во процесот на иницијалното образование на наставниците од основно образование; моделите на иницијалното образование на наставниците од основно образование во рамките на институциите за иницијално образование на наставници;улогата и образованието на субјектите во процесот на реализација на педагошката пракса и карактерот на институциите за поддршка на ITT курсевите и домените на нивно делување.

## 7.Примерок на истражувањето

Примерок на ова истражување ќе бидат: Наставните планови и програми и Статути за работа на Институциите за иницијалното образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија и статути и правилници со кои се регулира работата на институциите за иницијално образование на наставниците од основното образование.

Примерокот Наставни планови и програми и Статути на Институции кои вршат иницијално образование на наставниците од основно образование во Македонија се поклопува со популацијата на ова истражување во делот на Институциите за образование на наставници во Македонија и истото ги опфаќа: Наставниот план и програма на ФУВ-Битола, Наставниот план и програма на Педагошкиот Факултет во Штип, Наставниот план и програма на Педагошкиот Факултет Св. Климент Охридски во Скопје и Институтот за педагогија при Филозофскиот Факултет во Скопје.

Примерокот документи кои го регулираат иницијалното образование на наставниците од основно образование и Статутот за работа на

институциите за образование на наставници од основно образование во Англија ќе го сочинуваат Наставни планови и програми на шест институции за образование на наставници.

Примерокот на статути и правилници кои ја регулираат работата на институциите за иницијално образование на наставниците од основното образование го сочинуваат документи од страна на државни институции,установи и агенции, со кои се уредува нивната и работата на институциите за иницијално образование.

Гледано во основа, примерокот на истражување ќе биде пригоден, поради обезбедување слобода во изборот т.е. достапност на предвидените податоци.

## 8. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Од методите на истражување, во ова истражување ќе биде применет компаративниот метод, кој во себе го вклучува дескриптивниот и експликативниот метод. Со дескриптивниот метод ќе се опишат состојбите со организацијата, примерокот и планот на управување со студиите во иницијалното образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија, а со експликативниот метод истите ќе се објаснат. Компаративниот метод ќе ни овозможи да ги откриеме и утврдиме вистинските вредности на иницијалното образование на наставниците од основно образование во Македонија и Англија, притоа изделувајќи ги оние кои би помогнале во унапредувањето на процесот на образование на наставници од основно образование во Македонија.

Од техниките, во ова истражување ќе биде употребена анализа на документи кои го регулираат иницијалното образование на наставниците од основно образование.

Протоколот за анализа на документи кои го регулираат иницијалното образование на наставниците од основно образование е инструмент за прибирање на податоци за ова истражување, во согласност со определениот метод и техника на истражување и истиот ќе содржи пет категории за бележење на податоци и тоа:

1.институционална поставеност на иницијалното образование на наставниците за основно образование;

2.програмска поставеност на иницијалното образование на наставниците од основно образование;

3.структура на процесот на иницијалното образование на наставниците од основно образование;

4.партнерството со училиштата и реализацијата на педагошката пракса,и

5.институционална поддршка на процесот на иницијалното образование на наставниците од основно образование.

# III.ДЕЛ - АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

## 1.Општи карактеристики на воспитно - образовните системи во Англија и Македонија

### 1.1Воспитно-образовен систем во Англија

#### 1.1.1Развој на школството во Англија[33]

Потребата од целосно согледување на воспитно образовниот систем во Англија , а во тие рамки и на иницијалното образование на наставниците во основно образование, налага да направиме краток преглед на случувањата кои оставиле печат врз современиот образовен систем во Англија.

Долгата историја на англиското школство започнува благодарение на црквените и религиските организации[34], потоа добротворните организации и поединците .

Од 16 и 18 век се претпочитало и џентлменството[35] , кон кое се стремел целиот тогашен, ако така може да се каже, систем на воспитание и образование.

За организиран систем за воспитание и образование во Англија може да се зборува од крајот на 19 век , кога во 1870 год. , е донесен Законот за образование. Со него, покрај другото, се востановил државниот систем на школството во Англија[36], со што се регулирале "...трајните извори на финансирање , локалната училишна управа одговорна за управување со тие училишта , системот на одржување и контрола"[37].

Со Законот за образование од 1902 год. се потенцирала улогата на локалната самоуправа во образовниот систем и на нив им е дадено правото да го " планираат, финансираат и контролираат"[38] тој систем.Со овој закон "признато е постоењето на двоен школски систем"[39] кој и до ден денес постои.

---

[33] Англија е составна единица од Кралството Велика Британија од ( Шкотска и Велс) па поради различноста и специфичноста на секој систем , овде ќе стане збор само за Англија
[34] Potkonjak Nikola.,Sistemi obrazovanja u Engleskoj , SAD i Kanadi , Misao, Beograd, 1980,11
[35] Herrera A .-Mandić P., Obrazovanje za XXI stoljeće, Svijetlost, Sarajevo,1989,19
[36] Potkonjak Nikola, Sistemi obrazovanja u Engleskoj, SAD, Kanadi, Misao, Beograd, 1980,14
[37] Herrera A. -Mandić P.,Obrazovanje za XXI stoljeće, Svijetlost, Sarajevo, 1989,20
[38]isto,20/21
[39]isto,20

Законот од 1918 год. предвидува продолжување на задолжителното образование до 14-та година, а створени се и подобри услови за посиромашните студенти да одат на универзитетите.[40] Со овој Закон после основното образование, воведен е селективен испит т.н. 11 плус (eleven plus).

Во 1944 год. донесен е нов Закон за образование кој го продолжил периодот на задолжително образование до 15-та година и поставил три типа средни училишта, а посебно ја истакнал неприкосновеноста на приватните училишта [41]. Според овој Закон децата почнувале да одат на училиште на 5 годишна возраст, на 11-та го полагале испитот 11 плус и според успехот се селектирале и се определувале во граматичкото (нај успешните), модерното (за послабите ученици) или техничкото училиште.[42]

Со Законот од 1970 год. задолжителното образование прераснува за една година и го опфаќа периодот од 5-16 години , како што е и денес.

Со овој Закон е востановено и т.н. сеопфатно средно училиште (comprehensive school ) [43], за да може истото , на сите ученици да им понуди средно образование, што е чекор кон демократизација на образованието .[44]

## 1.1.2.Современиот образовен систем во Англија

Образовниот систем во Англија , по својата природа , претставува многу сложен систем кој на сите новоа и степени на образование , нуди големи можности како за учениците, така и за родителите , лицата заинтересирани за своја стручна квалификација , преквалификација и оние кои, покрај работата, имаат намера доживотно да се усовршуваат.

Во основа структурата на образовниот систем во Англија може да се претстави на следниов начин:

- 0 – 5 год. предучилишно воспитание ( pre-school education ) ;
- 5 – 16 год. задолжително образование (compulsory-school education)
- после 16 год. , продолжително образование ( further education), и
- после 18 год. , високо образование ( higher education).

---

[40] Herrera A. - Mandić P., Obrazovanje za XXI stoljeće, Svijetlost, Sarajevo, 1989,21

[41] Mitrović D., Moderni tokovi komparativne pedagogije, Svijetlost,Sarajevo,1981,98
[42] isto, 98
[43] isto ,99
[44] Herrera – Mandić P.,Obrazovanje za 21 stoljeće,Svijetlost,Sarajevo,22

а) Preschool education или т.н. Early years, pre – compulsory education and care[45] ги опфаќаат децата под 5 годишна возраст .LEA од 1998 год. имаат изготвено план за развој на малите деца (EYPD). Со овој план се сака да се постигне секое четири годишно дете да добие пристап до слободно образование и предучилишен простор со висок квалитет , како и постигнување на целите за проширување на просторот за тригодишните деца.EYPD исто така ќе ја поттикне интеграцијата на другите предучилишни служби ( services ) како што е детската грижа ( child care ) , организирана да излезе во пресрет на барањата на родителите и децата.

Голем број од децата под 5 годишна возраст посетуваат т.н. nursery schools или nursery classes, кои се во рамките на основните училишта (primary schools) . Некои од децата ги посетуваат групите за игра т.н.(play groups) во волунтаристичкиот сектор или приватните т.н. run nurseries – подвижни предучилишни организации. Акцентот во nursery schools и play groups е ставен на групната работа, креативните активности и насочените игри. Некои од основните училишта во своите рамки ги вклучуваат и децата под 5 годишна возраст во т.н. reception classes.

Во nursery schools децата се групирани според нивната возраст.Од 1989 год. постои препорака на секои 26 деца да има по две воспитувачки, од кои едната би била квалификуван наставник , а другата квалификуван предучилишен асистент .[46]

Што се однесува до финансирањето на предучилишните државни организации т.н. nursery schools и nursery classes , средства за својата работа добиваат од ЛЕА, додека волунтаристичките и приватните предучилишни институции за деца под 3 годишна возраст , својата работа најчесто и во најголем дел ја финансираат со средства од родителите .

б)School education или т.н. задолжително образование (compulsory) трае од 5-та до 16-та година , а се реализира во два паралелни подсистеми и тоа државни училишта (state schools ) и независни училишта ( independent schools ) . Тоа ги опфаќа основните и средните училишта.

---

45 Education and training in Britain -Introduction-Internet file(библиографските податоци непознати)
46 Structures of the education and initial training systems in the European Union, Euridice,1995,384

Основните училишта најчесто ги посетуваат и машки и женски деца заедно, додека не е редок случај средните училишта да едуцираат само машки или само женски , или ко-едукација .[47]

Во Англија постојат неколку вида училишта во зависност од тоа кој ги финансира , кој со нив управува и каде се лоцирани . Така постојат:

Државни ( state) и независни училишта (independent schools) .

Во државните училишта спаѓаат :

-локалните училишта (country schools ) кои се потполно самостојни и се поддржувани од ЛЕА – локалните образовни афторитети;

-волунтаристичките училишта (voluntary schools) во кои спаѓаат волунтаристичките добротворни училишта ( voluntary – aided schools) волунтаристичките контролирани ( voluntary controlled schools ) и училиштата со посебна дозвола (special agreement schools). Овие училишта се обезбедени од волунтаристички тела , во најголем дел тоа се цркви или заеднички асоцијации со црквите .

Тие, исто така, се финансирани и поддржувани од ЛЕА , но најголемо влијание имаат трустовите .

Поддржуваните државни училишта (Grant – maintained schools)[48] се основани и финансирани директно од централната влада.

Специјалните училишта се организирани од страна на ЛЕА за одредени деца кои имаат специјални образовни потреби, иако поголемиот број од нив се образува во обичните (нормални) училишта.

Посебен паралелен систем на училишта во Англија се независните *училишта (independent schools)* . Во нив се школуваат околу 7% од вкупниот број на деца . Овие училишта немаат никаква помош од државата и најголемите финансиски средства ги обезбедуваат од страна на родителите и некои инвеститори. Некои од попознатите независни училишта се нарекуваат јавни училишта (public schools)[49] . Во секој случај овие училишта , исто како и државните , подлежат на контрола од страна на инспекција која се грижи за стандардите , адаптацијата и инструкциите.

---

[47]Education and training in Britain-Introduction-Internet file(библиографските податоци непознати)
[48] www.britishcouncil.org/education
[49] Education and training in Britain-Introduction-Internet file(библиографските податоци непознати)

Средното образование во Англија , како што е кажано, има задолжителен карактер. Истото , во најчест случај зависи од видот на училиштето, трае од 11-та до 16 годишна возраст и се реализира во повеќе видови институции (училишта) .

Во зависност од успехот на учениците постигнат на селекциониот испит 11 плус, учениците се запишуваат во следните типови училишта:

-Гимназиите т.н. (Grammar schools) се класични средни училишта кои се отворени само за најдобрите ученици. Гимназиите нудат општо образование кое учениците би ги оспособило за прием и упис на високошколските институции. Гимназиите се организирани на две нивоа и тоа од 11-та до 16-та година, кога се полага селективен испит по кој дури 70% од учениците го напуштаат училиштето и од 16 до 18 години , по кој испит се стекнуваат со сите права кои ги нуди ова училиште.[50]

Акцентот во овие училишта паѓа на моралното воспитание кое е под контрола на црквата[51] , и физичкото и естетското воспитание.[52] Наставата во граматичките училишта се настојува што повеќе да се реализира менторски.[53]

-Средните технички училишта (technical schools) општото образование го спојуваат со техничкото образование. Тие имаат различно времетраење и тоа од 3 до 6[54] или 7 години.[55] Најдолго траат оние кои подготвуваат за технички или слични колеџи, други добиваат само теоретско образование, а се вработени надвор од училиштето, и трети се стекнуваат со квалификации во текот на школувањето во училишните работилници и кабинети.[56]

Во овие училишта се примаат ученици кои покажуваат склоности кон математиката, физиката и технологијата.

-Модерното средно училиште или училиште од реален тип т.н (secondary modern schools), нуди општо насочено образование од 11-та до 16-та или 17-та и 18-та година, преку избалансирана програма од општа култура, професионално насочување , теоретски предмети и креативни активности.[57]

---

[50] Potkonjak Nikola, Sistemi obrazovanja u Engleskoj,SAD i Kanadi, Misao,Beograd,1980,41
[51] Mitrović D.,Moderni tokovi komparativne pedagogije,Svjetlost,Sarajevo,1989,102
[52] Maleš D.,Obrazovno školovanje u Engleskoj , Osnovne škole u svjetu, Zagreb,1991,45
[53] isto
[54] isto
[55] Potkonjak Nikola, Sistemi obrazovanja u Engleskoj , SAD i Kanadi,Misao,Beograd,1980,40
[56] isto
[57] Herrera M.-Mandić P.,Obrazovanje za xxi stoljeće, Svijetlost, Sarajevo 1989,27

Во не мал број случаи програмите кои ги нудат овие училишта наликуваат на програмите на гимназискиот тип училишта.[58]

Во овие училишта се примаат ученици кои постигнале најслаби резултати на испитот во 11-та година , просечни или под просечни.[59]

Во овие училишта постојат различни насоки (смерови) во кои учениците се оспособуваат за физички и други видови работа.

-Сеопфатните средни училишта т.н. (coumprehensive schools) опфаќаат од 80% [60]до 90% [61]/[62]од сите ученици на средношколска возраст.Во рамките на овие училишта се врши диференцијација на учениците по способности и претходни знаења и истите се делат во три подгрупи одделенија – граматички, технички и модерни.[63]

Од втората година се применува изборност на предметите. Во четвртата година, која за некои ученици е и последна , наставата се реализира менторски . Некои од учениците се определуваат за натамошна специјализација уште една, две или три години.

Суштината на овие училишта е да се надмине големата шареноликост и недемократски начин на реализирање на образованието на учениците.

Специфичен тип на средно училиште се т.н. middle schools (средни – средишни училишта).[64] Овие нижи средни училишта ги опфаќаат учениците помеѓу 8 и 12 или 9 и 13, а во некои случаи и помеѓу 10 и 14 годишна возраст. Овие училишта се јавуваат како реакција за надминување на острата граница помеѓу основните и средните училишта и селекцијата на учениците која се врши во 11-та година. Тоа представува благ премин од неорганизирани форми на работа со учениците ( во основните училишта), до обид за систематска наставна работа.[65]

в) Надвор од рамките на задолжителното образование постојат институции т.н. sixth-form colleges , tertiary colleges .Тие нудат вишо средно образование и можност за упис на некои од високошколските институции или

[58] Miharija I.Školstvo u Velikoj Britaniji (Engleska) (bibliografskite podatoci nepoznati),259
[59] Maleš D., Obavezno školovanje u Engleskoj, Osnovna škola u svijetu, Zagreb, 1991,45
[60] isto
[61] Miharija I., Školstvo u Velikoj Britaniji (Engleska),260
[62] Britcouncil.org/education/inform/sestruc.htm/uk
[63] Maleš D., Obavezno školovanje u Engleskoj, Osnovna škola u svijetu, Zagreb, 1991,45
[64] Singh John, Secondary education in England,Council of Europe Press,1995,10
[65] Potkonjak N., Sistemi obrazovanja u Engleskoj, SAD,Kanadi,Misao,Beograd,1989,36

различни патишта за стручно или професионално образование. На овие институции учениците можат да се префрлат на 16 годишна возраст.[66]Sixth-form colleges се формирани и поддржувани од Советот за поддршка на продолжителното образование (Further Education Funding Councils for England and Wales-FEFCE).[67]

Сите до сега споменати средношколски институции спаѓаат во т.н. државен систем на Англија. Најголем број од нив ( maintained schools ) се основани и поддржувани од нивните локални образовни авторитети (LEA) , а останатиот дел (Grant – maintained schools ) директно се основани и поддржувани од централната влада.[68]

Паралелно на овој државен систем ,постојат волунтаристички и независни училишта кои опфаќаат околку 0,4% од школската популација или повеќе од ¼ од вкупниот број запишани студенти на високо школските институции.[69]

Further education или т.н. продолжително образование е друг сегмент од системот на образование во Англија. За основните карактеристики најдобро зборува интернет страната на Британската влада во која се вели дека:

" – Британските 16 и 17-ет годишници имаат гарантирано место во полното (full-time) образование или тренинг;

-Further education е за луѓе над 16-ет кои посетуват курсеви на различни нивоа за постигнување на стандардите кои се бараат за влез во високото образование ;

-Овие колеџи нудат широк спектар на full time и part time стручни курсеви, како и многу академски и високо образовни курсеви;

-500.000 студенти ги посетуваат full-time курсевите за продолжителното образование во Англија ;

-65% од младите луѓе бараат да се запишат на некои од формите на постучилишно образование..."[70]

---

66 www.britcouncil.org/education/inform/sestruc.htm
67 isto
68 isto
69 Miharija I.,Skolstvo u Velikoj Britaniji (Engleski),261(bibliografskite podatoci nepoznati)
70 www.britcouncil.org/education/fed/fed/fesysfactsfig - htm

Најголем број од further education институциите се државни , а помал број се во приватниот и независниот сектор. Државни институции кои нудат продолжително образование се:

- Колеџи за продолжително образование ;
- Колеџи за технологија;
- Технички колеџи;
- Колеџи за комерција и
- Колеџи за уметност.

Некои високо образовни институции нудат курсеви за продолжително образование како degree courses. Колеџите се почесто се поврзуваат со универзитетите, па така студентите може да студираат одредени курсеви од продолжителното образование и да се здобијат со универзитетски степен (degree) или диплома. Студентите исто така можат да поседуваат два плус два аранжмани, со што првите две години ги поминуваат во колеџите, а наредните се префрлаат на degree курсевите при универзитетите , за да го докомплетираат универзитетското образование на четири години.[71]

Накратко кажано, " институциите за продолжително образование нудат образовни можности за обука на секого во неговата средина , вклучувајќи:

-ученици кои завршиле средно задолжително образование ( schools – leavers ) со желба за упис на пост 16 образование;

-вработени луѓе кои сакаат да ја продолжат својата обука или образование;

-возрасни кои сакаат да се обучат или да студираат за ново работно место , или да добијат подобри квалификации, и

-луѓе кои сакаат да учат нови области или развиваат способности"[72].

Приватните институции за продолжително образование најчесто се однесуваат на полето на генералното образование, англиски и други јазици, комерција и секретарска работа и истите најчесто се full-time courses. Студентите кои се запишуваат на независните институции можат да ја

---

[71] информациите се земени од претходната адреса
[72]www.fefc.ac.uk/information/index.html

искористат публикацијата на Британскиот Совет за акредитации British Accreditation Council (BAC) , за репутацијата на одредени колеџи.[73]

г) За системот на високо образование во Англија (Higher education system ) можат да се кажат следниве работи:

- минимум години за упис најчесто се 18;

-најголемиот број на курсеви траат од 2 до 4 години. Сендвич курсевите кои го вклучуваат и периодот на работно искуство надвор од институцијата може да го прошири траењето на курсот за една година, додека медицинските и ветеринарните курсеви траат пет години;

-Отворениот универзитет ( Open University) е водечка институција во Велика Британија за образование на далечина на чии курсеви се запишани околу 100.000 луѓе на додипломски курсеви за добивање на неформални академски квалификации.[74]

Извори на финансирање на високо образовните институции се:

-средства од централната влада;

-школарина од страна на студентите или локалните власти за покривање на трошоците за школување;

-средства од истражувачки одбори кои поддржуваат индивидуални истражувачки проекти, и

-приватни извори како донации и индустријата која финансира специфични истражувачки проекти.

Нема некоја општа формула за распоредување на средствата од централната влада, туку истите се распоредуваат врз основа на специфичностите на курсот. Исто така, повеќе средства за истражување добиваат оние оддели ( departments) на универзитетите , кои имаат повисока оценка од вреднувањето на нивната работа.[75]

Стандардите за проценка и квалитет на високо образовната институција се движи од еден (најниска) до пет ( највисока) . Таа проценка се врши од страна на Агенцијата за обезбедување на квалитетот во високото образование(The Quality Assurance Agency for Higher education -QAA) и Одборите

---

[73] www.britcouncil.org/education/fed/fed /strucfun.htm
[74] www.britcouncil.org/education/hed/hed/sysfactfig.htm
[75] www.britcouncil.org/education/hed/hed/strucfun.htm

за финансирање на Англија , Велс и Шкотска (The Funding Councils in England Wales and Scotland), секои четири до шест години, а за постигнување на тој квалитет поддршка и помош институциите добиваат од QAA.[76]

### 1.1.3.Наставен план (**Curricullum**)

Се до 1980 год. секое училиште донесувало свој сопствен курикулум, без обврска истиот да се усогласи во поглед на предметите, содржините или методите на работа со училиштата во Англија. Со документот Рамка за училишниот курикулум (A framework for the school curriculum), донесен во 1980 год. од страна на Одделот за образование и наука[77] , се настојувало да се воедначат содржините од задолжителното десетгодишно образование.

Во 1988 год. во училиштата во Англија е воведен Националниот курикулум, со што училишниот систем станал поширок и покохерентен. Курикулумот поставува што учениците треба да учат , на што да се насочи нивното внимание и кои стандарди треба да ги постигнат. Националниот курикулум во Англија и Велс[78] покрива околу 80% од активностите на учениците во училиштето, а останатите 20% се оставени на самостојна, сопствена организација од страна на училиштата.

Курикулумот дефинира и опфаќа четири нивоа и десет основни предмети:

- ниво 1 - до седум годишна возраст;
- ниво 2 - од седум до единаесет годишна возраст;
- ниво 3- од единаесет до четиринаесет годишна возраст, и
- ниво 4 - од четиринаесет до шеснаесет годишна возраст.

Првите две нивоа ја сочинуваат основната примарна фаза (primary phase ) а третото и четвртото ниво ја сочинуваат средната фаза (secondary phase).

Наставниот курикулум се состои од главни (core) предмети и помошни ( foundation) предмет.

---

[76] www.britcouncil.org/education/hed/hed/assessqual.htm

[77] Matijević M.,Osnovna škola u svijetu,Institut za pedagoška istraživanja Fakulteta svečiista u Zagrebu, Zagreb,1991,41

[78] www.britishcouncil.org/education/inform/sestruc.htm ,Англија и Велс имаат ист Национален курикулум

Трите главни предмети се : англиски , математика и природни науки (science) .

Постојат седум помошни предмети опфатени со курикулумот и тоа; технологија , историја , географија, музика, уметност , физичко образование и современ странски јазик.

Сите деца во првите три нивоа мора да ги изучуваат првите девет предмети од горе наведените, а во третото ниво им се воведува и современ странски јазик. Учениците на возраст од 14 до 16 години мора да ги изучуваат предметите : технологија, современ странски јазик и физичко образование, плус или историја или географија или кратки курсеви по двата предмета.

Една од целите на Наставниот курикулум е да покаже дека не само што сите деца се способни да го продолжат изучувањето на голем број понудени предмети од . петта до шеснаесетта година додека ги задоволуваат индивидуалните желби, туку дека тие систематски се воведуваат во бројот на курикуларните теми и димензии (cross-curricular themes and dimensions). Тоа вклучува граѓанско и здравствено образование исто како и прашања за еднаквост на можностите меѓу машките и женските, различните етнички групи, и оние со специјални образовни потреби и со посебна дарба и недостатоци.[79]

Реализацијата на Националниот курикулум и оценувањето во Англија го врши независното тело Афторитети за квалификации и курикулум (The Qualifications and Curriculum Authority in England -QCA) [80].

Со промовирањето на Националниот курикулум бил промовиран и Советот на Национален курикулум ( National Curriculum Council ). Негова улога е да ги следи сите аспекти на курикулумот во училиштето , да помага во програмите за истражување и развој на целите поврзани со курикулумот во училиштата.[81]

---

[79] Singh John, Secondary Education in England,Council of Europe Press,1995,23
[80] www.britishcouncil.org/education/inform/sestruc
[81] Singh John, Secondary education in England, Council of Europe Press ,1995,16

### 1.1.4. Проодност низ системот

Најчеста возраст кога учениците преминуваат од државно основно, во државно средно училиште е единаесет години. Влезот во независните средни училишта е преку заеднички влезен испит (Common Entrance examination), кои се спроведува на возраст од 11, 12 или 13 години.

Со воведувањето на Националниот курикулум воведени се и страндардизирани задачи за проверување ( Standard Assessment Tasks-SATs ) што значи дека , учениците се проверувани на различни нивоа во текот на нивното задолжително образование и тоа на возраст од 7, 11,14 години. SATs се користа како форма на национално, надворешно тестирање (national external), како надополнување на проверките кои ги врши наставникот и на училишните внатрешни тестови и проверки . Тие овозможуваат напредувањето на секој ученик да се измери според единствени Национални стандарди, кои на учениците , родителите и наставниците им даваат мерливост ( слика ) за достигнувањата.

Општиот сертификат за средно образование (The General Certificate of Secondary Education-GCSE) е воведен во 1988 год. и служи како завршен испит за учениците од средните училишта и истиот се полага на 16 плус . GCSE е воведен за да ги подигне стандардите , и да ги провери и награди позитивните достигнувања. Тестот е составен според Национално усогласени критериуми според содржината на програмата .

Со овој испит се проверуваат знаењата по поедини предмети и нивната примена. Различните способности на учениците се земаат во предвид , па така, сите ученици не учат исти работи , и не одговараат на исти испитни прашања. Проверката од страна на наставниците имаат големо влијание врз финалниот резултат на ученикот. Оценките се во скала од седум степени и се бележат со буквите : A, B, C, D, E, F, G.[82] Резултатите од испитот се надополнуваат со записите од учениковиот развој во текот на учебните години кои "даваат слика за способностите и квалитетите на учениците кои не можат да се изразат преку завршниот испит GCSE"[83].

---

[82] www.britishcouncil.org/education/inform/seexams.htm

[83] Singh John, Secondary Education in England, Council of Europe,1995,24-25

А ниво(напредно)(A level-Advanced) се испити кои се полагаат после GCSE и по две години на школување во шестите класови (sixth - form) од средните училишта, шестите класови од терцијалните колеџи или во колеџите за продолжено образование. Традиционално,учениците посетувале курсеви од два или три поврзани предмети , како на пример природни науки или општествени науки. Под влијание на помалку конвенционалните курсеви во високото образование, се почесто се практикува помалку традиционалната комбинација на A level испитот. Постојат пет степени на положеност на тестот, од А до Е , и Н оцена со која кандидатот не го положил тестот. Неодамна е воведена супер А оцена ( super A grade) за да се откријат најдобрите кандидати.

AS levels (advanced supplementary ) е испит кој исто така, се полага после sixth-form classes , на возраст од 18 плус. Целта на AS level е да ги прошири sixth-form студиите над традиционалните предмети.Тие се дизајнирани да покријат половина од времето на школување од A level , но се подложни на истите стандарди и се изучуваат како две годишни курсеви. Две AS нивоа се еквивалент на едно А ниво и при прием на Универзитетот се прифатени како постигнато едно А ниво.

Општите Национални стручни квалификации (General National Vocational Qualifications -GNVQs) нудат нови можности на студентите над 16 годишна возраст , со поширока основа од стручни знаења и вештини во подготовката за работа или за влез во високото образование.

Постојат три нивоа : основно - foundation; средно - intermediate ; и напредно - advanced. Студентот може да одбере целосен GNVQ заедно со други квалификации како GCE - A level , AS courses, неколку GCSE или дополнителни GNVQ.[84]

Покрај наведените, постојат и други програми и испити кои најчесто се поврзуваат со интернационални студии и школување на кандидати надвор од Англија.

[84] www.britishcouncil.org/education/informs/seexams.htm

## 1.1.5. Институции задолжени за функционирање на образовниот систем во Англија

Образовниот систем во Англија е поддржан со голем број институции кои својата работа ја насочуваат, покрај другото и на унапредување на ефективноста и ефикасноста на целиот систем , преку покривање на одделни области и сегменти од истото. Поважни институции кои на еден или друг начин се грижат за добро функционирање на системот покрај другите[85] се : DfEE, QCA, FEFC, HEFCE и QAA.[86]

Одделот за образование и вработување (Department for Education and Employment-DfEE) е владина институција која има за цел "да му даде на секого шанса преку образование обука и работа да ги реализира сите свои потенцијали и да придонесе за подобро општество и конкурентна економија".[87]

Посебно , Одделот е концентриран на реализација на три главни задачи:

1. сигурност дека сите млади луѓе полнат 16 години со способности, ставови и лични квалитети кои ќе им дадат основа за натамошно учење работа и граѓански статус во светот кој рапидно се менува .

-Посебно со подобрување на писменоста и способноста за сметање во основното училиште, достигнувањата на учениците во средните училишта и поддршка на семејството преку раното образование и можноста за соодветна и добра грижа на децата во средината;

1.за секој да ја развива желбата за доживотно учење (life long learning) , да се подобри нивниот живот и можноста за вработување во променливиот пазар на трудот и

2.помагање на невработените да најдат работа.[88]

Афторитети за квалификации и курикулум (The Qualifications and Curriculum Authority-QCA) е формирана 1997 год. Таа ги обединува работата на Националниот Совет за стручни квалификации (Nacional Council for Vocational

---

[85] некои од установите, агенциите и др. кои непосредно се вклучени во ITT ќе бидат разгледани во компаративниот дел од текстот

[86] врска со овие исnтитуции на www.eduweb.co.uk/staff/prof/profass.asp

[87] www.dfee,gov.uk/insidedfee/

[88] делот од текстот е позајмен од:www.dfee.gov.uk/insidedfee/

Quafications-NCVQ) и Афторитетите за училишен курикулум и проверување (School Curriculum and Assessmend Authority-SCAA),со дополнителни права и обврски, со што истата дава единствен преглед на курикулумот , проверувањето и квалификациите во текот на целото образование и обука (training) , од предучилишно, до високо стручно ниво.

Основна должност на QCA е да го советува државниот секретар за образование и вработување за сите работи поврзани со училишниот курикулум , проверувањето на учениците и квалификациите понудени во училиштата колеџите и работните места. Клуч на тоа е создавање на кохерентна (единствена) Национална рамка на квалификации ...

Преку оваа работа QCA придонесува за развој на јавното мислење (public policy ) за образованието и обуката.

Фунциите и одговорностите на QCA опфаќаат :

- развој на целите на учење за деца под 5 годишна возраст;

- одобрување на шема на проверки за децата кои влегуваат во основното училиште;

- следење-мониторинг на Националниот курикулум и неговата проверка ;

- продолжување со развојот на Националната проверка на 7, 11, 14 годишна возраст;

- развој на начини за одредување на цели за подобрување од страна на училиштата;

- развој на кохерентна Национална рамка на квалификации;

- обезбедување и проверка на квалитетот на сите јавно поддржани квалификации понудени во училиштето , колеџите и работните места;

- спроведување на истражувања за поддршка на сопствени предмети и оценување на нивната ефикасност;

- следење на меѓународниот развој и компарација за обезбедување на рано усвојување на најдобрата практика;

- промовирање на квалитет и кохерентност во образованието и обука за зголемување на можностите за доживотно учење и создавање на општество кое учи;

- постојано набљудување и потрага по подобрување на сопствената ефикасност и ефективност.[89]

Советот за поддршка на продолжителното образование(Further Education Funding Council for England-FEFCE)- е основан во 1992 год. и истиот се грижи за продолжителното образование и за луѓето кои сакаат да продолжат со учење после напуштањето на училиштето. Советот блиску соработува со локалните власти дава обука и совети на фирмите , LEA и бизнис интересентите.

Некои од целите на FEFCE се :

1.низ цела Англија да обезбеди доволна и адекватна помош за сите институции за продолжително образование да можат да одговорат на барањата на студентите , вклучувајќи ги и оние со тешкотии во учењето и / или неспособните и општините во кои тие живеат.

2.да го зголемува и проширува учеството во продолжителното образование , за да придонесе за социјален и економски развој;

3.да придонесе за развој на високо квалификувана и работоспособна сила...;

4.да ги промовира тековните подобрувања на квалитетот на продолженото образование за да ги максимизира достигнувањата на студентите;

5.да ги промовира улогата , потенцијалот, придонесот на продолженото образование....

Приоритети во работата на FEFCE се :

- проширување на учеството во продолженото образование;

- обезбедување на задоволителна подготовка за 16 до 19 годишна возраст ;

- подигање на стандардите и постигнувањата ;

- промовирање на партнерство , соработка , рационализација;

- развој на информатичко и комуникациско-технолошка структура соодветна на 21 век, и

- подобрување на финансиската моќ на овој сектор.[90]

---

89 делот од текстот е позајмен од:www.qca.org.uk/about-qca/ovabint 4.htm
90 www.fefc.ac.uk/information/corporate aim sandobjectives.html

Советот за поддршка на високото образование (Higher Education Funding Council for England-HEFCE),е формиран 1992 год. и се занимава со финансирање на единствениот сектор за високо образование. Негова основна мисија е да ги поттикнува сродните институции на пример универзитетите , да разменуваат студенти, персонал - вработени и извори - ресурси , а сепак да останат конкурентни.[91]

Некои од неговите стратешки цели се :

- да промовираат високи стандарди на образование за да го унапреди знаењето, да го поттикне иновирањето , да го зголеми искуството на студентите од учењето и перспективите за вработување;

- преку консултација, истражување и проценување да го промовираат високото образование;

- да придонесат за развој на високото образование во Британија и прекуморските земји и преку учење од меѓународното искуство да помогнат во промовирање на репутацијата и конкурентноста на Британското високо образование во странство;

- да ги поттикнуваат институциите за подобрување на пристапот , да обезбедат еднакви можности, да го поддржат доживотното учење и да ги максимизираат постигувањата на сите кои што можат да извлечат корист од високото образование.[92]

Агенцијата за обезбедување на квалитетот во високото образование (The Quality Assurance Agency for Higher Education- QAA) е формирана со претплата од страна на самостојните универзитети и колеџи за високо образование за кои што истата им ги обезбедува следниве услуги:

-Ревија на критика за ротирачките програми на предметите која дава проценка на квалитетот на курсевите понудени од институциите , со посебен акцент на квалитетот на поучувањето…

-Проверувањето се прави според поставените цели на институциите, а не според националните норми.

---

[91] Lawton Denis - Gordon Peter,Dictionary of Education, Hodder & Stoughton, (останати библиогафски податоци се непознати)

[92] делот од текстот е позајмен од:www.hefce.ac.uk/Abaut Us/Mission.htm

-Ротирачка програма на институционална критика фокусирана на управувачкиот и административниот систем;

- Развивање на проверувањето на излезот (output) ;

- Зголемување на квалитетот , вклучувајќи го и ширењето на добрата практика .

Покрај другите , оваа агенција соработува и со HEFCE.[93]

### 1.1.6. Образование на наставниците во Англија

За да може да се дојде до основната цел на овој труд, а тоа е компарирањето на системите за иницијално образование на наставниците за основно образование, потребно е давање на основните рамки во кои истото се одвива, пред се , каква е вкупната организација на иницијалното образование на наставниците во Англија и Македонија, за што подоцна ќе стане збор.

#### 1.1.6.1 Генеза на развојот на образованието на наставниците во Англија

Првите установи за образование на наставниците за основните и средните училишта се појавуваат со појавата на законските прописи за задолжително образование и тоа кон половината на 19 век, како плод на иницијатива на поединци или црковни афторитети.

Во 1846 год. е основан првиот учителски колеџ , а 1972 год. и првата катедра по педагогија во Англија. До 1911 год. такви студии се отвориле и во Единбург , Кембриџ и други универзитети и истите нуделе тригодишни студии кои подготвувале само за учители. Во 1911 - та година се отвораат четиригодишни студии за идните наставници во средните училишта.

Ваквата динамика на развојот на школскиот систем во Англија условила длабоко всадување на традицијата во него , што, на само себе својствен начин, покрај денешниот еклектички карактер , сеуште се одржува и негува.

93 делот од текстот е позајмен од:www.britishicounsil.org/education/hed/hed/assessqual.htm

Потребата од забрзан развој на Англија по Втората светска војна посебно ја нагласува важноста на наставниот кадар. Тоа е потврдено во 1944 год. со донесување на Законот за образование, со кои се превземаат мерки за единственост на системот за образование на наставници, после што изникнале седумнаесет Институти за образование на наставници при Универзитетите.

Сепак, разликата меѓу Универзитетските одделенија за воспитание и наставничките колеџи сеуште постоела. Колеџите до 1960 год. траеле две години, после кои најголем број наставници се вработувале во основните училишта, а некои и во средните.

Наставниците за стручни училишта се подготвување во специјализирани наставнички колеџи, а за други средни училишта и некои приватни училишта , своето образование го стекнувале на одделенијата за образование при универзитетите, на два вида студии: тригодишни студии и едногодишни курсеви за професионално образование.[94]

Во 1971 год. на барање на владата , сите наставници морале да имаат универзитетски дипломи , што само по себе , претставувало подигање на степенот на нивното образование.

Директната причина за надминување на дуализмот во системот на образование на наставници по однос на степенот на ITT кои тие го нудат , било донесување на Национален курикулум кој , по еден след на работите, сите ги поставил пред свршен чин. Тоа било причина за донесување на Рамката за барањата за квалитет и стандардите за иницијалното образование на наставниците (Framework for the Assessment of quality and Standard in ITT)[95], во кои се поставени рамките на делување на ITT провајдерите кои нудат ITT курсеви.

### 1.1.6.2 Современа поставеност на иницијалното образование на наставниците за основно образование во Англија

Современата поставеност на иницијалното образование на наставниците за основното образование во Англија накратко може да се

[94] Mitrović D., Moderni tokovi komparativne pedagogije, Svijetlost, Sarajevo,1980,110/111
[95] За ова ќе стане збор во понатамошниот текст

претставни преку следниве основни белези , кои подоцна ќе доживеат своја елаборација:

- скоро сите наставници во Англија и Велс поминуваат низ одобрен курс на ITT кои води кон добивање на QTS ;

- курсевите за ITT се организирани од универзитетите и другите високо образовни институции од кои најголем понудувач е Отворениот Универзитет ( Open University);

- курсевите се исто така обезбедени од страна на училишните конзорциуми ( consortia of schools) ;

- недипломираните обично се квалификуваат преку посетување на три или четри годишни курсеви во кои што изучувањето на предметите и професионалната обука се одвиваат напоредно;

- дипломираните студенти кои сакаат да ја извршуваат професијата наставник поминуваат една година PGCE(Postgraduate certificate of education) ;

- возможно е да се стане квалификуван наставник (QT) преку обука во текот на работата INSET (In-service training) ;

-ITT во Англија е поддржана од TTA.[96] Таа е одговорна за давање акредитации на институции кои нудат ITT[97] .

## 1.1.6.3 Стандарди за добивање статус на квалификуван наставник (**Standards for the Awars of QTS** )

Сите кандидати кои сакаат да добијат QTS, од 1998 год. па наваму , мора да ги исполнат стандардите кои се дадени во документот (circural 4/98) објавен од страна на DfEE[98] . За да се каже дека некој кандидат успешно го завршил курсот или програмата за ITT , тој мора да ги исполни сите стандарди.

Сите курсеви мора да вклучуваат и проверка на сите кандидати за да се осигураат дека тие ги исполнуваат сите поставени стандарди.

QTS мора да ги задоволат сите кандидати кои работат во државните училишта maintained school. Статусот се стекнува со успешно завршување на ITT курс во соодветна институција во Англија и Велс и тоа во текот на , или

[96] Обработката е во натамошниот дел од текстот
[97] www.britishcouncil.org/education/teached/teach/infote.htm
[98] www.TEACH - tta.GOV.UK/TEACH/HOWdoi/QTS.htm

после дипломирањето на некои од универзитетите или високо образовните институции кои нудат курсеви за такви дипломи.

Стандардите се групирани во четири групи со следниве подрачја:

1.Знаење и разбирање ;

2.Планирање , поучување и раководење со одделението;

3.Набљудување , проверување , снимање , известување и одговорност, и

4.Други професионални барања.

Стандардите, како што стои во циркуларот мора да бидат прецизни, експлицитни и проверливи и да дадат точна основа за доверливо и доследно доделување на QTS,без разлика на начинот или типот на обука кои водат до QTS.

Иако стандардите се дадени пооделно и секој за себе мора да ги исполни , неопходно е на нив да се гледа како на целина за да се процени креативноста, одданоста кон професијата, енергијата и ентузијазмот, интелектуалните и раководните способности кои ги бара наставничката професија.

Најголем број од институциите за образование на наставници за основно образование користат различни методи на оценување , вклучувајќи проверување преку менторите во училиштата. Секој наставник во Англија полага Национални, стандардни тестови по сметање , писменост и информатичко-комуникациска технологија (ICT) во одредени периоди од обуката . Кога еднаш наставникот ќе се здобие со QTS потоа тој тоа ќе мора успешно да го комплетира со воведниот период т.н. induction period, за да стане подобен за реализација на наставата.

## 1.1.6.4 Национални курикулуми за ИТТ (**Nacional curricula for ITT in England**)[99]

Конечната верзија на овие Национални курикулуми потекнува од заеднички нацрт план насловен како Рамка за проверување на квалитетот и стандардите во ITT (Framework for the Assesment of quality and Standards in ITT) ,

[99] www.dfee.gov.uk/circulars/4_98/sumreq.htm

донесен во 1998 год. од страна на TTA и OFSTED.Истиот подоцна е ревидиран од сознанијата и согледувањата на DfEE во правец на поедноставување на областите на кои ќе се врши инспекција(контрола).

Националните курикулуми за ITT претставуваат клучен елемент во плановите на владата за подигнување на постигнувањата во јазичната и нумеричка писменост и во постигнувањето на напредок во националните цели. Со нив се придонесува за подобрување на употребата на информатичко-комуникациската технологија во наставата. Курикулумите го определуваат неопходното ( есенцијално) количество на знаење, разбирање и вештини со кои кандидатите за наставници мора да се стекнат и да бидат способни да го користат при предавањето на предметите кои ги изучуваат учениците.

Курикулумите не покриваат се што треба да научи кандидатот за наставник , туку да ја повторуваат содржината на Националниот курикулум за учениците. Тие ја поставуваат основата што кандидатот треба да ја поседува.

Курикулумите не го одредуваат моделот на курсот или шемата на работа. Тоа е оставено на оние кои го нудат тој курс за образование на наставници (providers) . Тие треба да се раководат од курикулумите како основа при креирање на курсевите .

## 1.6.5 Воведен период -**Induction period**[100]

Периодот потребен за практично воведување на наставникот во работата (кај нас приправник) во Англија е наречен воведен период за новоквалификуваните наставници(Induction period for newly qualifild teacher) и *истиот темелно и детално е разработен во circular br.5 од 1999* год., одбјавен од DfEE .

Во првите негови редови се вели дека со Актот за обука и високо образовние- The teaching and Higher Education Act од 1998 год. се воведуваат насоки за сите ново квалификувани наставници ( Newly Qualified teachers - NQTs) кои ќе бидат мост помеѓу ITT и ефективната професионална пракса. Оваа програма би требало на NQTs да им обезбеди поддршка во првите години од нивната работа и да ги оспособи за давање на својот максимум во

[100] www.dfee.gov.uk/circulars/5_99/5_99.htm

работата, да даде поддршка во подобрување на училиштето и подигнување на училишните стандарди.

Програмата дава основа за понатамошен професионален развој на новоквалификуваните наставници.

Суштината на овој период накратко може да се искаже на следниов начин:

-воведниот период најчесто трае една академска година за наставниците со полно работно време, а за останатите , во зависност од типот на училиштето и начинот на реализација на наставната програма , се пресметува времетраењето на воведниот период;

-воведниот период се реализира во училиштата кои за таа намена ги има определено LEA и DfEE ;

-само наставниците со QTS може да започнат со реализација на овој период;

-вработениот NQT во училиште кое нуди воведен Induction period, најмалку едно полугодие му се смета во воведниот период;

-воведниот период вклучува комбинација од мониторинг, поддршка и проверување , кои меѓу себе се поврзани;

-NQT изготвува индивидуална програма за воведниот период со трите споменати сегменти за да се утврди дека тој е запознат со барањата во тој период и дека ќе биде правилно проверуван;

-Во организацијата и реализацијата на воведниот период своја улога и одговорности имаат директорот (headteacher of school) кој има за задача непосредно да го води NQT во воведниот период тн.водач на процесот (line menager).[101] и соодветно тело со задача да го следат и обучуваат NQT во текот на воведниот период и да проценуваат дали тој ги достигнал стандардите пропишани за овој период ,со помош на воведен тутор (induction tutor) , кој е постар член на колективот или искусен наставник.

### 1.1.6.6 Како до наставничкиот позив во Англија ?

Во Англија постојат пет рути за да се стане наставник во училиште.

1.Постдипломскиот сертификат за образование,понатаму PGCE (Post Graduate Certificate of Education)

Ова е едногодишен курс за дипломирани ( graduates ) студенти или за оние со едвивалентни квалификации, од кои повеќето се обучуваат за наставници во средни училишта .

2.BEd или BA е три или четиригоишен курс кој води до професионална диплома .Постои и две годишен BEd со траење од две години INSET за наставници практичари без диплома .

3.Учител со дозвола (Licence teacher scheme) воведена во 1989 год . за кандидати над 26 гидшна возраст со најмалку две години во високото образование. Тие се избрани од LEA и го минуваат поголемиот дел од курсот во училиштата. На крајот од курсот може да добијат и QTS .

4.Article Teacher Sheme е воведена 1990 год. и е отворено само за дипломирани студенти. 80% Од траењето на курсот го поминуваат во училиштата. Од 1993 год. курсот е наменет само за наставници во основното училиште.

5.Шема на Отворениот универзитет(Open University Sheme) се практицира од 1984 год и е нامената за дипломирани студенти кои се вработени со полно работно време, но не во наставата. Курсот трае 18 месеци, а поголем дел од учењето се изведува преку учење на далечина (distance learning). Студентите поминуваат два семестри пракса под контрола (supervised).[102]

## 1.2. Воспитно - образовниот систем во Македонија

### 1.2.1 Развој на школството во Македонија

Според пишувањето на проф. д-р. Камберски К. “ во својата долговековна историја, а особено почнувајќи од светителот Климент

[101] www.dfee.gov.uk/circulars /5_99/5_99.htm
[102] Lawton D.- Gordon P.,Dictionary of Education, Hodder & Stoughtron ,208-209

Охридски и познатата Охридска Книжевна школа ,од 9-ти век, македонскиот народ создал богата културно - просветна традиција која ја пренесувал од поколение на поколение во борбата за опстојување и зачувување на својот идентитет. За жал, - како што вели професорот, - се до завршувањето на Втората Светска војна тој не успеал да формира свој Национален систем на воспитание и образование , бидејќи постојано се наоѓал под туѓинска власт"[103].

По ослободувањето , со Народноослободителната борба (1941-1945 ) "Македонскиот народ , за прв пат во својата историја и долговековна борба за Национална и социјална слобода се избори за своја државност , а со тоа се здоби и со услови и можности да изградува и развива свој систем на воспитание и образование"[104].

Ваквите услови и околности упатуваат на ставот за "скромна традиција"[105] на предучилишното воспитание и образование и "недоволна развиеност"[106] на основното воспитание и образование.

Сепак, растењето на овие два подсистеми во образовниот систем на Македонија можеме да го согледаме преку неколку податоци.

Ако пред војната во забавиштата биле вклучувани деца во годината пред поаѓање на училиште , и тоа во 31 забавишна група[107], веднаш после ослободувањето се основале детски градинки кои опфаќале деца од 3 до 7 години и забавишта за деца од 4 до 7 години.[108] Првите го добиле епитетот социјални установи поради тоа што услов за прием било "мајката вистина да е на работа преку ден , надвор од куќата "[109], додека вторите имале статус на установи за предучилишно воспитание на децата[110].

Правилникот за организација и работа на детските градинки (1950) ,

---

[103] Камберски К., Од буквар до Универзитет,Просветно дело,Скопје,1994,5
[104] исто
[105] Камберски К.,Предучилишното и основното воспитание и образование во Р.Македонија, Филозофски факултет, Скопје,2000,11
[106] исто ,37
[107] исто,11
[108] исто
[109] Камберски К.,Од буквар до Универзитет,Просветно дело, Скопје, 1994,132-133
[110] Камберски К.,Предучилишното и основното воспитание и образование во Р.Македонија, Филозофски факултет,Скопје,2000,11

бил чекор поблиску до донесувањето на Законот за установи за предучилишното воспитание во 1959 год., со кои детските градинки и забавишта се дефинираат како “самостојни општествено-воспитни установи” за деца од 3 до 7 год.[111]

Со Законот од 1974 год. воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст станува и формално составен дел на глобалниот “воспитно образовен систем”[112] и истиот опфаќа деца од 1 до 7 годишна возраст . Со овој Закон за прв пат се третира и прашањето за децата со пречки во развојот.

Денешната поставеност на предучилишното воспитание и образование е врз основа на Законот на предучилишното и основното воспитание и образование од 1983 год.

Одделувањето од црквата и задолжителното и бесплатното основно образование со седумгодишно траење и опфат на деца од 7 до 14 години[113] , се придобивките од Уставот на Македонија донесен 1946 година, со кои се прави голем исчекор напред од констатацијата за негова недоволна развиеност.

По иницијативата за осумгодишни училишта (1950-1951) , задолжителното осумгодишно школување е воведено со Општиот Закон за Школство од 1958год..[114]

Корените на својот развоен пат средното воспитание и образование ги има во првата средна институција во Македонија отворена во 1857 год. во Велес.[115] Од 41 средно училиште од кои 22 нижи стручни , 3 средни стручни , 2 трговски академии, едно медицинско, 1 учителско училиште и 12 гимназии пред војната[116], средното воспитание и образвание преку одлуките на АСНОМ 1945 год. и општиот Закон за школство од 1958 год. се поставуваат основите на нов и современ подсистем на средното образование, во рамките на системот на воспитание и образование. Промените од 1958 год. се однесуваат на напуштање на концептот на нижи и средни училишта (кој до тогаш постоел) и “Гимназијата организационо се трансформира во

[111] исто,12
[112] исто
[113] исто,(повеќе во цитираното дело),37-38
[114] исто,38
[115] (види повеќе)Камберски К., Од буквар до Универзитет, Просветно дело,Скопје,1994,94
[116] Камберски К., Од буквар до Универзитет,Просветно дело,Скопје, 1994,94

четиригодишно (I - IV) средно општо образовно училиште"[117], а средните стручни училишта преминуваат на "оспособување специјализирани стручни кадри ...", а се полага и на проширување и развој на мрежата на средни училишта . Со работата на Филозофскиот факултет неофицијално во април 1946год., официјално ноември и фактички декември истата година[118], започнува развојот на високото образование во Македонија. До 1949 год. отворени се уште неколку факултети со што таа година е конституиран Универзитетот во Скопје.

Универзитетот во Битола како помлада институција настанува со здружување на осум високо образовни и научни организации во 1979 год. Од неговото формирање до денес кон Универзитетот се имаат приклучено уште четири членки, со што нивниот број се зголемува на единаесет[119].

Овие два Универзитети, денес претставуваат единствени високо образовни институции, покрај тоа што во Законот за високо образование се дава можност за основање на приватна висока образовна установа "... во составот на приватен Универзитет и надвор од него , како самостојна високо образовна установа" . [120]

## 1.2.2 Поставеност и структура на образовниот систем во Македонија

Образовниот систем во Македонија се состои од:

-Предучилишно воспитание и образование (од 1- 7 годишна возраст);

-Основно образование ( од 7до 15 годишна возраст);

-Средно образование ( 15 до 18 годишна возраст);

-Високо образование ( над 18 години);

-Институции за образование на возрасни ;

-Установи за специјално воспитание и образование.

а)Предучилишното воспитание и образование се реализира во два вида на институции:

---

[117] исто, 150
[118] исто,108
[119] Универзитет,Св.Климент Охридски,Битола,1999,40-43(монографија)
[120] Законот за високо образование, Службен весник на Р.Македонија, бр.64/2000

“ а) организации за згрижување и воспитание (неофицијално именувани како детски градинки или предучилишни установи) и

б) забавишта при основните училишта “[121].

И во првите и во вторите , воспитно образовната работа се изведува на македонски јазик , односно на јазиците на националностите. Во детските градинки децата се организирани во воспитни групи според возраста , и тоа : од шест месеци до две години - јаслена група ; од две до три години - прва мала група; од три до четири години - втора мала група; од четири до пет години - средна група и голема група од пет до седум години.

Забавишните групи при основните училишта работат во состав на основните училишта и опфаќаат деца од 5 до 7 годишна возраст. Во овие групи децата афтентично се подготвуваат за условите и програмите кои ги очекуваат во училишниот период во нивниот развој.

Составен дел од предучилишното воспитание и образование се и воспитните групи со полудневен престој , кои можат да бидат во рамките на двете гореспоменати установи , како посебни работни единици, со една заедничка цел , успешно подготвување на децата за училишниот период кој ги очекува.

б)Основното образование во Македонија се темели на следниве принципи[122]: трае осум години, е задолжително за деца од 7 до 15 години; се организира во основни училишта , чија дејност е од јавен интерес; воспитно-образовната работа во основните училишта се изведува на македонски јазик и кирилско писмо, а за националностите и на јазикот и писмото на националностите; не е дозволено верско образование во основните училишта ; основното училиште е јавна (државна) установа и не се допушта отварање приватно училиште за основно образовние.[123]

Училишта во кои се реализира основното образование се :основни училишта , посебни (специјални ) училишта и паралелки за основно

[121] Камберски Киро,Предучилишното и основното воспитанието и образованието во Р.Македонија, Филозофски факултет, Скопје,2000,17

[122] види повеќе во Камберски К.,Предучилшното и основното воспитание и образованието во Р.Македонија , Филозофски факултет , Скопје,2000,47

[123] Закон за основно образование, Службен весник на Р.Македонија бр.44/95

образование на деца со пречки во развојот, установи за основно образование за возрасни, училишта за музичко и балетско образование и други установи , како детски (пионерски ) домови, ученички домови и друго.[124]

Основното училиште , покрај веќе кажаното, формално е поделено на два дела:

1. одделенска настава - од прво до четврто одделение,и
2. предметна настава - од петто до осмо одделение.

Одделенската настава континуирано и самостојно ја изведува еден наставник , додека предметната настава ја изведуваат повеќе наставници, специјалисти по одреден предемет.

Има два вида основни училишта : централни осум годишни училишта, и подрачни, кои се во рамките во централните основни училишта и каде најчесто наставата се изведува на ниво на одделенска настава (неретко во комбинирани одделенија).

Посебните (специјални) основни училишта се наменети за воспитание и образование на деца со посебни образовни потреби и деца со пречки во психичкиот и физичкиот развој.

Установи за основно образование на возрасни се организираат во рамките на Работничките Универзитети низ земјата и имаат за цел намалување на алфабетската неписменост во земјата и стручно оспособување на лица кои немаат вработување[125].

Установите за основно музичко и балетско образование имаат за цел да ги унапредат посебните интереси и афинитети на децата , паралелно со редовното школување во основното училиште.

Други установи кои нудат основно образование се ученичките и детските домови.[126]

в) Средното образование во Р. Македонија ги опфаќа учениците на

---

[124] Камберски К.,Предучилишното и основното воспитание и образование во Р.Македонија , Филозофски факултет, Скопје, 2000,48

[125] исто,145

[126] ПовеЌе од Камберски К.Предучилишното и основното воспитание и образование во Македонија,Фил.Факултет,Скопје, 2000,54-55

возраст од 15 - 18 години, за редовните , но и повозрасни лица кои имаат намера да го заокружат своето средно стручно образование.

Средното образование се реализира во средните училишта кои во најголем број случаи се државни , а незначителен број приватни[127]. Приватните училишта наставата можат да ја изведуваат и на странски јазици [128], а во државните , и на јазиците на националностите. Училиштето почнува со работа по донесување на верификација од страна на Министерството. Сите Наставни планови и програми ги донесува Министерот.

Постојат Наставни планови и програми за :

- гимназиско образование;
- стручно образование;
- средно уметничко образование, и
- средно образование за хендикепирани лица.

Гимназиското образование се реализира во гимназиите и истото трае четири години. Тоа се базира на општо образовна програма која ученикот го подготвува за упис на високошколска установа . На крајот од четвртата година учениците полагаат матура, освен оние кои континуирано , во текот на сите четири години покажале одличен успех.

Оценувањето на учениците се врши како и во другите средни училишта со оцена од 1(најниска) до 5 (највисока).

Наставници во средното образование можат да бидат лица со соодветно високо образование стекнато на други факултети (ПМФ, Економски , Правен итн.) , и се здобиле со педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветни факултети и имаат положено стручен испит. [129]

Стручното образование се реализира во т.н. средни стручни училишта. Во нивни рамки, постојат следниве струки или група на струки: земјоделско-ветеринарно, шумарско-дрвопреработувачка, рударско геолошка и металуршка , машинска , електротехничка, хемиско - технолошка, текстилнокожарска, графичка, градежна, геодетска, сообраќајна , угостителско-туристичка, економско - правна и трговска , здравствена, лични

---

[127] Закон за средно образование, Сл. Весник на Р. Македонија , бр.44 од 1995год. (основни одредби)

[128] исто

[129] исто (член 59)

услуги и уметничка.[130] Времетраењето на струките е различно и тоа од две до четири години. Четиригодишните струки овозможуваат упис на високошколските институции [131] .

Наставници во средните стручни училишта може да бидат со исто образование како и оние за гимназиско образование, со тоа што, за наставниците во средно балетско училиште потребно е лицата да имаат завршено средно музичко образование и имаат пет години практика во играње балет, а се здобиле со педагошко психолошка подготовка на соодветен факултет и имаат положено стручен испит.

Наставниците во средното образование за хендикепирани ученици може да бидат лица со високо образование, а кои се здобиле со соодветно дефектолошко образование и положен стручен испит[132].

г)Високото образование во Македонија е регулирано со Законот за високо образование од 2000 - та год. [133]и во него стои дека високо - образовни установи се :Универзитет, Факултет и висока стручна школа. (член 4)

"Универзитетот е највисока афтономна високообразовна научна , односно уметничка установа во која се основани факултетите, односно високи стручни школи…" (член 15)

Факултетот во вршењето на високообразовна , уметничка , научно истражувачка и применувачка дејност, покрај другото :

-врши високо образовна дејност како додипломски, постдипломски и докторски студии во една или повеќе сродни односно, меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини , односно уметничка дејност во една или повеќе сродни уметнички области и се грижи за нивниот развој;

- се грижи за унапредување и учествува во планирањето , утврдувањето, и развојот на вкупниот образовен систем во Републиката во областите за кој е матичен;…

… - остварува научна и уметничка соработка со сродни високо образовни и научни установи во земјата и странство;

---

[130] Образовни профили во средното стручно образование, МОФК и ПЗМ, Скопје, 1996, 4-5
[131] исто,23
[132] Закон за средно образование , Сл. весник на Р. Македонија ,бр:44/95( член 59)
[133] Закон за високо образование,Сл. Весник на Р. Македонија , бр.64/2000

-во остварувањето на соработката со сродни високообразовни и научни установи во земјата и странство организира научни и уметнички собири , симпозиуми, семинари , советувања и други видови на собири и обезбедува материјални и просторни услови за нивно одржување. (член 18)

“ Високо стручната школа врши високообразовна дејност во областа на една или повеќе сродни, односно заемно поврзани струки и се грижи за нивниот развој.

Високата стручна школа остварува високообразовна дејност како додипломски стручни студии , специјалистички стручни студии и применувачка дејност…”. (член 19)

Во истиот закон постои можност , покрај државните, во кои влегуваат сите постоечки високообразовни установи , отварање и на приватни високо образовни установи.

Постои можност и за отварање на странска високообразовна установа во Македонија.

### 1.2.3 Наставни планови и програми за основното образование

Секој степен на образование во Република Македонија претставува посебна целина од системот на вредности кои се промовира во него.Така на пример , предучилишните воспитно-образовни установи работат по програмата од 1980 год., со тоа што современите движења во рамките на општеството и развојот на науката, наложиле нејзино осовременување во правец на организационо - артикулациона поставеност и промена на вредносната насоченост на истото. Тоа пред се должи на моделот “чекор по чекор” и моделот “ активна настава и интерактивно учење”, воведени во 1994 год..

Програмската поставеност на основното воспитание и образование во Македонија тргнува од целта која гласи: “ Целта на основното образование и воспитание е да им овозможи индивидуален развој во сообразност со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики , да усвојуваат знаења и умеења за природата , општеството и човекот и да ги оспособуваат за нивната примена во животот и натамошното образование, кај нив да се развива чувството за одговорност, вистина , значењето на трудот за човекот, смислата за убавото ,

културните традиции и свеста за припадноста на Република Македонија, и да ги почитуваат и исполнуваат граѓанските права и обврски"[134].

Содржини со кои се обезбедува остварување на целта се : јазикот и литературата, математиката, природните науки, општествените науки, техничкото образование, физичкото и здравствено образование, и уметничкото образование.

Содржините се структуирани и групирани во предмети кои имаат различен карактер, кои се остваруваат преку наставните и вонаставните активности. Со наставата се остваруваат " основните образовни и воспитни активности со учениците во училиштето"[135]. Наставата, како што стои во наставниот план се организира и изведува според програми за задолжителни , изборни и факултативни предмети кои се изучуваат по одделенија и тоа :

а) за одделенската настава

1.задолжителни наставни предмети - кои претставуваат "содржинска основа на основното училиште со кои се овозможува вертикална проодност за продолжување на школувањето..."[136] каде влегуваат предметите: македонски јазик, мајчин јазик за учениците на националностите, македонски јазик за учениците од националностите , математика, природо и општество , природо, општестово , физичко и здравствено образование, ликовно образование и музичко образование.

2.Изборна настава - со која на учениците им се дава можност да ги:

"прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите способности во одделни наставни предмети"[137], каде влегува и прв странски јазик".

3.Факултативни предмети - кои се застапени во зависност од " интересот на учениците и условите во училиштето "[138] , преку изучување на влашки јазик, ромски јазик, екологија и рачна работа.

б) за предметна настава

---

[134] Основно образование, Содржини и програми на воспитно-образовна дејност и Наставни програми I дел. МОФК и ПЗМ,1997,13

[135] исто, 19

[136] исто, 19-20

[137] исто,19

[138] исто,19

1.задолжителни предмети, покрај споменатите се и прв странски јазик , историја, историја и граѓанско општество, географија, биологија , физика , хемија и техничко образование.

2.Изборните предмети во предметната настава се однесуваат на изучување втор странски јазик, информатика , и техничко образование.

3.Факултативните предмети во кои влегуваат влашки, ромски или друг јазик, ликовно образование, музичко образование, спорт , екологија , сообраќајно воспитание и др..

Треба да се каже дека во основното училиште ( и одделенска настава и предметна настава) се изведуваат и дополнителна настава , додатна настава и слободни ученички активности.

“ Дополнителната настава се организира за ученици кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето , побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и други задачи од еден или повеќе наставни предмети.

… Додатната настава се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и , освен тоа, пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети”[139].

За учениците кои ќе покажат интерес се организира и целодневна настава или продолжен престој.

Вон наставните активности во основното училиште се застапени преку “разновидни облици на слободни ученички активности, општествено корисна работа, активности на заедниците на учениците, разни општествени и хуманитарни организации на младите, ученички екскурзии и натпревари, разновидни облици на престој на учениците во училиштето ( вон наставата) и сл..“[140]

## 1.2.4 Проодност низ системот

Остварувањето на правото за напредување во развојот преку системот на воспитание и образование во Република Македонија се реализира преку

[139] исто, 19-20
[140] исто,21-22

т.н. оценување на учениците во текот на учебната година, оценување на учениците на крајот од учебната година, при преминот на учениците во средното образование, завршниот испит во средното образование и приемниот испит на вишите и високо образовните институции - установи.

Оценувањето на учениците во текот на учебната година се врши и во основните и во средните училишта на два начина .Првиот начин е оценување по наставни предмети , а вториот оценување на поведението. Оценувањето по наставни предмети се врши бројчано од 1 до 5 (највисока) , а оценувањето на поведението се врши описно и тоа како : примерно , добро и незадоволително.

Побрзо напредување преку полагање на испити од наредното одделение може да им се одобри на ученици кои имаат одличен општ успех и се истакнуваат со своите способности и знаења.

Оценувањето на учениците на крајот од учебната година се врши на истиот начин, со тоа што, доколку ученикот има три или повеќе негативни оцени, истиот се задржува во истото одделение[141].

Приемниот т.н. квалификационен испит на учениците во средното образование , претставува уште една проверка на учениците на патот кон нивно вертикално напредување. Овој квалификационен испит има за цел на училиштата, каде има поголем број на заинтерисирани кандидати (особено стручните училишта) , да се изврши селекција на квалитетот.

Завршниот испит во средното образование се реализира според Правилникот за содржината и организацијата на завршниот испит во средното образование.[142] Според овој документ завршниот испит е јавен и се полага пред испитни комисии . Тој се состои од два дела, и тоа : за стручното образование ( писмена работа со македонски јазик и литература, односно јазик на кој ученикот ја следел наставата и литература, и практична работа) и за гимназиското образование ( писмена работа по македонски јазик и литература, односно јазикот на кој ученикот ја следел наставата и литература и усни испити по два општо образовни или изборни предмети за кои ученикот се определил).

[141] Закон за средно образование,. Сл. весник на Р.Македонија,бр. 44/95 делот/4 оценување и напредување и делот Ученици во Сл. весник на Р.Македонија на бр.44/98

[142] Правилник за содржината и организацијата на завршниот испит во средното образование,Сл. весник на Р.Македонија бр.10/94

По положувањето на завршниот испит се издава диплома за положен завршен испит.

Приемниот испит на вишите и високообразовните установи се врши според критериумите објавени во конкурсот за запишување на студенти во прва година на студии, на ниво на Универзитет или Факултет.Со него се предвидуваат условите за стекнување со статусот на студент во вишо , односно висока образовна установа.

## 1.2.5 Институции задолжени за поддршка и фунционирање на образовниот систем во Македонија

Воспитно-образовниот систем во Македонија своја потпора наоѓа во неколку институции - установи кои на директен или индиректен начин произлегуваат од организационата поставеност на Министерството за образование и наука (МОН). Секоја од тие институции во рамките на своите овласувања и должности покрива определен сегмент од системот на образование и воспитание на Република Македонија.[143]

*Педагошкиот завод на Република Македонија (ПЗМ)*[144]*,од неодамна Биро за развој на образованието* , од своето формирање 1955 год. , до денес својата работа ја усредоточува кон работа на : "наставни планови и програми , дизајнирање на низа други значајни активности во предучилишни установи, основните и средните училишта и ученичките домови, а исто така и перманентно следење и вреднување на постигањата во воспитно- образовниот процес"[145]. Покрај овие активности "од особено значење е да се нагласи важната улога на ПЗМ во пружање на советодавна помош на наставникот и раководниот кадар , но и на стручните соработници вклучени во процесот на образование и воспитание на младите генерации преку различни форми на соработка. Стручното и педагошкото усовршување на учителите, и наставниците , педагозите, психолозите, социолозите, наставниците по стручно теоретски предмети и практична настава, во соработка со

[143] види повеќе 40 Години ПЗМ,ПЗМ,Скопје, 1996,5
[144] исто,5
[145] исто,5

наставничките факултети е исто така важна задача од дејноста на Заводот..."[146]

Целокупната оваа дејност ја реализираат просветните советници за чии избор, покрај соодветното образование, треба да имаат објавено и позначајни трудови и да се афирмирани со своите стручни и педагошки вредности со познавање на методологијата на истражувачката работа. Стручната компонента на внатрешната организација на ПЗМ е поделена на:

-сектор за предучилишно и основно образование и воспитание, со две одделенија (одделение за предучилишно воспитание и одделение за одделенска настава);

-сектор за општо образование , со четири одделенија ;

-сектор за стручно образование;

-сектор за проучување и развој за образованието и воспитанието, и

-сектор за издавачка дејност, библиотека и заеднички работи[147].

*Републичкиот педагошки совет* претставува стручно и административно тело на Министерството за образование и наука. Тој ги врши следниве работи:"ги разгледува и дава предлог на Министерот за донесување на Наставните планови и програми за предучилишното , основното и средното образование , како и за другите воспитно-образовни установи изготвени од Педагошкиот завод; ги разгледува програмите на верификуваните проекти за редовна , изборна и факултативна настава во основните и средните училишта; ги одобрува лектирите за основно и средно образование ; ја разгледува програмата за издавање учебници и го предлага нејзиното донесување на Министерот за образование; го разгледува и одобрува календарот за организација на работата на основните и средните училишта; дава препораки на ПЗ за наставните планови и програми; го спроведува Првилникот за начинот и постапката за полагање на стручен испит на учител , наставник и стручен работник во основното училиште; го спроведува Правилникот за условите и начинот за полагање на стручен испит на наставник и стручен работник во јавните средни училишта; ја разгледува и одобрува Концепцијата за учебници по предлог на ПЗМ ; ја утврдува

---

146 исто,5

147 40 Години ПЗМ,ПЗМ, Скопје,1996,11

динамиката на активностите во реализацијата на конкурсот за издавање на учебници; предлага ракописот за учебник да биде прифатен во употреба, и предлага одобрување за употреба на превод и адаптација на учебници од други држави..."[148]

Работата на комисиите на советот е регулирана со посебен Деловник.[149]

*Републичкиот просветен инспекторат* [150] е во состав на МОФК (денешен МОН) .Инспекторатот, при вршење на својата дејност соработува со органи и служби кои вршат инспекциски надзор и ПЗМ.

Во Законот за просветна инспекција стои дека инспекторатот врши надзор на :

1.Постоење услови за вршење на дејноста во образовно-воспитните установи ;

2.Применета на програми за воспитно образовната дејност во предучилишното воспитание и образование;

3.Остварување задолжителност во основното воспитание и образование;

4.Примената на наставни планови и програми во основното и средното образование и воспитание;

5.Употребата на одобрените учебници и прирачници во основното и средното образование и воспитание;

6.Остварување на годишната програма за работа во јавните и приватните образовно-воспитни установи...;

7.Запишувањето, оценувањето, напредувањето, пофалбите , наградите, примената на педагошки мерки, полагањето на испити и другите права и обврски на учениците;

8. Стручната подготовка, стручното и педагошкото усовршување и полагањето стручен испит на воспитувачите и наставниците;

---

148 Закон за органите на управата, Сл.Весник на Р.Македонија,бр.40/90 и 63/94

149 види повеќе:Деловник за работа и организација на стручни комисии за одделни наставни предмети за предучилишно,основно и средно образование при Републичкиот педагошки совет,Министерство за образование,2000

150 Закон за просветна инспекција, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.33/95

9. Примена на критериумите утврдени со Закон за распределба на средствата;

10.Примената на експерименталните планови и програми;

11. Следење на наставата за време на штрајк;

12.Водење педагошка евиденција и документација и издавањето сведетелства, уверенија и дипломи;

13.Постапката за донесување планови за образовната дејност во високото образование ;

14.Условите и постапката за избори на наставно научните , научните работници и соработници во високо образовните установи и

15. Верификација на дејноста во јавните образовно-воспитни установи.[151]

## 1.2.6 Образование на наставниците во Македонија

### 1.2.6.1 Развој на образованието на наставниците во Македонија

Корените на современата поставеност на образованието на наставниците во Македонија лежат во темелите на зачетокот на современата Македонска држава. Тие корени допираат и многу подлабоко (Охридска книжевна школа), но својот прогрес го градат непосредно од времето пред и по ослободувањето на Македонија од фашистичкото ропство.

Како што забележува проф. Камберски, најголемиот број учители по ослободувањето немале завршено ниту средно образование, а обуката за учители се вршела преку летните курсеви.[152]

Со отварањето на првата Учителска школа во Скопје (1944/45год.), почнало институционално да се решава прашањето на образованието на наставниците. Набргу потоа , исти такви школи се отворени во Битола, Штип и Тетово, во траење од четири години. Во рамките на Учителската школа во Скопје, во 1947/48 год. се започнува со подготовка на воспитувачите , а од

---

[151] исто,бр.33/95
[152] Камберски К., Предучилишното и основното воспитание и образование во Р.Македонија, Филозофски факултет, Скопје,2000,45

1950год. се отвара основна школа за воспитувачи на деца од предучилишна возраст на ранг на средно училиште [153].

Во овој период во Скопје , Битола и Штип се отвараат и Виши педагошки школи за образование на наставници за предметна настава , кои подоцна во 1964/65 год., се преименувани во Педагошки Академии.

Година пред тоа,и подготовката на наставниците за основно воспитание и образование е подигната на ниво на ВПШ ,односно ПА[154].

Следејќи ги современите текови во општеството, и новите научни достигнувања и откритија во областа на педагогијата, психологијата, социологијата, медицината и т.н., а водејќи се од сопствените потреби , во учебната 1995/96 год., се воведува високо (факултетско) образование на наставниците за предучилишно и основно (одделенска настава) воспитание и образование. Така во државата се отвараат, покрај Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје и Педагошки факултети во Скопје и Штип и Факултет за учители и воспитувачи во Битола.

### 1.2.6.2 Современа поставеност на образованието на наставниците во Република Македонија

Образованието на наставниците во Македонија се реализира на два начина : иницијално образование на наставниците и континуирано образование на наставниците.

а) Иницијално образование на наставниците

Иницијалното образование на наставниците во Република Македонија трае четири години и истото се реализира на високо школските установи (факултетите) во рамките на двата Универзитети во државата.

Наставниците за одделенска настава иницијалното образование го добиваат на двата Педагошки факултети во Скопје и Штип, Факултетот за учители и воспитувачи во Битола (ФУВ- Битола) и Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, исто како и воспитувачите , за кои постојат посебни наставени планови и програми (на Педагошките факултети и ФУВ - Битола).

---

[153] исто,15,
[154] исто,46

Наставниците за предметна настава во основното училиште и средните училишта , своето иницијално образование го стекнуваат на соодветни стручни високо образовни институции ( земјоделски , странски јазици, економски итн. ), оспособувајќи се за наставник само "... со полагање на неколку педагошко - психолошки дисциплини ( педагогија, психологија , методика) и со минимална практична обука ( филозофски , филолошки, природно математички факултет итн.) "[155]

Полагањето на споменатите дисциплини и реализацијата на таквата практична обука т.н. педагошка доквалификација , како што забележува проф. Камберски.К., претставува " повеќе формална отколку суштинска" - и дека , - " многу е поважно да се добие формален сертификат , отколку професионални знаења , способности и вештини, неопходни за вршење на наставничката професија"[156] .

б) Континуирано (стручно) образование на наставниците

Во членот 73 од Законот за основно образование стои дека "учителите , наставниците, стручните работници и воспитувачите во текот на својот работен век се должни перманентно стручно да се усовршуваат.

Стручното и педагошкото усовршување го организира и остварува Педагошкиот завод на Македонија во соработка со наставничките факултети и други високо-образовни установи "[157].

Според истиот Закон (член 74), самостојното извршување и осовременување на воспитно-образовната работа е предмет на вреднување на наставникот секоја втора година.

### 1.2.6.3 Приправнички стаж

Според споменатиот Закон , наставникот кој за прв пат се вработува во основно училиште, што важи и за средните училишта[158], е приправник.

Приправничкиот стаж трае една година и со него наставникот се подготвува за самостојна воспитно - образовна работа . Приправникот во тој

[155] Повеќе види во: Камберски К., Иницијалното образование на наставниците, Образовни рефлексии, 3-4 , 1997,4
[156] исто,4
[157] Закон за основно образование,Сл. весник на Р.Македонија, бр.44 од 1995
[158] Закон за средно образование , Сл. весник на Р. Македонија бр.44 / 1995

период се подготвува со помош на ментор , избран од редот на истакнатите наставници , стручни работници односно воспитувачи, кој може да биде и од друго училиште. Истиот се избира од страна на Наставничкиот совет.

Приправниците се должни по завршувањето на приправничкиот стаж да полагаат стручен испит кој се подготвува врз основа на Програмата за полагање на стручен испит на учителот , наставникот , стручниот работник и воспитувачот во основното училиште[159] , што ја донесува Министерот на предлог на ПЗМ.

Целокупната постапка за полагање стручен испит е регулирана со Правилникот за начинот и постапката при полагање стручен испит на учител, наставник, стручен работник и воспитувач во основно училиште,[160] донесен од страна на МОН.

Сепак , недоволната теоретска и практична разработка на менторството и улогата на менторот во приправничкиот стаж , " остава простор за очекувани недоследности и неправилности при подготовката на приправникот за самостојно вршење на воспитно образовната работа"[161]

## 1.3.Општа компарација помеѓу воспитно- образовните системи на Англија и Македонија

Потполна компарација на двата системи со сета своја сложеност и мултидимензионалност , секако дека би претставувало несериозен обид и тенденција на поедноставување на работите. Со цел да не се симплифицираат и пред се да се нагласат суштинските димензии и карактеристики на двата система , се задржувам на одреден број од нив , кои по својата природа и според мое мислење, ја откриваат специфичноста на секој систем поодделно.

Основна карактеристика на секој воспитно-образовен систем представува времето на негово втемелување . За прв пат за воспитно-образовен систем во Англија станува збор уште во 16-ти век. Во Македонија поради "епитетите " пред нејзиното име (поробена, освоена , отуѓена ,

---

[159] Просветен работник од 23.10.1996,117
[160] Просветен работник од 23.10.1996
[161] Smilevski Cvetko - Iliev Dean, The Role of The Mentorship in pre-service (BASIC) Teacher training труд изложен во рамките на Workshop на Tempus-Phare European teacher training project for the R. of Macedonia , одржан на ПФ-Скопје,од 6-11, II, 2000

распарчена итн. ), воспитно-образовниот систем се формира многу подоцна и тоа во половината на дваесетти век. Тоа упатува дека воспитно-образовниот систем во Англија има поголема и подолга традиција во неговата изградба и развој.

Една од основните карактеристики на системот е неговата структурна поставеност. Од изнесеното може да се забележи дека и кај двата системи имаме единствена поделба на потсистеми и тоа предучилишно, задолжително и високо образование. Посебен подсистем во Англија е т.н. продолжително образование кое нуди одреден степен на хоризонтално разгранување на средното, односно вишото средно образование, кое пред се има за цел да оспособува за работа.

За нагласување е и податокот што во Англија , и основното и средното училиште се задолжителни, што е општа тенденција во светот, додека во Македонија со задолжителен карактер е само основното училиште.

Поделбата пак и на основното училиште во Македонија ( на одделенска настава и предметна настава ) и на основното училиште во Англија ( на infant classes и junior schools ) , ниту по својата суштина, ниту по начинот на организирање не се совпаѓаат . По својата суштина infant classes во Англија одговараат на предучилиштните установи (забавишта во Македонија), додека junior schools одговараат на одделенската настава во Македонија. Нижото средно училиште од 11-та до 16-та година во Англија по својата суштина одговара на предметната настава од основното училиште во Македонија.

И во поглед на годините ( почетокот и крајот на подсистемот и неговото времетраење ) , може да се констатираат различности со очигледна поголема исцепканост и поделеност на системот во Англија.

Кога станува збор за бројот на видовите установи кои нудат образование во одреден подсистем, во Англија се забележува поголема разновидност на установи изразена преку нивната стручност , начинот на опфат на ученици и нивно времетраење. Во начинот на управување со установите во Англија , постои паралелизам помеѓу приватните и државните установи за сите подсистеми и нивоа на образование. За разлика од Англија, во Македонија единствено задолжителното (основно образование) е државно ,

а за другите подсистеми постојат услови за паралелизам кои, гледан преку приватните установи е незабележителен по бројност и недоволно развиен.

Курикулумите кои го покриваат задолжителното образование и во Англија и во Македонија имаат Национален карактер и се однесуваат на сите установи кои работат во тоа подрачје. Специфично е тоа што во Англија курикулумот е единствен за сите основни и средни училишта (до 16 год.) и е поделен на четири нивоа , така што курикулумот за основно училиште ги опфаќа првото и второто ниво, а курикулумот за средното училиште останатите две нивоа. Во Македонија секој подсистем има свој сопствен, единствен за цела држава , Наставен план и програма.

Посебно е значајно што предметите во курикулумот за задолжително образование во Англија се групирани на главни и основни , додека во Македонија поделбата е на задолжителни, изборни и факултативни предмети.

Проодноста низ системот е карактеристика на системите според која се проценува неговата селективност и насоченоста кон популизам. Што се однесува до Англија, карактеристично е постоењето на Национални задачи за проверка , надворешно тестирање, проверување од наставниците и училишни проверки. Според тоа возможна е хоризонтална проодност на учениците најчесто од училишта со повисок ранг во училишта со понизок ранг, од приватни во државни училишта , од високо во установи за продолжено образование. Вертикалната проодност е претерано селективно насочена кон учениците поради големиот број на проверки кои дозволуваат напредување само на најдобрите ученици. Ова се надоместува со сеопфатните училишта и голем број на форми на колеџи , како секој поеднец би се здобил со одредена професија.

Во Македонија проодноста е формално сфатена без некои позначителни селективни зафати . Единствено приемниот испит на факултетите има строго селективен карактер.

Институционална поддршка на воспитно -образовниот систем во Англија обезбедуваат голем број институции со прецизно определена дејност и подрачје во кое делуваат и тоа со предзнак на државни , но и независни. Системот во Англија, иако централизиран по својата суштина, има т.н пропусни вентили (независни институции) низ кои се вршат објективни

проценки за одредени состојби. Институциите пак во Македонија, покрај својата скромност во нивниот број , единствено го содржат епитетот на државни , што од своја страна значи претерана централизираност на системот, без можност на согледување и критики за состојбите гледани од друг , независен агол.

Образованието на наставниците е процес во кој Македонија , историски гледано , зад Англија заостанува безмалку еден век. Таквата заостанатост понатаму , па и ден денес , се одразува врз поголем број на институции за образование на наставници во Англија ( според видот) и поголем број на рути и курсеви низ кои може да се школува идниот наставник. И поголемиот број на режими на студии на наставниците во Англија укажува на извесно заостанување на Македонија во тој поглед.

За да се изедначат барањата и критериумите по кои сите курсеви, рути и институции работат , без да се наруши нивната суштинска концепција , образованието на наставниците во Англија се карактеризира со постоење на Национални стандарди кои треба да ги почитува секоја институција која сака да понуди таков курс. Посебно е значајно и постоењето на Национални курикулуми за иницијално образование на наставниците, кој донекаде би ги изедначил квалитетите на идните наставници .

Во Македонија пак, единствени критериуми и стандарди кои би се однесувале на стручните и професионални аспекти на образованието на наставниците, не постојат.

И за англискиот и за македонскиот систем, карактеристичен е воведниот период попознат како приправнички стаж на наставниците по завршувањето на нивното школување . Тоа трае по една година во секој систем и има исти основни поставки и цели. Сепак, во Англија тоа е регулирано со Национален документ , додека во Македонија постои Програма и Правилник за полагање на стручниот испит , во кои текот на оспособувањето на наставниците во тој период, воопшто не е разработен.

# 2. За институциите за иницијално образование на наставниците од основното образование во Англија и Македонија

## 2.1 Институции за иницијално образование на наставниците од основното образование во Англија

Институционалното образование на наставниците за основно образование во Англија претставува организиран ситстем на повеќе нивоа, меѓусебе различни , а сепак во својата цел потполно идентични, што се потврдува со насловот на статијата од Адам Ентони и Туласкиевич Видолд, "повеќе рути, една дестинација". [162] Ова се потврдува со фактот што најголем број на установи кои подготвуваат наставници , нудат курсеви за иницијално образование ( ITT) , образование за континуиран развој (CDE) и постдипломски студии (postgraduate degrees). Во рамките на тоа тие оспособуваат наставници за основно образование и наставници за средно образование, а според времетраењето и начинот на реализација на истите, курсевите се со полно траење ( full- time) , повремено ( part- time) сендвич курсеви, курсеви покрај работа (in service) , односно за време на работа и пред вработување ( pre- service).

Заедничко за институции е тоа што мора да обезбедат курсеви кои водат до QTS, односно курсевите мора да се усогласени со стандардите за стекнување со QTS од TTA[163] . Со други зборови кажано, сите институции кои обезбедуваат курсеви кој водат до QTS мора да се одобрени од Државниот Секретар ( Secretary of State) , кој е консултиран од страна на TTA , надлежна за мониторинг на институциите кои подготвуваат наставници.

Институциите за ITT , мора да одговорат на барањата поставени во циркулар 4 од 1998 год. издаден од DfEE . Тие мора :

" - да се осигураат дека курсевите се во согласност со барањата дадени во ITT наставни курикулуми кои се на сила ;

[162] Adams Antony / Tulasiewicz Witold , Crisis in teacher Education, The Falmer press,1995,33-53
[163] www.dfee.gov.uk/circulars/4-_98/AnnexA.htm

-да се осигураат дека содржината , структурата и текот на курсот, како и оценувањето на кандидатите (trainees) се така дизајнирани за да го развиваат знаењето , вештините и разбирањето на кандидатите и дека стандардите за добивање на QTS се исполнети;

-да се осигураат дека курсевите вклучуваат проверка на сите кандидати според стандардите поставени за добивање QTS;

-да се осигураат дека кандидатите ќе се соочат со стандардите за добивање QTS , пред тие успешно да го завршат курсот од ITT;

-да се осигураат дека сите кандидати кои успешно ќе го завршат курсот од ITT кои води до QTS, ќе добијат профил предвиден со TTA (career entry profile);

-сите основни ITT курсеви мора да го подготват кандидатот да предава најмалку еден предмет , како специјалист и да биде проверен според стандардите за познавање на тој предмет поставени во Standard for the Award of QTS[164]. Овие специјалистички курсеви може да вклучуваат и напредно изучување на предметот педагогија и основи за подготовка за предметна координација."[165]

Со цел успешно да ги претставиме рутите кои водат до звањето наставник ќе ги разгледаме трите основни рути:

-додипломска рута (The undergraduate route ) ;

-постдипломска рута ( The postgraduate route);

-рута за вработени (The emploument based route ).

a)Undergraduate route[166] е комбинација помеѓу degree степените BEd (Bachelor of Education), BA (Bachelor of Arts) i BSc (Bachelor of Science) и QTS. Најголем број од програмите во оваа рута се нудат од страна на Универзитетите или колеџите. Програмите најчесто се однесуваат на примарното поучување - за кандидатот за основното образование , или за средното образование за физика или дизајн или технологија, а исто така се достапни и за средното ITT во повеќе предметни национални курикулуми.

---

[164] Standards for the Award of QTS Annex A of Dfee Circular 4/1998 TTA,www.dfee.gov.uk/circulars/4_98/AnnexA.htm

[165] www.dfee.gov.uk/circulars/4 - 1998 / AnnexB.htm

[166] www.teach-tta.gov.uk/teach/nowdoi/undergrad.htm

Курсевите со полно траење (full time courses) траат три или четири години и ги комбинираат предметите и професионалните студии со педагошката пракса ( teaching experience ) во училиштата.

Постојат и скратени курсеви (shortened courses) кои траат две години и можат да подготвуваат кандидати за наставници кои веќе имаат најмалку една година full - time на високо образовна институција или еквивалентна на неа . Најголем број места на овие курсеви се за постари од 21 година, матурирани кандидати за наставник во средно образование.

Повремени курсеви (part - time courses) се специфични за секоја институција посебно и во однос на времетраењето, во однос на програмите кои ги нудат и барањата за упис на кандидати кои ги поставуваат и за квалификациите кои истите ги доделуваат.

б)The postgraduate route[167] е составена од повеќе од сто постдипломски курсеви во Англија кои водат до Универзитетски степен Post Graduate Certificate in Education (PGCE), исто како и до QTS. Оваа рута е популарна и за кандидатите за средно и за кандидатите за наставници во основното образование.

ITT (пост- дипломските програми) секогаш вклучуваат обука во училиштата. Некои курсеви ги обезбедуваат school - centred consortia (SCITT) - групи на училишна работа во партнерството (partnership) .

Други курсеви обезбедуваат универзитетитите или колеџите во соработка со училиштата. Сите пост дипломски курсеви се фокусирани на професионалната подготовка за поучување по избраниот предмет од страна на кандидатот и Националните курикулуми за ITT.

Едногодишни курсеви со полно траење (One year full - time courses) се најзастапени постдипломски курсеви кои траат една година и тоа 38 недели за основно и 36 недели за кандидатите за наставници во средно образование.

Двегодишни курсеви со полно траење (Two year full - time courses) се мал број на курсеви дизајнирани да му понудат на кандидатот дополнително време за зголемување на знаењата од предметот . Овие курсеви најчесто се однесуваат за предметите во средното образование.

---

[167] www.teach-taa.gov.uk/teach/howdoi/postgrad.htm

Повремени или курсеви на далечина (Part time and distance learning courses) , исто како и додипломските курсеви се специфични за секоја ITT институција ( providers).

Модулирани постдипломски можности (Modular postgraduate provision) треба да почне да се применува од септември 2000год., со што образованието на наставниците во Англија ќе се збогати со пофлексибилни модулирани можности за образование, соодветни на потребите и условите на амбициозните учители. Провајдерите ќе понудат програми дизајнирани за различни кандидати и тоа: вработени, со барања за промена на кариерата; оние кои сакаат да студираат part-time или оние со семејна традиција.

Во склад со првичните проверки на образовните потреби , на секој кандидат ќе му се дава индивидуален план за обука , кои ќе води грижа за неговите лични квалитети и ќе го одредува моделот и времето на обука.

в)The employment - based route : Graduate and Registered Teacher Programmes (GRTP)[168] .

Овие програми им дозволуваат на оние над 24 години кои ги исполнуваат барањата за влез во процесот на обука на наставници, да бидат вработени како неквалификувани наставници во училиштата и да следат програма за индивидуална обука која води до QTS.

Со оваа рута кандидатите се стекнуваат со поголемо искуство и одговорност преку партнерство и соработка со провајдерите.Програмите обично траат една година за дипломирани наставници (Graduate teachers) и две години за регистрирани наставници (Registered teachers).

Училиштата или други соодветни тела ( ITT провајдери или други агенции) имаат улога на тела за препораки (Recommending Bodies - RBs) кои предлагаат кандидати за овие програми , проверувајќи ги нивните потреби за обука , во однос на стандардите за QTS и создаваат програми за излегување во пресрет на овие потреби.[169]

Посебен вид на студии кои најчесто се нудат на School of Education при

---

[168] www.teach-tta.gov.uk/teach/

[169] види:The Graduate and Registered Teacher Programmes na: www.gov.uk/circulars/dfeepub/nov99/041199/

универзитетите во Англија се postgraduate research studies. Во тие рамки се организираат студии кои водат до :

- Сертификат за образование (Certificate of Education -FE);
- Дипломиран-(BPhil (Ed) на MEd - level);
- Магистер по филозофија (The Master of Philosophy -MPhil);
- Доктор по филозофија (The Doctor of Philosophy -PhD);
- Доктор по образование ( The Doctor of Education -EdD).

Certificate od Education е двегодишна програма на ниво на PGCE, која не води до QTS и истата е наменета за post - sixt наставници (практичари) кои изведуваат пракса.

Останатите програми воглавно се истражувачки насочени со финализирање преку изготвување на дисертација.[170]

Основните барања за уписи на кандидатите на институциите за ITT се дадени во Annex I под наслов Requirements for all courses of ITT, кое се однесува на национално ниво. Едно од четирите поглавја во него е влезот на кандидатите и барањата за нивна селекција (trainee entry and selection requirements).

Провајдерите при приемот на студенти мора да се осигураат дека :

"-сите кандидати можат да комуницираат на говорен и пишан стандарден англиски јазик ;

-сите кандидати имаат најмалку оцена С во GCSE по математика, англиски и природни науки;

-сите кандидати ги исполнуваат барањата на Државниот Секретар за физичка и ментална подготвеност за поучување[171];

-кандидатите порано да не биле исклучени од настава или работа со деца ;

-кандидатот нема криминално досие;

-во селекцијата на кандидатите се вклучени кадри од училиштето;

-сите кандидати поседуваат лични , интелектуални и способности за презентација , кои одговараат за наставата;

---

[170] повеќе на: www.ex.ac.uk/education/gradstud/intro.htm
[171] www.dfee.gov.uk/circulars/4-99/circ 499.doc

-институциите бараат и доказ за досегашно искуство со деца…"[172]

Кога се работи за упис на PGCE курсеви , тогаш , покрај претходно наведените општи барања , се поставуваат и следниве:

-Кандидатите да имаат степен (degree) од Универзитет во Велика Британија или институција за високо образование која издава диплома со исто ниво или CNAA или квалификација како еквивалент на degree кој се добива од Велика Британија или CNAA;

-Содржината на претходното образование на кандидатите да ја дава потребната основа за работа како наставник во фазите и предметите кои ќе ги предава.

Додипломските студии пак, покрај основните барања од кандидатите очекува:

"- да ги исполнуваат академските барања за прием на прво degree од студиите;

-во случај на двегодишните курсеви , да имаат успешно комплетирано еквивалент на најмалку една година full - time високо образовни студии. Содржината на овие студии на кандидатот мора да му ја обезбедуваат неопходната основа за работа како наставник во фазата / те и предметот/те кои тој ќе ги предава."[173]

За согледување на суштината на претходно кажаното поширото може да се види во табела бр.1, каде се дадени ITT програмите и специфичните барања за упис на тие курсеви.

*Табела бр.1 Специфични барања за влез и упис на ITT курсевите во Англија*[174]

| Барање за влез | Квалификации |
|---|---|
| - Најмалку 2 преодни оцени во GCE напредно ниво И 3 преодни оцени по други предмети во GCSE (оцена C или повисока) или признаен еквивалент<br>- Преодните оцени мора да вклучуваат Англиски јазик, математика И (од 1996) природни науки во GCSE (оцена C или повисока) или признаен едвивалент.<br>- Интервју заради проверка на личните квалитети, погодноста и преданоста . | School level<br>Bed или<br>BA / BSc со<br>QTS |

[172] Requirements for all courses of ITT,www.dfee.gov.uk/circulars/4_98/annexi.htm
[173] www.dfee.gov.uk/circulars/4-98/Annex B.htm
[174] United Kingdom,England and Wales, www.eurydice.org/documents/training/en/ukewtren.htm

| | |
|---|---|
| - Лекарско уверение | |
| - BA / BSc диплома или признаен еквивалент;<br>-Преодни оцени по англиски, математика и (од 1996) природни науки во GCSE (оцена C или повисока) или признаен еквивалент;<br>- Интервју;<br>- Лекарско уверение | PGCE |
| - Барања за влез како за consurrent degree погоре:<br>- најмалку 24 годишна возраст;<br>- најмалку 1 год. соодветно Nibher Education | School lievel<br>Bed или BA / BSc со QTS |
| - над 24 год. возраст ;<br>- најмалку 2 год. на редовно соодветно високо образование или негов еквивалент;<br>- GCSE преодни оцени по анлиски , математика И (од 1996) природни науки со оцена C или повисока или признаен едвивалент<br>- Интервју<br>- Лекарско уверение | Licensed Teacher Sceneme (воведена 1989 за возрасни луѓе вез никаква формална обука за наставници)<br>По 2 год. или помалку ако квалификациите на кандидатите И искуството одговараат работодавачот бара од Одделот за образование , наставникот со дозвола (licenssed teacher) да добие QTS . Оваа рута на обука не доделува одреден сертификат ниту доделува статус на дипломец. |
| - Диплома<br>- Настаничка квалификација од надвор од Европската Унија<br>- најмалку една година искуство во настава<br>- GCSE преодни оцени по англиски , математика и (од 1996) природни науки со оцена C или повисока или некој признаен едвивалент<br>- интервју со School Governors / LEA<br>- лекарско уверение | Наставници кои се обидувале во странство (воведен во 1991)<br>Кога ќе се увери дека наставникот ги има бараните знаења , работодавачот му препорачува на Одделот за Образование на наставникот да му даде QTS. Оваа рута на обука не доделува одреден сертификат . |
| Како за упис на PGCE погоре:<br>- интервју со HEI училиштето И LEA | Консекутивни модели<br>PGCE |

Иницијалното образование на наставниците за основно образование во Англија, благодарение на бројот на курсевите различностите во нивното времетраење, местото на реализација и дипломите кои по завршувањето им се доделуваат на кандидатите , произведува наставници кои по својата општа специјалност , примарната фаза и по местата на кои ќе работат , се поделени во две посебни специјалности и тоа според :

1. возраста на децата со кои наставниците ќе работат, и
2. предметната специјалност на наставниците .

Курсевите кои го опфаќаат или зафаќаат дел од периодот на децата со кои наставниците ќе работат подготвуваат :

а)наставници во примарна фаза на деца на возраст од 3 до 8 години;

б)наставници за деца од 7 до 11 годишна возраст;

в) наставници за деца од 7 до 14 годишна возраст кое ја опфаќа фазата два или виш̄о основно и фаза три - нижо средно училиште.

Предметната специјалност на наставниците се однесува на избор на одредени предмети кои се нудат како дел од курсот , како одговор на интересот и афинитетите на кандидатите - идни наставници. Така на пример, кандидатот за наставник на School of Education на University of Brighton запишан на овие курсеви, може да избира помеѓу предметите: напредни студии за рани години ; уметност и дизајн , англиски со драма, географија , историја, информатика , комуникациска технологија, математика , религиско образование , физичко образование и природни науки[175] , и за избраниот предмет/и да биде специјалист.

Од искажаното , јасно се гледа дека иницијалното образование на наставниците за основно образование во Англија кадидатите ги оспособува, специфицира по однос на возрасната стуктура на децата опфатени со основното училиште и по однос на неговата предметна специјалност.

## 2.2 За институциите за иницијално образование на наставниците од основното образование во Македонија

Иницијалното образование на наставниците за основно образование во Македонија се реализира на државни високообразовни установи - факултети при двата Универзитета. Иницијалното образование на наставниците за одделенска настава се врши на Педагошките факултети во Скопје и Штип, Факултетот за учители и воспитувачи во Битола (ФУВ) и Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Курсевите на сите споменати установи траат четири години или осум семестри.

Друга основна дејност на овие установи покрај иницијалното образование на наставниците за одделенска настава е подготвување на кадри за предучилишни установи во траење од четири години. Овие установи реализираат и педагошка доквалификација за студенти и вработени наставници со VI-1 степен (ВПШ), заради нивно усовршување и стекнување на

[175] www.brighton.ac.uk/edusport/education/html/itt/primary/primugrad/primary_under.htm

VII-1 степен-факултетска диплома . Дипломираните студенти на Педагошкиот Факултет во Скопје нудат курсеви и за образование на наставници од припадниците на националностите.

Педагошкиот Факултет во Скопје на своите дипломирани студенти им доделува звање дипломиран професор по одделенска настава[176], Педагошкиот Факултет во Штип доделува звање дипломиран наставник по одделенска настава , а ФУВ во Битола доделува звање дипломиран учител.Иако терминолошки различни, суштината на овие три поими е идентична.

Исклучок од наведените е Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје[177] кој организира студии за подготвување педагози во траење од четири години.Завршените студенти по дипломирањето добиваат звање дипломиран педагог.

Дипломираниот педагог како стручњак покрај другото, може да работи и како одделенски наставник, што е регулирано и во Законот за основно образование.[178]

Покрај овој образовен профил, на Институтот за педагогија се реализира и дел од педагошката доквалификација (испити по педагогија и методика) на студентите претенденти за наставници во средните училишта.[179]

На Институтот за педагогија постојат и постдипломски студии на ниво на специјализирани-едногодишни студии кои водат до звањето специјалист по педагошки науки и на ниво на магистратура - две годишни студии кои водат до звањето магистар по педагошки науки.Покрај ова, Институтот организира и реализира и докторски студии.

Сите установи даваат можност , покрај редовните, на нив да се запишат и вонредни студенти.

Условите за запишување на установите за иницијално образование на наставници за одделенска настава се исти за сите установи , иако секоја од

---

[176] Информатор за студенти,ПФ,Скопје,1997,10

[177] Прирачник за студентите на Институтот за педагогија во учебната 1998/99,Филозофски факултет,Скопје,1998,9

[178] Закон за основно образование, Сл. весник на Р.Македонија бр.44/1995

[179] Камберски К., Иницијално образование на наставниците ,Образовни рефлексии,ПЗМ, бр.3-4,1997,4

нив, во рамките на Универзитетот на кој припаѓа или самостојно, распишува конкурс за прием на студенти.

Некои од основните барања и услови за упис се следните:

-кандидатот да има завршено , комплетирано четири годишно средно образование;

-кандидатот да го помине психофизичкиот тест кој се врши во установата во која конкурирал за прием (само на Педагошките факултети и ФУВ - Битола);

-кандидатот да го положи приемниот испит на факултетот , кој се состои од два дела, и тоа: испит по македонски јазик и испит по математика (на Педагошките факултети и Факултетот за учители и воспитувачи) и испит по педагогија и испити по психологија или филозофија( на Институтот за педагогија ).

Во Република Македонија, преку иницијалното образование на наставниците за основно образование (одделенска настава), кандидатите се оспособуваат единствено за работа во одделенската настава од основното училиште. Целокупната поставеност на установите е насочена да оспособи наставник кој ќе одговори успешно на барањата, условите и предизвиците на таа возраст од детскиот развој ( 7 - 11 годишна возраст).

Студентот, иден наставник се оспособува за работа со учениците по сите предмети предвидени со Наставниот план и програма за првите четири години од основното училиште.

Нивното напредување може да биде преку посета и учество на семинари, работилници, но само заради лично усовршување и сопствено искуство кое би се рефлектирало врз : избор на наставникот како ментор, учество во проекти, избор на директор на училиште , советник во Педагошки Завод и тн..

Дипломираниот педагог на Институтот за педагогија, покрај наставник за одделенска настава, може да биде, што е  и негова основна дејност , предучилишен и школски педагог, потоа воспитувач во ученички домови и предучилишни установи, во установи за специјално воспитание и образование,

во стручно - аналитичките служби што се занимаваат со проблемите на воспитанието и образованието, во Педагошкиот Завод итн..[180]

## 2.3 Компарација на институциите за ИТТ за наставници од основното образование во Англија и Македонија

По однос на општата поставеност и организираност на установите за ITT , нашето мислење можеме да го насочиме кон компарација на седум точки кои, според нас, се од суштинско значење за системската поставеност на ITT за наставници за основно образование . При компарацијата ќе се задржимена :

-видот на институциите во кои се одвива ITT ;

-какви се курсеви се нудат на институциите за ITT;

-режимот на студирање ;

-времетраењето на курсевите за ITT;

-основни барања за отварање на ITT курсеви за наставници за основно образование ;

-барања за упис и прием на студенти; и

-за што се оспособуваат студентите на ITT курсевите за наставници за основно образование.

а)На прашањето какви се институциите (установите) кои нудат ITT курсеви за наставници за основно образование, може да се дадат бројни одговори кои , за волја на вистината, се групираат околу две прашања: Какво ниво на образование на наставници нудат тие установи ?; и во чии раце се наоѓаат овие установи ?

По првото прашање , генерално гледано , ITT курсевите за наставници за основно образование и во Англија и во Македонија се обезбедуваат на ниво на високошколски установи во рамките на Универзитетите. Поточно кажано, ITT се одвива најчесто во Училишта за образование во Англија и во Педагошки факултети, Факултет за учители и воспитувачи и Институтот за педагогија во Македонија.

---

[180] Прирачник за студентите на Институтот за педагогија за учебната 1998/99,Филозофски факултет,Скопје,1998,9

Терминолошки гледано, постои истоветна  широчина во поимите Училиште за образование , Педагошки Факултет и Институт за педагогија, во однос на Факултетот за учители и воспитувачи, како прецизна определба на дејноста на установата. Меѓутоа, таа терминолошка истоветност во широчина не е на ист начин практицирана , и како што ќе видиме подоцна во Англија се изразува како програмска разнообразност на курсеви и различност во начинот на нивната организациона поставеност, што не е случај во Македонија, каде широчината е сведена само на образование на наставници за одделенска настава и вопитувачи (на Педагошките факултети) и образование на педагози (на Институтот за педагогија).

Суштинската страна на анализата укажува дека ITT курсевите за основно образование во Англија и оние во Македонија се реализираат на високошколско ниво , во високошколски установи, во рамките на универзитетите.

Одговорот на второто прашање е всушност дека во Англија ( во најголем дел) и во Македонија (целосно), ITT курсевите се реализираат во државни установи. Тие установи , на било кој начин , се поврзани со државата , било тоа да е финансирање, одобрување на Наставни планови, поставување стандарди, инспекција или контрола итн..

Сепак, потребно е да се нагласи дека во Англија, покрај државните установи за ITT, постојат и приватни, кои својата дејност во поглед на финансирањето и управувањето ја регулираат самостојно преку свои органи и тела , а сепак  мораат да ги почитуваат Националните стандарди и да подлежат на контрола и инспекција на органите задолжени за следење на почитувањето на тие стандарди, исто како и државните установи.

б)Кога станува збор за курсевите и програмите кои се нудат на установите за ITT , станува збор за потполна терминолошка и суштинска различност ( види табела бр.2).

*Табела бр.2 Јазична и суштинска соодветност на видовите курсеви кои се нудат на установите за иницијално образование на наставниците за основно образование во Англија и Македонија*

| Англија | Македонија |
|---|---|
| - BA (Ed)<br>- BA<br>- BSc | - дипломирани учители<br>- дипломирани наставници во одделенска настава<br>- дипломирани професори по одделенска настава<br>- дипломирани педагози |
| PGCE | Педагошка доквалификација* |
| Graduate research studies | Постдипломски студии** |
| - BPHIL( Ed ) – Med<br>- Master of philosophy | - специјалист по педагошки науки**<br>- магистер по педагошки науки** |
| - Doctor of philosophy (PhD)<br>- Doctor of Education (EdD) | - доктор по педагошки науки** |

* Само на Институтот за педагогија при Филозофскиот Факултет во Скопје и само за наставниците за средно образование

**Само на Институтот за педагогија

Терминолошката различност се гледа преку два параметри .

Првиот параметар е изразен преку термините PGCE и Педагошката доквалификација и термините graduate studies и постдипломски и докторски студии.

Постдипломскиот сертификат за образование (PGCE) во Англија , соодветствува на педагошката доквалификација која се нуди на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Нивната суштина е педагошка, професионална наобразба на дипломирани студенти од други факултети за да истите можат да влезат на работа како наставници.

Сепак позначајна е разликата помеѓу нив што PGCE во Англија дава можност на кандидатот да се вработи и во предучилишни установи , во основно училиште, во средно училиште и во продолженото образование , додека педагошката доквалификација е наменета за предметните наставници во средното училиште.

Терминолошките разлики на graduate studies и Postgraduate research courses во Англија и постдипломските и докторски студии во Македонија остануват само на тоа ниво , додека нивната суштина е во производство на методолошки високо оспособени кадри за истражувачка дејност.

Вториот параметар на терминолошка различност е именувањето на курсевите и дејноста за која се оспособуваат кандидатите.

Во Англија, без разлика каде наставникот ќе работи (предучилишно , основно , средно , продолжителното образование), се добиваат единствени звања, додека во Македонија , во најголем број случаи , звањето е директно врзано за дејноста на наставникот( дипломиран учител, дипломиран професор по одделенска настава , дипломиран наставник по одделенска настава).

Исклучок е Институтот по педагогија кој нуди курс кој води до звањето дипломиран педагог но истиот, покрај тоа , може да биде и учител и воспитувач итн..

Првата суштинска разлика е во бројот на курсевите кои се нудат на установите за иницијално образование на наставниците за основно образование. Училиштата за образование во Англија нудат курсеви за предучилишно, за основно , за средно и за некои од формите на продолжено образование.

Во Македонија пак ,установите за ITT нудат образование на наставници само за предучилишно и основно (одделенска настава) , додека само Институтот за педагогија покрај другото, нуди педагошка доквалификација за предметните наставници за средно образование.

Една од суштинските разлики помеѓу установите во Англија и Македонија е во видот на курсевите кои се нудат на тие установи. Имено , на Училиштата за образование во Англија се нудат повеќе видови додипломски студии за ITT за наставници за основното образование.

И Постдипломскиот сертификат за образование во Англија може да се добие преку завршување на различни курсеви за PGCE .

Во Македонија на три, од четирите установи за образование на наставници се нудат само додипломски студии, додека само Институтот за педагогија нуди и педагошка доквалификација, што во случајот не е предмет на компарација,бидејќи се однесува на средношколската настава.

Суштинска разлика може да се воочи и во понудата на магистерски и докторски студии во Македонија и graduate studies (дипломирачки степени) или postgraduate research studies во Англија од страна на установите за ITT за наставници за основно образование. Така , најголемиот број на ITT провајдери во Англија нудат такви студии, додека во Македонија , тоа единствено е случај само со Институтот за педагогија.

в) Режимот на студирање на ITT установите за наставници за основно образование во Англија и Македонија е третиот елемент кој го задржува моето внимание.

Како што знаеме , студентите за наставници , за основно образование во Англија можат да избираат помеѓу повеќе начини на студирање: full-time (со полно време); part-time( повремено ) ; distance learning courses (курсеви за образование на далечина) ; in-service courses (курсеви за вработени) ; shortened courses (скратени курсеви) и тн..

Кандидатите за наставници во основното училиште (одделенска настава) во Македонија, можат да студираат како редовни и како вонредни студенти, што во свои рамки го опфаќа дообразованието за оние со виша педагошка школа - ВПШ и оние со ВПШ и помалку од 15 години работен стаж (на Педагошките факултети и ФУВ - Битола).

*Табела бр.3 Режими на студии и нивна еквивалентност во Англија и Македонија*

| Англија | Македонија |
|---|---|
| - Full - time → | - редовни студии |
| - Part - time → | - вонредни студии |
| a) in – service<br>b) pre – service | - дообразование за оние со ВПШ и помалку од 15 год. работен стаж *1<br>- педагошка доквалификација *2 |
| - Distance learning → | Отворени регионален центар на ФУВ – Битола *3 |
| - Shortened courses | — |

*1 На Педагошките факултети и ФУВ - Битола

*2 На Институтот за педагогија - Скопје

*3 (проектите се во фаза на изработка)

Од табелата бр.3, а при компарација на овие аспекти , може да се констатира дека редовните студии и full-time курсевите се едно исто. Како

поими , и поимот part-time и поимот вонредни студенти се истоветни за курсевите во Англија и Македонија. Разликата се состои во тоа што part time во Англија во себе ги содржи in-service обуката (обука покрај работа ) и pre-service ( обука пред вработување) , а во Македонија вонредните студенти , кандидати за наставници за одделенска настава можат да се лица кои се вработени , лица кои се веќе вработени во образованието со завршена ВПШ и имаат работен стаж помалку од 15 години - (дообразование на Педагошките факултети и ФУВ Битола).

Скратените курсеви и образованието на далечина во Македонија , како режими на студирање на кандидатите за ITT за наставници за основно образование , не постојат.

Оваа година (2000-та) во рамките ПМФ е отворен Национален центар за отворено и дистантно учење , а во тие рамки на ФУВ - Битола почна да работи регионален центар , кој се наоѓа во фаза на изработка на проекти.Работата пред се е отежната поради немањето адекватно решение за дистантното учење во Законот за високо образование.

г) Курсевите за иницијално образование на наставниците за основно образование во Англија и Македонија, по своето времетраење дадени се во табела бр.4.

*Табела бр.4 Времетраење на иницијалното образование на наставниците за основно образование во Англија и Македонија*

| | | Времетраење на ITT за OO | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Институција** | **Звање** | 1 год. | 2 год. | 3год. | 4год. |
| Педагошки факултет | Дипломиран учител, наставник | | | | ✓ |
| Институт за педагогија | Дипломиран педагог | | | | ✓ |
| Универзитет или друга Високообразовна Установа | BA | | | | ✓ |
| | BA (Ed) | | | | ✓ |
| | BA (Sc) | | | | ✓ |
| | PGCE Primary (5-8) | ✓ full-time | ✓ part-time (18 месеци) | | |
| | PGCE Primary (7-11) | ✓ full-time | ✓ part-time (18 месеци) | | |
| | PGCE UP/LS | ✓ 36 недели | | | |
| | PGCE Primary (3-8) (7-11) | ✓ 38 недели | | | |

Од табелата може да се види дека , за разлика од Македонија, каде сите курсеви за иницијално образование на наставниците за основно образование (одделенска настава) , траат четири години, во Англија, различните курсеви се со различно времетраење. Така, курсевите кои водат до BA , BA (Ed) и BSci траат четири години, исто како и курсевите за дипломиран учител, дипломиран наставник по одделенска настава , дипломиран професор по одделенска настава и дипломиран педагог.

PGCE (постдипломскиот сертификат за образование) се стекнува во зависност од установата која го нуди курсот и режимот на студии во траење од една или две години, односно осумнаесет месеци part -time или една година full -time.

д)Потребата од проширување на мрежата на ITT провајдери и можноста да се нудат курсеви за ITT за наставници за основно образование во Англија и Македонија исто така значително се разликува.

За да се добие право на организирање на одреден курс во Англија , постојат Национални стандарди кои мора да бидат исполнети од страна на оние кои имаат намера да станат провајдери. Тие стандарди се дадени во Националните курикулуми за иницијално образование на наставниците и пред се , се однесуваат на стручните аспекти на курсот односно , дали курсот ќе може да обезбеди предуслови кандидатите со успех да ги совладаат предизвиците на професијата наставник.

Што се однесува до Македонија, за да една установа добие право да произведува наставници за одделенска настава, истата мора да се придржува пред се, на материјалните и кадровските прашања , како што се простории за реализација на курсот, одреден број на вработени со научни звања, соработници итн., при што ни во еден момент не се поставува прашањето за тоа, дали тие услови ќе произведат наставник кој ќе знае да одговори на барањата на неговата професија.

Можеме да согледаме дека во Македонија сеуште се запоставуваат суштинските вредности на една установа, можеби поради фактот што не постојат ни стандарди, а ни критериуми и установи за контрола за остварувањето на истите, а се нагласуваат административните прашања за

кои државата има најдено соодветни методи и институции за нивна контрола ( пример Републичка просветна инспекција) .

ѓ) Барањата за прием и упис на студенти на курсевите за иницијално образование на наставниците за основно образование претставуваат карактеристика која , по својата природа , најмногу ги засега интересентите за овие курсеви.

*Табела бр.5 Барање за прием и упис на студенти на курсевите за иницијално образование на наставниците за основно образование во Англија и Македонија*

| Англија | Македонија |
| --- | --- |
| GCSE (најмалку степен C по математика, англиски и природни науки | Успех од средното образование |
| / | Тестирање |
| Проверка на физичките и менатлните способности на кандидатот | Психофизички* тест |
| Способност за комуницирање на говорен и пишан стандарден англиски јазик | / |
| Интервју | / |
| Да нема криминално досие | / |
| Лекарско уверение | / |
| Да поседува лични, интелектуални и способности за презентација | / |
| Вклучени се кадри од училиштата (при селекцијата) | / |

* само на Педагошките Факултети и ФУВ - Битола

Во табела бр.5 можеме да видиме дека различните видови на курсеви во Англија имаат иста основа која се однесува на одредени минимум барања за упис на кандидатот кои се определени со Националните курикулуми за иницијално образование на наставниците. Некои од тие барања се својствени и за постапката за прием на студенти во Македонија, а се однесуваат на успехот од претходниот степен на образование и физичката и менталната подготвеност за поучување (психофизички тест на педагошките факултети и ФУВ- Битола) .

Една од основните карактеристики на приемот на студенти во Англија , која можам да кажам дека е недостаток при приемот на студенти во Македонија е проверката на кандидатите за нивната способност да

комуницираат на говорен и пишан стандарден мајчин јазик  и проверка на личните , интелектуалните и способностите за презентација кои одговараат на наставничката професија и лекарско уверение.

Она што е основа за прием во Македонија,  а што не е својствено во Англија е писмената проверка на знаењата на кандидатите од два предмети кои покриваат 60% од условите за прием. Тие предмети се однапред определени (на ФУВ - Битола и Институтот за педагогија) и предмети по избор на кандидатот во рамките на претходно определените ( на Педагошките факултети во Скопје и Штип).

Проверките за задоволување на барањата за влез на установите за иницијално образование на наставници и во Англија и во Македонија ги спроведуваат самите установи.

е)Во графиконот бр.1 е претставена возраста за која се подготвуваат да работат наставниците во иницијалното образование во Англија и Македонија.

*Графикон бр.1 Каде ќе работат оспособените наставници на курсевите за иницијално образование на наставниците за основно образование во Англија и  Македонија*

ГРАФИКОН Бр.1 : Каде ќе работаат оспособените наставници на курсевите за иницијалното образование на наставникот за основно образование во Англија и Македонија




Курсеви кои нудат ITT и за каде се оспособува наставникот да работи

ЛЕГЕНДА

- ПРЕДАВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАН ПРЕДМЕТ (ПРЕДМЕТЕН СПЕЦИЈАЛИЗАМ)
- ЗА КОЈ ПЕРИОД ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО АНГЛИЈА СЕ ОСПОСОБУВААТ НАСТАВНИЦИТЕ ЗА PE ВО ITT
- ПЕРИОД ВО КОЈ ЌЕ ПРЕДАВА ОДДЕЛЕНСКИОТ НАСТАВНИК ВО МАКЕДОНИЈА

----- - ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО АНГЛИЈА

----- - ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА ВО МАКЕДОНИЈА

Како што може да се забележи , различни курсеви на различни Училишта за образование своите кандидати ги оспособуваат за работа во поголем опсег на детска возраст, односно некои од нив се однесуваат на работа со деца во предучилишна и основна школска возраст , некои на основно школска и средно школска возраст , а некои само на основно школска возраст.

Во Македонија наставниците исклучиво се подготвуваат за работа со деца во нижите одделенија од основното училиште т.е. одделенска настава. Исклучок е Иститутот за педагогија чии дипломирани студенти имаат право на вработување во повеќе подсистеми и на повеќе работни места , како што е кажано претходно во текстот.

За нагласување е и предметната специјалност за која се оспособуваат наставниците во Англија, покрај општата подготовка за работа со определена детска возраст. Предметната специјалност не постои во образованието на наставниците за одделенска настава во Македонија, иако студентите имаат право да избираат наставни предмети од Наставниот план и програмите на факултетот.

# 3.Програмска поставеност на курсевите за иницијално образование на наставниците од основното образование

## 3.1 Програмска поставеност на курсевите за ИТТ во Англија

Курсевите за ITT *за наставници за основно образование во Англија* своите курикулуми ги базираа на поставките и барањата на Рамката за проверување на квалитетот и стандардите во ITT од 1998год. (Framework for the Assessment of the Quality and Standards in ITT).

Имено , како што се вели во овој документ , тој само "... го специфицира курикулумот. Тој не е модел за курсот . Сите примарни ITT курсеви, мора да ја вклучат специфицираната содржина, но тоа на провајдерите им дава можност да одлучат како и каде различните аспекти ќе бидат вклучени... Исто така, не постои намера на провајдерите да им се наметне начинот на кој курикулумот ќе биде реализиран и проверен , нема да

се одредуваат материјалите и активностите кои ќе бидат употребени да ја поддржат обуката".[181]

Основните критериуми и стандарди предвидени во оваа рамка секој од Универзитетите - училишта провајдери на свој начин го имплеметира во наставните планови на курсевите кои ги нудат.

Во продолжение ќе бидат претставени неколку поставки на наставниот план за ITT во School of Education во Exeter и School of Education во Brighton.

а)структурата на програмата [182]за добивање BA (Ed) na School of Education во Exeter , која подготвува наставници за од 7 до 11 годишна возраст се состои од :

-главен предмет (main subject) - математика и природни науки;

-суштина на курикуларни студии (core curriculum subject);

-работа базирана во училиштата (school based work) ; и

-основни курикуларни студии (foundation curriculum subject).

Првата компонента - главен предмет, ги подготвува кандидатите да станат професионалци за основно училиште способни да работат во наставнички тим,да ги подготвуваат , предаваат и проверуваат главните предмети од Националниот курикулум ( англиски, математика и природни науки). Кандидатите го развиваат своето знаење за предметот што го предаваат и наоѓаат одговори на основните прашања : Како предавам? Како учениците учат? Оваа компонента ги вклучува и прашањата врзани за суштината на предметите од наставниот курикулум и пошироки образовни прашања како што се: раководење во училницата, целите на образованието и партнерство со родителите.Исто така, на курсот се истражуваат теми и прашања како здравствено образование и граѓанство.

Кандидатот при упис на курсот избира или математика или природни науки ( со можност да специјализира по биологија, хемија или физика), како главен предмет (main subject). Овој предмет се изучува преку четири годишна програма.

Foundation curriculum studies е компонента која опфаќа изучување уметност, музика , физичко образование и општествени науки.

[181] www.dfee.gov.uk/circulars/4_98/Annex B.htm
[182] www.ex.ac.uk/education/

б)структурата на програмата[183] за добивање BA (Hons) QTS на School од Education на Универзитетот во Brighton , која подготвува наставници за деца на возраст од 3 на 8 години , се состои од:

-студии за курикулумот ( curriculum studies) ;

-суштински професионални студии (core professional studies ) ;

-училишно искуство (school experience) ; и

-дисертација (dissertation) .

Студиите за курикулумот се насочени кон професионални прашања кои се однесуваат на предметите англиски, матаматика и природни науки и свесност за ширината на содржината на сите предмети во основното училиште.

Core Professional Studies ги испитуваат тековните прашања кои се базираат врз курикулумот за основното училиште.

Посебен дел од курсот е избор на предмет од страна на кандидатот (еден од деветте предмети од Националниот курикулум) кои станува негов специјалистички главен прдмет.

в) Четири годишниот курс BA (Hons) со QTS во Brighton[184] за вишо основно и нижно средно , кој подготвува наставници за работа со деца на возраст од 7 до 14 години исто така, во своите програми нуди изучување на main subject, professional studies , core subject и subject study.

Првите три се идентични со претходните, а четвртиот се однесува на специјалниот избран предмет од страна на кандидатот од следниве предмети, кои претставуваат посебни рути: дизајн и технологија, англиски, географија, математика, модерни странски јазици, религиозно образование, информатичка технологија и природни науки.

г) И пост дипломските студии ( PGCE) за ITT , своите програми ги базираат на University based programme и School based programme.Сепак, природата на овие курсеви е таква да застапеноста на компонентите од овие два дела биде на страната на School Based делот од програмата, за која ќе стане збор нешто подоцна. Универзитетскиот дел од програмата ќе го претставиме преку следниов пример:

---

[183] intranet.brighton.ac.uk или www.brighton.ac.uk/edusport/education/html
[184] www.brighton.ac.uk/

PGCE примарната програма на School of Education на Универзитетот во Exeter[185] , универзитетскиот дел од програмата се состои од четири компоненти:

-суштински курикуларни студии (Core Curriculum subject);

-основни курикуларни студии (foundation curriculum subject);

-образовни и професионални студии ( educational and professional studies),и

-полу специјалистички студии (Semi - specialist studies).

Првата компонента на кандидатите им дава соодветна подготовка за предавање на суштинските предмети англиски, математика и природни науки , преку сесии комбинирани со самонасочени ( self- directed ) активности, лоцирани на Универзитетот или во училиштата. Посебен нагласок се става на поучувањето во читање и сметање, како одраз на националните грижи .

Втората компонента опфаќа изучување на уметност и играње - танцување, дизајн и технологија, географија , историја , музика и физичко образование, покриени со кратки практични курсеви. Тие им одговараат на студентите на кои претходното искуство може да им се разликува и имаат за цел да им дадат суштински вовед во предавањето на овие предмети.

Третата компонента ги покрива фундаменталните образовни теми кои допринесуваат за професионално разбирање. Главните области се однесуваат на раси, род , детски права и одговорности, специјални потреби, менаџмент на управувањето и организација на детското учење.

Четвртата компонента е карактеристика на Exeter примарната програма која, покрај тоа што кандидатот го оспособува за работа со цел клас ( general class teacher ) , тој исто така се стекнува со полуспецијалност, која го оспособува за можно идно курикуларно водство во избраната област . Кандидатот избира специјалност од уметност , англиски, општествени науки , математика , музика или природни науки.

[185] www.ex.ac.uk/education/

## 3.2 Програмска поставеност на курсевите за ИТТ во Македонија

Наставниот план на установите кои обезбедуваат иницијално образование на наставниците за основно образование во Македонија, ФУВ - Битола , Институтот за педагогија во Скопје и Наставните планови на Педагошките факултети во Скопје и Штип (како идентични ) , немаат заеднички корени . Тие се темелат, пред се на кадровскиот потенцијал на установите и нивните стручни квалификации . За таа цел , секоја установа освен Педагошките факултети во Скопје и Штип кои имаат исти програми, изготвува и нуди свој наставен план кој , после верификацијата од страна на Министерството за образование и наука може да отпочне со реализација.

Во Македонија, покрај таквата природа на курикулумот кај сите нив може да се воочи , иако не како изразита поделба , универзитетски дел од обуката и училишен дел од обуката.

Во универзитетскиот дел на обуката студентите се стекнуваат со т.н. теоретски знаења или теоретска подготовка која кандидатите би ја практицирале во училишниот дел од обуката.

Училишниот дел од обуката има за цел студентите да се соочат со реалноста на наставничката професија и предизвиците кои таа со себе ги носи.

Предметната поставеност на курсевите за наставници за одделенска настава во Р. Македонија структуирани се во три групи:

- општо образование;
- општо стручно образование, и
- стручно образование.

Општото образование, во зависност од факултетите , се состои од следните предмети:" одбрана, социологија на образованието , филозофија, странски јазик, основи на информатиката" [186] и логика .[187]

Општо стручното образование пак , во основа го сочинуваат следните предмети:" педагогија, (училишна и општа )[188], дидактика , методологија на

---

[186] се однесува на Педагошките факултети во Скопје и Штип и ФУВ - Битола
[187] само на Педагошките факултети во Скопје и Штип
[188] исто

истражување, психологија 1 и 2 ( општа, развојна и педагошка) [189] ,методика на воспитна работа [190] , образовна технологија и организација на образованието."[191]

Стручните предмети кои се изучуваат на Педагошките факултети и ФУВ - Битола се : мајчин јазик , култура на изразување , литература, математика, основи на општествено уредување(науки) , хигиена , основи на природни науки,методика на наставата по мајчин јазик и методика на наставата по математика.

Посебен структурален дел се тесно стручните предмети кои во главно се состојат од методиките на предметите кои се изучуваат во Наставниот план и програма за основното училиште (одделенска настава).

Претходно изнесеното не се однесува на Институтот за педагогија од причини што структуирањето на програмата се врши според критериумот на изборност на предметите . Групирањето на предметите, според стручноста на овој Институт не е направено, најверојатно поради карактерот на профилот дипломиран педагог кој оваа установа го продуцира и можноста за негово вработување. Секоја таква поделба според стручноста , веројатно би го стеснила во своите компетенции дипломираниот педагог.

Кога сме веќе кај изборот на предметите во Наставниот план , тоа прашање , како што веќе е споменато , на Институтот за педагогија се решава со групирање на предметите по задожителност, односно по изборност,и тоа на:

-задолжителни наставни предмети;

-две групи на задолжителни изборни предмети (од кои студентот избира една група) ;

-посебни изборни предмети (од кои студентот избира еден ) , и

-слободни изборни предмети (за студенти на Институтот кои сакаат да изберат предмети од други Институти или факултети на Универзитетот и обратно).[192]

---

[189] исто
[190] исто
[191] Наставен план за насока учители на ФУВ - Битола
[192] Прирачник за студентите на Институтот за педагогија за учебната 1998/99 , Филозофски факултет, Скопје, 1998, 12-13

На Педагошките факултети и ФУВ - Битола изборните предмети во програмата се посебна категорија ,и тоа предмети кои воопшто не фигурираат во редовната програма .Кандидатите можат да изберат два од можни осум предмети на Педагошките факултети[193], а на ФУВ два од можните десет предмети. [194]

Постои и посебна група на предмети на Педагошките факултети т.н. факултативни предмети[195] и т.н. факултативни активности на ФУВ - Битола, за кои студентите се одлучуваат по свој избор и по кои истите не се вреднуваат.

## 3.3 Компарација на курикулумите во Англија и Македонија

При компарацијата на курикулумите на курсевите за иницијално образование на наставниците од основно образование во Англија и Македонија може да се задржиме на неколку интересни моменти.

1.По однос на организационата структура на курсевите за иницијално образование во Англија и Македонија , истите може да се каже дека се состојат од универзитетки дел од програмата и училишен дел од програмата.

Универзитетскиот дел на програмата (University based work ) во двете земји се изведува исклучиво во установите за образование на наставници и истиот на студетите им нуди теоретски сознанија за струката за која истите се подготвуваат .

Училишниот дел на програмата (school based work , school placement или school experiance) во Англија и педагошката пракса во Македонија имаат за цел кандидатот да се соочи со својата професија, при тоа практично запознавајќи се со сето она што го бара праксата и училницата од него.

Покрај оваа сличност постои одредена разлика помеѓу овие два дела на програмата во Англија и Македонија. Разликата се состои во тоа што во Англија постои остра граница помеѓу едниот и другиот дел, додека во Македонија , времето предвидено за педагошка пракса, не ретко се случува, да се искористи за теоретските аспекти на програмата, што само по себе

[193] Информатор за студенти , Педагошки факултет - Скопје , 1997,30
[194] Наставен план и програма , насока учители на ФУВ - Битола
[195] Информатор за студентите , Педагошки факултет - Скопје , 1997,30

укажува на одредена недоследност во реализацијата , и поголема наклонетост кон теоретските аспекти на поучувањето.

2.Од претходно изнесеното по однос на карактерот на курикулумите во двете земји, вредно е да се забележи постоењето на Национални курикулуми , како рамка или водич за основните услови , барања и критериуми кои треба да ги запазат сите провајдери на курсеви за иницијално образование на наставнците за основно образование во Англија , по секој предмет посебно. Тоа на некој начин значи нивелирање и изедначување на она што треба да го знаат студентите - идни наставници низ цела држава , токму поради фактот што се работи и за Национален курикулум за основно образование, кој е еднистен за целата земја.

Од друга страна , курикулумите на провајдерите во Македонија можат да се наречат институционални курикулуми бидејќи се однесуваат само на студентите кои тие ги подготвуваат. Овие курикулуми се верификуваат од Министерството и истите не се раководат од никакви Национални стандарди и норми кон кои би морале да се придржуваат. Тоа од своја страна значи производство на наставник за одделенска настава со различен пристап кон работата и својата професија ,што негативно се изразува врз единственоста и координативноста во подсистемот одделенска настава.

3.Со изборноста на предметите во образованието на наставниците во Англија кандидатите за прв пат се среќаваат при изборот на курсот на кои тие ќе се запишат. Тоа се случува поради поголемиот број на рути кои водат до професијата наставник во основно образование, а кои пред се зависат од желбата на кандидатот.

Тоа не е случај со изборноста на курсот за образование на наставници за одделенска настава во Македонија , токму поради големата предметна сличност на програмите на оние кои обезбедуваат такви курсеви , со исклучок на Институтот за педагогија.

Еден од елементите кој е интересен за анализа е суштината на изборноста на предметите од програмата.Во Англија изборот на предметите всушност представува и избор на специјалноста која кандидатот за наставник би ја предавал, покрај возрасната структура, за која кандидатот паралелно се оспособува. Така , ако кандидатот избере специјалност (subject study, subject

specialism i semi - specialist subject) предмет математика тој , покрај тоа што ќе работи со деца од 5 до 11 години може да работи како специјалист по математика и да го предава само тој предмет. Тоа всушност претствува продлабочување на знаењата и вештините од тој премет.

Во Македонија пак, изборот на предметот односно предметите, не обезбедува никаква специјалност и продлабочени знаења од предметот кој е веќе во Наставниот план на факултетот , туку тој нуди нови содржини со кои кандидатот за прв пат се запознава. Значи со изборот на предметот / ите , пред се се оди во широчина , а не во продлабочување на знаењата, како што е случај во Англија.

Третиот , ако така може да се каже, елемент врзан за изборот на предметите , се однесува на содржинската основа на изборните предмети.Може да се забележи дека предметите кои студентите во Англија ги избираат , директно, и поимно и суштински произлегуваат од Националниот курикулум за основното училиште .

Од друга страна , изборните предмети на Факултетите кои подготвуваат наставници за одделенска настава во Македонија се врзани единствено со наставниот план на установата која го обезбедува курсот. Тоа од своја страна , представува паралелизам на програмите во Македонија, а интерактивност и компатибилност на програмите за иницијално образование на наставниците и Националниот курикулум за основно образование во Англија.

## 4. Односот помеѓу универзитетскиот и училишниот дел од програмата на ИТТ курсевите во Англија и Македонија

### 4.1. Универзитетски и училишен дел на програмите во Англија

Постои одреден соодност, кога станува збор за овие два дела од програмата, изразен преку застапеноста на едниот , односно другиот дел од програмата и времето на застапеност на истите.

Кога станува збор за временскиот соодност, во Англија тоа е регулирано со документот Барања за сите курсеви за иницијално образование на

наставници (Requirements for all courses of ITT ). Во него стои дека : " времето на кандидатите поминато во училиштата во текот на нивната обука , вклучувајќи ги и училишните викенди, мора да трае најмалку :

-32 недели за сите четиригодишни додипломски студии;

-24 недели за сите тригодишни додипломски студии;

-24 недели за сите full-time две годишни средни и KC 2/3 додипломски студии;

-24 недели за сите full-time средни и KS 2/3 постдипломски студии ;

- осумнаесет недели за сите full-time primary постдипломски студии и двегодишни основни додипломски курсеви;

- осунаесет недели за сите part-time постдипломски студии. "[196]

На временското одредување на траењето на училишниот дел на програмата мора да се придржуваат сите провајдери на курсевите. Тоа подразбира , на некој начин и градење одредена политика кон училиштата и цврста соработка меѓу училиштата и провајдерите на ITT курсеви. Потврда на ова се неколкуте примери од School of education in Exeter која работата во Училиштата за BA (Ed ) четиригодишниот курс, ја реализира во следниве фази:

-прва година : неколку еднодневни (single day ) посети на училишта, после кои следи еден семестар (one term) искуство во училиште;

- втора година: еден семестар училишно искуство (school experiance ), со што се развива способноста за предавање на цел клас ;

-трета година : серии на индивидуални денови во училиште , изведувајќи истражувања со мали размери во образованието;

-четврта година: еден семестар училишно искуство кој се состои од финална практична обука за поучување[197].

На истиот факултет на курсот за постдипломски сертификат за образование - PGCE , за време на трите семестри , колку што трае курсот, училишната работа се реализира :

-Прв семестар (term) : две недели прелиминарно училишно искуство (preliminary school experiance) - од вкупно 14 недели.

---

[196] www.dfee.gov.uk/circulars/4_98/annexi.htm

[197] www.ex.ac.uk/education/subjects/primary/htm

-Втор семестар: пет недели училишно искуство- од вкупно тринаесет недели;

-Трет семестар : единаесет недели училишно искуство - од вкупно единаесет недели .[198]

Програмата Главна фаза 2/3 (Key stage 2/3) која трае 36 недели во своето три семестрално траење на училишниот дел од обуката му дава најголемо внимание и тоа:

-прв семестар: две недели прелиминарно училишно искуство плус пет самостојни денови - од вкупно единаесет недели;

-втор семестар : тринаесет недели прво училишно поставување (First school placement) - од вкупно тринаесет недели (се мисли на основното училиште) ;

-трет семестар : единаесет недели второ училишно поставување (Second school placement ) - од вкупно единаесет недели.[199]

Кога станува збор за моделирањето на курсевите во однос на училишниот дел и универзитетскиот дел, може да се забележат големи разлики по однос на распореденоста на овие два дела во текот на една учебна година или целото времетраење на курсот , како помеѓу додипломските курсеви за иницијално образование на наставници од основно образование , така и помеѓу постдипломските курсеви со иста цел.

Тоа може најлесно да се забележи преку структурата на некои од курсевите на School of Education во Brighton, дадени во прилог бр.2 и 3 .

Можеме да видиме дека училишниот дел од програмата е застапен во сите курсеви уште од првиот семестар од првата учебна година и истиот се практикува во целиот тек на траењето на курсот .

Може да се забележи и тоа дека во иста учебна година , само во еден семестар е предвидено училишното искуство, без разлика дали станува збор за семестар А или семестар Б.

---

198 www.ex.ac.uk/education/subjects/primary2.htm
199 www.ex.ac.uk/education/subjects/primary3.htm

## 4.2.Универзитетскиот и училишниот дел на програмите во Македонија

Универзитетски и училишен дел на програмите за иницијално образование на наставниците од основното образование во Македонија, во нивно изворно значење , можеме да кажеме дека нема , со исклучок на Педагошките факултети во Скопје и Штип, каде педагошката практика е застапена од втора до четврта година.[200]

Што се однесува до Институтот за педагогија и Факултетот за учители и воспитувачи, постои отворена тенденција ова прашање да се затвори , што и фактички се прави со давање поголем акцент на педагошката пракса преку одредени предмети, што е случај со методика 1 и методика 2 на Институтот за педагогија[201] кои се изучуваат во трета и четврта студиска година , и Факултетот за учители и воспитувачи - Битола, каде ова се реализира преку супстрактните основи на наставните предмети од основното образование и нивните методики.

Времетраењето на педагошката практика при иницијалното образование на наставниците од основното образование не е одредено на национално ниво, така што во различни установи , постои и различен број на часови за педагошка пракса , и тоа:

-Институт за педагогија - две години (студиски трета и четврта) по четири часа неделно;

-Факултет за учители и воспитувачи две години (студиски трета и четврта ) : а) трета година 11 часа неделно и б) четврта година 13 - 14 часа неделно;

-Педагошките факултети три студиски години (втора , трета и четврта ) : а) втора година 2 часа неделно ;б) трета година 7-10 часа неделно и в) четврта година 12-11 часа неделно.[202]

---

[200]Информатор за студентите , Педагошки факултет Скопје, Скопје, 1997 и Наставен план и програма на група за одделенска настава на Педагошки факултет во Скопје и Штип

[201] Прирачник за студентите на Институтот за педагогија за учебната 1998/99,Филозофски факултет , Скопје , 1998,11

[202] На педагошките факлутети во предвид покрај педагошката практика земени се и часовите од методиките

За посебни модели во креирањето на курсевите за иницијално образование не би можело да стане збор поради малиот број на курсеви и во тој поглед нивна единственост.

## 4.3 Компарација за односот помеѓу универзитетскиот и училишниот дел од програмите во Англија и Македонија

Терминолошката еквивалентност во случајот е неопходна за да ги разбереме суштинските разлики и сличности во проблематиката која следи (види табела бр.6 )

*Табела бр:6 Суштинска и терминолошка еквивалентност на училишниот дел од курсевите во Англија и Македонија*

| Англија | Македонија |
|---|---|
| - School experiance (училишно искуство)<br>-School based work (работа базирана во училиште)<br>- school placement (училиШно поставување) | - педагошка практика и методика по предметите и нивните супстрактни основи*1<br>- методика 1 и 2 *2<br>- методика по предмети и нивните супстрактни основи *3 |

Легенда:

*1 Педагошки Факултети Во Скопје И Штип

*2 Институт за педагогија , Филозофски факултет , Скопје

*3 ФУВ - Битола

Ако врз основа на претходно изнесеното заклучиме дека во Македонија, за разлика од Англија нема стандарди по однос на педагошката пракса, нема да погрешиме .Според бројот на часовите за педагошка пракса во установите за иницијално образование на наставници во Македонија може да се види дека постои меѓусебна различност, без разлика што сите пред себе како цел го имаат производството на наставник .

Самоволието по тоа прашање се одразува и врз почетокот и завршетокот на педагошката пракса во Македонија . Така во Англија, училишното искуство започнува уште во првата година од студиите и трае се до крајот на курсот, посебно во постдипломските курсеви, каде крајот на курсот (последниот семестар) најчесто е само педагошка пракса.

Што се однесува до крајниот момент и во Македонија , педагошката пракса е најизразена во тој период од траењето на курсот, со тоа што супстрактните основи на предметите од Наставниот план и програма за основно образование (одделенска настава ) сеуште зафаќаат голем дел од методиките. Сепак , критичниот момент секако дека е промашен . Овде се мисли на првата студиска година кога кандидатот во Македонија се среќава само и исклучиво со општообразовни предмети , преку кои тој воопшто не може да согледа за каква професија станува збор и да ја врзи својата животна професија за тој курс. Не ретко се случува нешто да се студира , без да се знае дали се припаѓа таму или не.

Очигледно е и тоа дека во Англија постојат повеќе модели на комбинирање на универзитетскиот дел и педагошката пракса , се со цел откривање на вистинските вредности и оптимализирање на придобивките од нивното взаемно дејство.

Во Македонија, како по правило, постојат класични модели каде последната четврта година е најважна во професионалното оспособување на кандидатот и за сметка на тоа единствено само тогаш, бројот на часовите за педагошка пракса го надминува бројот на часовите за теоретска работа .

Непишаните правила зборуваат и за неретка замена на часовите за педагошка пракса со часови од теоретскиот дел од обуката, што произлегува од поврзаноста на методиките со своите супстрактни основи .

## 5. Партнерство со училиштата и реализација на педагошката пракса во Англија и Македонија

### 5.1 Институциите за ИТТ во Англија и партнерството со училиштата при реализација на училишниот дел од образованието на наставниците.

Работата базирана во училиштето претставува посебно нагласен дел од иницијалното образование на наставниците од основното образование. Соодносот помеѓу училишниот дел од ITT програмите и универзитетскиот дел од програмите во поглед на времетраењето и моделите на застапеност на

едниот , односно другиот дел од програмата , укажува на посебното место и внимание кое му се посветува на училишниот дел од образованието на наставниците. Најдобар можен начин да се покаже важноста на практичниот дел е преку партнерството со училиштата и менторството, како реален начин на практицирање на овој дел од обуката.

" Ефективната подготовка за влез во наставничката професија зависи од училиштата и високо образовните институции кои работат како еднакви партнери во планирањето, имплементирањето и вредувањето на програмите за обука"[203]

Секое Училиште за образование има повеќе свои партнери каде се реализира педагошката пракса. Најчесто овие училишта се од различна средина ( урбана - рурална ; од градот или надвор од него; селски и нови градски училишта ) [204], што овозможува студентите да се запознаат со сите или поголем број на реалности во кои би можеле да ја реализираат својата професија .

Посебно значајно е што партнерството во однос на напредувањето и проверувањето на студентите најчесто е регулирано со прирачници т.н. handbooks кои се наменети и за студентите и за училиштата, за секој период од образованието посебно.[205] Тие ги регулираат барањата, активностите , улогите , начинот на проверување , начинот на реализирање и др. на училишниот дел на програмата.[206] За реализација на педагошката пракса училиштата партнери добиваат паричен надомест кој се плаќа врз основа на бројот на студентите.[207]

Непосредна форма на реализација на педагошката пракса е менторството. За Англија е карактеристично е тоа што во процесот на овој дел на обуката вклучени се голем број на субјекти и тоа: ITT координатор, ментор, тутор и универзитетски тутор.[208]

---

[203] UCET,Developing partnership in initial teacher training,www.ucet.ac.uk/op2.html
[204] www.homerton.can.ac.uk/faculty /pgpplace.html
[205] види повеќе на: www.ex.ac.uk/~jrralph/pri_handbooks.htm
[206] www.ioe.ac.uk/primary/courses/pgce/atse.htm
[207] www.ex.ac.uk/~jrralph/pri_placements.htm
[208] www.ex.ac.uk/~jrralph/pri_mentors.htm

Координаторот на иницијалното образование на наставниците (ITT Coordinator или Teacher tutor)[209] е лице вработено во партнерското училиште кое управува со вклученоста на училиштето во ITT , надворешна комуникација со Универзитетот и набљудувачите на квалитетот на училишните можности. Тој е одговорен и за идентификација , раководење и советување на целиот персонал избран за работа со студентите во училишниот дел од обуката. Тој вообичаено е и ментор.

Менторите , односно одделенските наставнички тутори ( Class teacher tutors ) [210] се наставници експерти. Истите, во текот на секој семестар во траење од неколку часа, организираат конференција за забелешките од следењето на студентите, но исто така и индивидуално работат со студентите.

Туторите практично им помагаат на студентите во училницата . Помошта се однесува на работа како партнери во училницата, демонстрација на поучувањето , заедничко планирање , давање совети и обезбедување повратни информации.

Универзитетските тутори се специјалисти во поширoко образовно подрачје и како наставници и истражувачи ја обезбедуваат суштината во нивната специјализирана област. "Универзитетските тутори нудат воведни курсеви во подготовката за поучување и поддршка во текот на педагошката пракса преку посета на училиштата и преку Универзитетски семинарски денови".[211] Од сите нови ITT координатори, ментори и тутори се бара да поминат низ воведна обука (induction training). Најчесто таа обука ја организираат и реализираат Училиштата за образование при Универзитетите, кои директно се одговорни за образованието на наставникот.

Училишниот дел од обуката се изразува преку постапно воведување на студентот во професијата.Така, тој најпрво е набљудувач, потоа работи во парови со група на деца и на крај самостојно со цело одделение , што зависи од секој Универзитет т.е. курс посебно.

---

[209] www.ioe.ac.uk/primary/courses/pgce/book1.htm
[210] исто
[211] www.ex.ac.uk/education/partner/mentoring.htm

## 5.2 Институциите за иницијално образование на наставниците од одделенската настава во Македонија и партнерството со училиштата во реализацијата на педагошката пракса

Училишниот дел од иницијалното образование на наставниците во Македонија се реализира во основни училишта со кои постои меѓусебен договор за реализација на таа активност. Најчесто, тоа се училишта кои се наоѓаат во близина на факултетите . Сите партнерски училишта се наоѓаат во градовите , што само по себе ја скратува можноста и оспособеноста на идниот наставник да одговори на специфичностите и предизвиците на другите средини.

Податокот што , во ниеден свој официјален документ на установите кои образуваат наставници за одделенска настава не се споменува соработката со училиштата партнери , не упатува на поставување на прашањето : Дали воопшто станува збор за партнерство?

Субјекти вклучени во реализацијата на педагошката пракса се: наставниците (Универзитетските професори кои се избрани по тој предмет- се мисли на методиките и педагошката пракса)[212],и соработниците избрани по тој или најчесто по друг предмет , па поради немање на доволно кадри, истите го покриваат и тој дел од обуката и наставникот ментор.

Професорот на факултетот е задолжен да изготви План и програма за реализација на практичната работа по својот наставен предмет, кои потоа се усвојуваат од страна на Наставно -научниот совет , заедно со менторите и студентите .[213]

Соработниците (помлади асистенти и асистенти) непосредно раководат со реализацијата на педагошката пракса во училиштата , додека менторите претставуваат непосреден извор на сознанија за педагошката реалност од кои студентите учат.

---

[212] на Педагошките факултети во Скопје и Штип

[213] Информатор за студентите , Педагошки факултет Скопје , 1997,349

Педагошката практика и методиките на предметите во одделенската настава имаат определена постапност кога се работи за начинот на воведување на студентите во наставата . Таа постапност може да се констатира преку  формите на изведување на педагошката практика на Педагошкиот факултет во Скопје, која опфаќа:

“а) набљудување и анализа на разни наставни ситуации на наставните часови и семинарски вежби низ процесот на наставата;

б)нагледни предавања кои ги изведуваат менторите ...;

в) со подготовка и одржување на практични предавања...”[214] и реализација на практичниот дел од вежбите по методика II на Институтот за педагогија кој се реализира преку “ ... хоспитации , следење на менторски часови и самостојна реализација на наставни единици од страна на студентите ...” [215] .

Менторите од овој тип ( покрај менторите за приправници) , воопшто не се споменуваат во официјални документи . Така, тие го немаат најдено своето место, својата улога , права и обврски, ни своите бенифиции, а ни својата програма за работа со студентот. Покрај тоа , менторите немаат никаква посебна подготовка за вршење на оваа дејност , што само по себе ги прави недоволно ангажирани.

## 5.3 Компарација на партнерството со училиштата и реализацијата на педагошката пракса во Англија и Македонија

Предходно изнесеното не води кон компарирање на неколку суштински точки поврзани со реализацијата на педагошката пракса. Тие точки се претставени преку : односот на факултетите кон училиштата партнери, локацијата на училиштата - партнери, субјекти во процесот на реализација на педагошката практика и постапност во реализацијата на педагошката практика.

Односот на факултетите кон училиштата - партнери во Англија се заснива на заеднички основи и цели , а се темели на комплементарност во

---

[214] Информатор за студентите , Педагошки факултет Скопје, 1997, 348-349

[215] Прирачник за студентите на Институтот за педагогија за учебнат а1998/99, Филозофски факултет , Скопје, 1998,102

делувањето . Училиштата - партнери ( ако така може да се наречат) во Македонија ,само формално ја извршуваат доделената задача , додека факултетите се тие кои сето тоа го водат. Можеби постои и оправданост од таквиот однос поради отсуството на посебна обука за ментори која во одреден степен би влеала доверба во факултетските структури.

Училиштата партнери во Англија се лоцирани на различни области се со цел студентите во целост да се запознаат со нивните карактеристики. Тоа не е случај во Македонија, каде најчесто училиштата се наоѓаат во градот и по можност, што поблиску до факултетот.

*Табела бр.7 Субјекти вклучени во реализација на училишниот дел од иницијалното образование на наставниците за основно образование во Англија и Македонија*

| Англија | Македонија |
|---|---|
| - ITT координатор/наставник тутор | - асистент |
| -ментор одделенски наставник тутор | -наставник ментор |
| - тутор | |
| - универзитетски тутор | - професор на факултет |

Како што можевме да видиме од табела бр.7 се забележува дека според функциите кои ги извршуваат , субјектите вклучени во овој процес во Англија и по својата функција, и по својата подготвеност , имаат свој специфичен домен на работа . Имено, во Англија, се забележува строга спецификација на улогите во овој процес што произлегува од фактот за постоење на воведна обука за сите учесници. Истото тоа , кога станува збор за Македонија, не е така ниту во теоретски, а уште помалку во практични димензии. Кај нас , кооперативноста па и координирањето изостануваат пред се поради непостоење на документи или акти кои би ја регулирале оваа обаласт, со што секој од учесниците во тој процес би знаел што да очекува од процесот , што да понуди, што од него се бара, што тој би барал од другите учесници во процесот и т.н..

Што се однесува до постапноста во реализацијата на училишниот дел од програмата на слика број еден , може да видиме дека постои временско несовпаѓање, но не и разлика во методолошката постапност во реализирањето на педагошката пракса.

*Слика бр.1 Начин на воведување на студентот во педагошката стварност преку педагошката практика во Англија и Македонија*

| | I год. | II год. | III год. | IV год. |
|---|---|---|---|---|
| Англија | Следење на час | работа во парови со група ученици | работа во парови со група ученици | Самостојно извршување на час |

| | | |
|---|---|---|
| Македонија | Хоспитации и менторско следење на час | самостојно извршување на час |

една учебна година (најчесто III и IV студиска година)

Временското несовпаѓање може да се види дека потекнува од времето на воведување на педагошката практика , што произлегуваат од моделот на реализација на програмата. Педагошката пракса во Англија се одвива низ сите четири години постапно , додека во Македонија сите етапи се реализираат во една иста студиска година, поради времетраењето на предметот. Секако дека тоа потекнува од различната поставеност и однос меѓу униврзитетскиот и училишниот дел од реализацијата на програмата и води до фокусирање кон предметот , а не кон суштината на обуката.

Методолошки гледано, постои извесно совпаѓање по однос на хоспитациите и менторското следење на наставата како прва етапа и самостојното реализирање на наставата со цело одделение од страна на студентите и во Англија и во Македонија. Единствено во Англија помеѓу овие , грубо кажано етапи, постои работа на студентите во парови со група на ученици, што би била меѓу фаза и нешто поблага форма на премин од следење на наставата , до самостојно нејзино реализирање.

## 6. Институции за поддршка на курсевите (установите) за иницијално образование на наставниците од основното образование во Англија и Македонија

### 6.1.Институции за поддршка на курсевите за иницијалното образование на наставниците од основното образование во Англија

Иницијалното образование на наставниците за основните училишта во Англија, покрај грижите и обрвските кои на себе ги имаат Универзитетите односно Училиштата за образование , претставува предмет на интересирање и голем дел од обврските на бројни институции , агенции и афторитети. Во оваа прилика , за потребите за поуспешна анализа свесно , но без никаква намера за запоставување или намалување на значењето на другите, ќе издвоиме неколку кои , според мое мислење , го сочинуваат столбот на институции кои посредно или непосредно го поддржуваат ITT и влијаат врз неговата реализација.

За оваа цел посебно ќе стане збор за: TTA, OFSTED, LEA и BECTA.

*Агенција за обука на наставници* TTA (Teacher Training Agency)[216] е извршно невладино јавно тело формирано со Образовниот акт (Educational Act) од 1994 год.. Негова цел е да се подигнат стандардите во училиштата со привлекување на способни и луѓе предадени на наставничката професија и со подобрување на квалитетот на обуката на наставниците .

Цели на агенцијата се:

-да го промовира поучувањето како професија и да го поттикнува изборот на високо квалитетни луѓе;

-зголемување на пропорциите на местата за ITT кои се доделени на високо квалитетни институции ( providers);

-подигнување на стандардите и квалитетот на ITT ;

[216] www.teach-tta.gov.uk/info/index.htm

-поддршка на владата и другите во пошироките иницијативи за подигнување на стандардите на поучувањето и тоа со помош во осигурување дека наставниците , во воведните години ( induction years) ја добиваат поддршката од стуктурите ; со придонес во подобрување на знаењата , разбирањето и способностите на наставниците кои веќе работат ( serving teachers); и помош во оддржувањето на поучувањето како професија заснована на докази и истражувања.

Тоа значи дека ТТА има статутарни функции на акредитирање на обезбедувачи на ITT ( providers ) и финансирање на нивната подготовка , имајќи го во предвид нивниот квалитет.Таа ги развила првите Национални курикулуми за ITT и Стандардите за доделување на QTS . Таа исто така изготвува материјали за да ја помогне обуката на наставниците.

*Канцеларија за стандарди во образованието* OFSTED ( Office for Standards in Education ).[217] е формирана во 1992 год. Мото на OFSTED е " подобрување преку инспекција". Таа е раководена од шеф инспекторот на Нејзиното Величество- HMCI (Her Majestry's Chief Inspector) . Тој е поддржан од професионалци ангажирани како инспектори на Нејзиното Величество на училиштата и административните работници.

Целта на OFSTED е да ги подобри стандардите на постигнувањата и квалитетот на образованието во училиштата, обуката на наставници и образованието на возрасни преку редовни инспекции , јавни извештаи и совети.

Активност по која OFSTED е најпозната е инспекцијата на училиштата која произлегува од нивната статутарна обврска да го информираат Државниот Секретар за образование и вработување за :

-квалитетот на образованието кое го обезбедуваат училиштата во Англија;

-образовните стандарди постигнати од страна на децата од тие училишта;

-дали добро се раководи со финансиските средства доделени на училиштата , и

[217] www.ofsted.gov.uk/about/role.htm

-духовниот, моралниот , социјалниот и културниот развој на децата од тие училишта.

Покрај ова , тие се занимаваат со прием и потпишување договори со инспекторите, административната страна од изборот и обуката на инспектори , снимање на можностите на инспекторите и пресметување , средување и анализа на инспекторските извештаи.

OFSTED остварува и голем број на контакти со училиштата (инспекција на секоја четврта година )[218], локалните афторитети , гувернери (државни службеници)[219], професионалните образовни асоцијации, како и други владини оддели со нагласок на DfEE .

*Локални образовни власти* LEA ( Local Educational Authority)[220] се формирани со Актот за образование од 1944 год. за да обезбедат и организираат јавни образовни услуги во нивните региони. Повеќето од службите за поддршка на училиштата ( school support services ) во Англија и Велс се обезбедени од LEA. Некои од обврските на ЛЕА со одредени законски потврди биле префрлени или на Централната Влада или на училишните органи.

LEA во склад со своите одговорности мора :

-да обезбеди бесплатен транспорт за учениците кои живеат подалеку од училиштето;

-да се осигураат дека бесплатни училишни оброци се делат на ученици од социјално загрозените семејства;

-да обезбеди помош за младите и образование на возрасни;

-да се одреди траењето на полугодието и празниците за LEA - maintained school (државни училишта);

-да воспостави здравствени полиси за осигурување и да се осигура дека се почитувани училишните регулативи;

-да се осигура за достапноста на обуката за раководители;

-ги поддржуваат наставниците преку центрите за истражување, тимовите за советување и поддршка во пооделни региони и обезбедување на

---

218 www.britishcouncil.org/education/inform/seman.htm
219 Morton Benson 287, Englesko- ... srpskohrvatski recnik
220 www.eurydice.org/documents/ref/en/uk 1 reen%5F1.htm

in service курсеви за обука. Тие го набљудуваат напредокот на наставниците и се консултираат со наставничките и другите здруженија.[221]

Покрај овие задолженија , LEA во соработка со Државниот Секретар за образование и вработување  и компаниите за професионална ориентација , обезбедува и професионална ориентација ( career service ) за учениците во училиштата преку :собирање и дисеминација на информации за вработувањето , обуката и образованието , и даваат совети.

*Британска Агенција за образовна комуникација и технологија* BECTA (British Educational Communications and Technology Agency)[222] е агенција финансирана од владата основана за поддршка на владините напори за подигнување на стандардите во програмските предмети (curriculum subject) , во поучување на основните вештини , институционална ефективност и во развојот на доживотното учење (lifelong learning). Работата на BECTA често е консултативна, развојна и заснована на партнерство со другите . Приоритет на BECTA е да соработува со владата , LEAs и комерцијалниот сектар. Таа го следи и меѓународниот развој во ICT ( Information Communication Technology).

BECTA е основана од шест главни оддели чии главни насоки на делување се :

-да обезбедат  внатрешна експертиза  во бизнисот и администрацијата, техничка поддршка и информатички системи ;

-да ги идентификува и прошири моделите на добра практична примена на ICT во образованието;

-да ги регулира односите со институциите за продолжено образование ( FE) и високо образование и е вклучено во образование на заедницата (општеството) ;

-креирање , одржување и развој на најголемиот образовен интернет влез;

-одговорност за техничките аспекти на националната мрежа за образование NGFL (Nacional Grid for Education). Тоа обезбедува технички совети до владата за сите аспекти на ICT инфраструктурата во образованието.

---

[221] isto

[222] www.becta.org.uk/about/whatisbecta.html

## 6.2 Институциите за поддршка на курсевите за иницијалното образование на наставниците од основното образование во Македонија

Во Македонија единствена, ако така може да се каже , институција која се занимава со состојбите, прашањата и проблемите врзани за иницијалното образование за наставниците за основно образование(одделенска настава) впрочем и за целокупниот образовен систем е Министерството за образование и наука (МОН). Во делот на помагање на установите за иницијално образование на наставници свој удел и активности има и Институтот за педагогија.

Дел од своите активности МОН ги реализира преку ПЗМ , Републичка просветна инспекција и Републичкиот Педагошки Совет , за кои стана збор во глава 1.2.5.

*Педагошкиот Завод на Македонија,односно Бирото за развој на образованието,* ја покрива областа која се однесува на советување и консултација со ITT установите , изготвува материјали за ITT , а обезбедува и други форми на образование на наставниците, кои по својата природа , претставуваат стручни аспекти на поддршка.

*Републичката просветна инспекција* ја покрива областа од инспекцискиот надзор на установите за ITT, но само од аспект на постапките за избор и на именување на наставничките кадри, водење на документација и евиденција итн..

*Републичкиот педагошки совет* своите активности по однос на поддршка на ITT установите единствено е вклучен во спроведување на Правилникот за начинот и постапката за полагање на стручен испит на учител, наставник и стручен работник во основното училиште, што од своја страна значи учество во вработувањето и назначувањето на наставниците.

Поголемиот дел од активностите на ова поле Министерството ги реализира преку свои внатрешни служби и истите се однесуваат на донесување на стандарди за ITT установите , одобрува ITT програми , одобрува отварање на установи за ITT, ги советува и консултира

институциите за ITT, ги финансира ITT и вработува и назначува наставниците .

## 6.3 Компарација на институциите за поддршка на курсевите за иницијалното образование на наставниците од основното образование во Англија и Македонија

Од големо значење за успешно реализирање на иницијалното образование на наставниците за основно образование секако дека се институциите кои даваат поддршка и имаат свое влијание и удел во успешното реализирање на тој процес. Овде, како што е веќе кажано, се мисли на оние институции организации и агенции кои во своите програмски определби имаат зацртано , покрај другото , да го унапредат иницијалното образование на наставниците за основно образование.

*Табела бр.8 Институции за поддршка на инцијалното образование на наставниците за основно образование во Англија и Македонија.*

| | Институции (установи) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | QCA** | QAA** | TTA** | OFSTED* | BECTA* | LEA* | DFEE* | ПЗМ* | Репуб. инспек .* | Репуб. педаг. совет* | Дире-ктно* МОН |
| Вклученост по области | Англија | | | | | | | Македонија | | | |
| Врши проверка за прием на кандидати на ITT | | | ✓ | | | ✓ | | | ✓ | | |
| Донесува стандарди за цело ITT | | | ✓ | ✓ | | | | | | | ✓ |
| Мониторинг на постигање на стандардите | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| Изработува и одобрува програма за ITT | | ✓ | ✓ | | | | | | | | ✓ |
| Одобрува отворање на институции за ITT | | | | | | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ |
| Ја следи реализацијата на програмите за ITT | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| Ги советува и консултира институциитеза ITT | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ | | | ✓ |
| Обезбедува др. форми на обр. на наставници | | | ✓ | | | ✓ | ✓ | ✓ | | | |
| Дава ICT подршка | | | | | ✓ | | | | | | |
| Финансира ITT курсеви | | | ✓ | | | | ✓ | | | | ✓ |
| Нудат професионалана ориентација | ✓ | | | | | ✓ | | | | | |
| Вработување и назначување на наставници | | | ✓ | | | | ✓ | | | ✓ | ✓ |
| Изготвува материјали за ITT | | | ✓ | | | | | ✓ | | | |
| Инспекција и контрола на институции за ITT | | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ | | |

Легенда:

*-државни институции

**-независни-невладини институции

Од табелата бр. 8 можат да се воочат одредени состојби во институционалната поддршка на иницијално образование која може да се изрази преку следниве параметри: бројот на институциите , ингеренциите на институциите , улогата на државата во поддршката на иницијалното образование и компетентноста на институциите за поддршка на иницијалното образование.

Бројот на институциите кои на кој било начин влијаат врз реализацијата на иницијалното образование очигледно дека е поголем на страната на Англија. Тоа укажува дека има широка инфраструктура која го поддржува иницијалното образование на наставниците во Англија, за разлика од Македонија каде бројчано изразено се работи за незначителен број на институции.

Што се однесува до ингеренциите на тие институции, се забележува дека секоја од нив (се мисли на оние во Англија ) , е специјализирана и работи на унапредување на иницијалното образовнание само во одредени сегменти од неговата реализација. Тоа од една страна значи децентрализација на иницијалното образование и поголема координираност и меѓусебна контрола во системот на поддршка на иницијалното образовние. Од друга страна пак, во Македонија постои потполно централизирана институционална поддршка на иницијалното образование на наставниците раководена од Министерството за образование и наука. Тоа со своите помошни органи Републички педагошки совет , Републички просветен инспекторат и Педагошки завод на Македонија ја спроведува државната политика во областа на иницијалното образование на наставниците за основно образование.

Ако се разгледува и стручната компетентност и инволвираност на институциите во поддршката на установите за иницијално образование на наставниците, може да се констатира дека во Англија поддршката е во различни домени , посебно во оние во кои се поставуваат програмски стандарди , реализирачки стандарди , контрола и вреднување на начините и патиштата на постигнување и реализирање на стандардите , додека во Македонија поддршката , како што е веќе кажано , е од административно и материјално техничка природа .

# IV ДЕЛ- ЗАКЛУЧОЦИ:

Од предходно елаборираните и компарирани односи помеѓу воспитно-образовните системи во Англија и Македонија , кои пред се се однесуваат на иницијалното образование на наставниците од основното образование , може да се изведат бројни заклучоци.

Некои од заклучоците кои се однесуваат на општите карактеристики на воспитно-образовните системи во Англија и Македонија се дека: во Англија постои поголема традиција на воспитно- образовниот систем за разлика од Македонија; Во Англија постои поголема разработеност и темелна елаборација на се што се бара да се постигне во секој одреден подсистем на образование; Во Англија постои Национално ниво на решавање на состојбите во образованието ; во Англија постои поразгранет систем на институции за одредена област за разлика од Македонија; во Англија постои поголема институционална поддршка на воспитно-образовниот систем; во Англија постои и теоретски и практичен паралелизам во институционалната поставеност на системот , за разлика од Македонија, каде таа е дадена само во теоретски рамки;во Англија постои по строга и формална и фактичка селекција при напредувањето на учениците, за разлика од Македонија каде постои само формална селекција на кандидатите; образованието на наставниците во Англија има подолга историја од образованието на наставниците во Македонија, и дека за сите наставници во Англија постои воведен период по вработувањето во траење од една година, регулирано со Национални стандарди, додека во Македонија воведниот период постои , но е недоволно дефиниран и разработен .

По однос на институционалната поставеност на иницијалното образование на наставниците од основното образование во Англија и Македонија се наметнуваат следниве заклучоци:Иницијалното образование на наставниците од основното образование и во Англија и во Македонија најчесто се реализира на високо-образовни институции (установи), најчесто со четиригодишно траење; во Англија постои институционална различност по однос на курсевите и рутите кои се нудат, а во Македонија, со мали

исклучоци, постои еднообразност; иницијалното образование во Англија се реализира во државни и приватни институции , додека во Македонија тие се засега само државни;институциите за иницијално образование на наставници во Англија, освен наставници за основно образование, оспособуваат наставници и за предучилишно, средно, продолжително образование и научно-истражувачки кадри преку постдипломските истражувачки програми , додека во Македонија првенствено и единствено , со мали исклучоци, се образуваат наставници за основно и предучилишно образование, и дека оспособените наставници за основно образование во Англија можат да работат и во пошироко подрачје , во зависност од изборот на курсот и предметите , додека во Македонија тие единствено ќе работат со деца во одделенската настава.

Кога станува збор за компарација на курикулумите т.е. курикуларна поставеност на установите за иницијално образование на наставници од основното образование во Англија и Македонија може да се заклучи дека : и во Англија и во Македонија програмите за курсевите имаат универзитетски и училишен дел, кои во Македонија не се така прецизно разграничени; курикулумот за иницијално образование на наставниците од основното образование во Англија е Национален , додека во Македонија тој е својствен за секоја установа посебно; во Англија предметите во Националниот курикулум за иницијално образование на наставниците се тесно поврзани и произлегуваат од Националниот курикулум за задолжителното образование , што е изразено и преку изборноста на предметите од курикулумот, додека во Македонија, иако основата на курсевите лежи во Наставниот план и програма за одделенската настава сепак, според изборноста на предметите, тие воопшто не одговараат на истиот.

Заклучоци по однос на Универзитетскиот и училишниот дел од програмата на курсевите за иницијалното образование на наставата и нивната компарација се следниве:училишниот дел од програмите на курсевите во Англија е застапен уште од првата студиска година, што не е случај со Македонија , каде истиот најчесто е застапен во трета и четврта студиска година; училишната пракса во Англија е изразена исклучиво преку општа училишна пракса со појачување на истата за предметните специјалности ,

додека во Македонија, училишната пракса најчесто е застапена преку посебни предмети во посебните методики на наставата; во Англија постојат поголем број на модели на реализација на училишниот и универзитетскиот дел од програмата , додека во Македонија, по тоа прашање курсевите се изедначени.

По однос на партнерството и реализацијата на педагошката пракса и нивното компарирање помеѓу двата системи, може да заклучиме дека : институциите за ITT за наставници од основното образование имаат многу цврсти партнерски односи на заемно почитување , доверба и координираност , што не е случај со односот помеѓу факултетите и училиштата во Македонија; училиштата партнери во Англија се од различни средини што обезбедува потполност во согледувањетио на предизвиците на професијата, што не е случај со Македонија; таквата соработка во Англија се специфицира преку заедничко одредување на голем број на субјекти во процесот на реализација на педагошката пракса и дека во Англија постојат поголем број на лица задолжени за успешна реализација на педагошката пракса со строго прецизиран делокруг на работа и одговорност, за разлика од Македонија.

Компарацијата на институциите за поддршка на иницијалното образование на наставниците од основното образование во Англија и Македонија не упатува на заклучокот дека: во Англија постои поголем број на такви институции; покрај владини, во Англија е голем и бројот на независни институции за поддршка на иницијалното образование на наставниците , а во Македонија, сите институции се државни; во Англија постои строга поделеност на улогите и домените на работа на институциите за поддршка , додека во Македонија таа поделба на улоги е внатрешна и потекнува од поделбата на работата во Министерството за образование и наука, и дека домените на делување на овие институции во Англија се однесуваат претежно на стручните и професионални аспекти на работата на ITT институциите , додека во Македонија , најчесто станува збор за административната страна од работата на ITT институциите.

# V ДЕЛ-СУГЕСТИИ И НАСОКИ ЗА МОЖНО ДЕЛУВАЊЕ

Како можни насоки за стручно и професионално делување во правец на адаптирање на одредени можни придобивки од поставеноста на иницијалното образование на наставниците од основното образование во Англија и нивно имплементирање во системот на образование на наставници за одделенска настава во Македонија , приложувам листа на предлози за делување:

1.развој на различни програми и можности за доаѓање до наставничката професија;

2.заживување на приватните иницијативи за иницијално образование на наставниците за одделенска настава;

3.развој на постдипломски истражувачки програми на установите за иницијално образование на наставниците од основното образование, по предходно определени стандарди;

4.поголема временска застапеност на училишниот дел од програмата на курсевите за иницијално образование , од денешното ниво на нивна застапеност;

5.изготвување Национални (државни) стандарди и Наставен план и програма за иницијалното образование на наставниците од основното образование;

6.изборност на предмети од курикулумот заради продлабочување на знаењата од веќе познати предмети и заради проширување на знаењата од нови студиски програми;

7.воведување на педагошката пракса од почетокот на иницијалното образование на наставниците од основното образование (од прва студиска година);

8.барање и примена на алтернативни модели на сооднос помеѓу теоретскиот и практичниот дел од иницијалното образование на наставниците;

9.работа на унапредување на односите помеѓу факултетите и училиштето за подигање на соработката на планот на оспособување на идните наставници на партнерско ниво;

10.вклучување на партнерски училишта од различни средини;

11.обезбедување и организирање образование за субјектите вклучени во реализацијата на педагошката пракса;

12.изработка на Национална програма за реализација на педагошката пракса при иницијалното образование на наставниците од основното образование;

13.основање и развој  на независни , стручни и професионални тела , агенции и установи за поддршка на иницијалното образование на наставниците од основното обазование и

14.строго дефинирање на задолженијата , обврските и домените на работа на институциите за поддршка на иницијалното образование на наставниците за основно образование.

# VI ДЕЛ - ПРИЛОЗИ

Прилог бр:1

## Протокол за анализа на педагошката документација со која се регулира иницијалното образование на наставниците од основното образование

Општи податоци:

Држава___________

Назив на документот_______________________________________

**I.**Институционална поставеност на иницијалното образование на наставата од основното образование

1.Вид на институциите:

а) средно _______________

б) вишо_________________

в) високо________________

г) постдипломски_________________

2. Траење на курсевите за ITT:

а) 1 год.__________

б) 2 год.__________

в) 3 год.__________

г) 4 год.___________

3. Институциите за ITT нудат курсеви за:______________________

_________________________________________________________________________

________________________________________________________________

4. Сопственост на ITT институциите :

а) државни________________

б) приватни________________

в) државни и приватни_________________

5. Наставниците се оспособуваат за работа:

а) само во основно образование_________________

б) во предучилишно и основно образование______________

в) основно и нижо средно__________________

г) основно и други видови установи__________________

**II.** Програмска (курикуларна) поставеност на институциите за иницијалното образование на наставниците од основното образование

1. Програмата на ITT курсевите има:

а) само универзитетски дел______________________

б) само училишен дел______________________

в) универзитетски и училишен дел_______________________

г)_____________________________

2. Според карактерот курикулумите за иницијално образование на наставниците се :

а) Национални (државни)___________________

б) институционални ______________________

в) ____________________________________

3. Предметите во ИТТ курикулумот произлегуваат од :

а) курикулумите за ИТТ курсеви _____________________

б) курикулумите за основно образование ______________

в) _________________________________________________

4. Изборноста на предметите во ИТТ програмите е според :

а) курикулумите за ИТТ курсевите___________________

б) курикулумот за основно образование_______________

в) _________________________________________________

**III.**Структура на процесот на иницијалното образование на наставниците од основното образование

1. Училишниот дел од програмите на ITT курсот е застапен од :

   а) прва студиска година_______________

   б) втора студиска година _____________

   в) трета студиска година______________

   г) четврта студиска година_____________

2. Училишниот дел од образованието на наставниците има статус на:

   а) посебен предмет________________

   б) дел од методиките ______________

   в) ______________________________

3. Модели по кои се реализираат училишниот и универзитетскиот дел од програмата _____________________________________________

_______________________________________________________________________

___________________________________________________________________

**IV.**Партнерството со училиштата и реализацијата на педагошката пракса во иницијалното образование на наставниците од основното образование

1. Факултетите и училиштата соработуваат врз основа на :________

_______________________________________________________________________

___________________________________________________________________

2. Училиштата партнери се наоѓаат во : _______________________

_______________________________________________________________________

___________________________________________________________________

3. Субјекти задолжени за реализација на педагошката пракса се :

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

______________________________________________________________

4. За субјектите вклучени во реализацијата на педагошката пракса :

   а) постои посебно образование________________________

   б) не постои посебно образование_____________________

   в) __________________________________________________

**V.Институционална поддршка на процесот иницијалното образование на наставниците од основното образоване**

1. Бројноста на институциите :___________________________________

_____________________________________________________________________

2. Сопственоста на институциите за поддршка е:

   а) државна__________________

   б) независна________________

   в) __________________________

3. Улога на институциите е да : __________________________________

_____________________________________________________________________

_____________________________________________________________________

4. Посебна поддршка институцијата нуди во :

   а) стручни аспекти на ITT ______________________________

   б) професионални аспекти на ITT________________________

   в) стучни и професионални аспекти на ITT________________

   г) административни аспекти на ITT______________________

   д) ______________________________________________________

Прилог бр.2: Шематски приказ на модел на реализација на училишниот и универзитетскиот дел од ИТТ курс во Англија (додипломски курс)

BA(HONS) Primary Education (QTS) - Струки на курсот[223]

| | Семестар А | Семестар Б |
|---|---|---|
| I година | Изучување на курикулумот по математика<br>Изучување на курикулум по англиски<br>Изучување на курикулумот по природни науки<br>Главни професионални студии<br>Блок на искуство во училиште (двоен модул) | Два модули на предметни студии<br>Два модула изучување на поширок курикулум (специфично по возраст и фаза)<br>Знаење од главните модули (двоен модул) |
| II година | Три модули н апредметни студии<br>ICT во курикулумот<br>2 модули изучување на поширок курикулум (специфично по возраст и фаза) | Исто како А семестар во I година |
| III година | Три модули на предметни студии<br>Три модули изучување на пошироки курикулум (специфично по возраст и фаза) | Предавање на главните предмети (двоен модул)<br>Дисертација<br>Главни професионални студии<br>Блок на искуство во училиште (двоен модул) |
| IV година | Финален блок на искуство во училиште (5 модули)<br>Понатамошен професионален развој | Дисертација (двоен модул)<br>Два модули на предметни студии<br>Два модули на понатамошен професионален развој |

223 www.brighton.ac.uk/edusport/education/html/itt/primary/primugrad/under_structure.htm

## Прилог бр.3: Шема на курикулум на ИТТ - **PGCE** курс во Англија[224]

### Есенски семестар

| | | | |
|---|---|---|---|
| Понеделник | Природни науки | Основни предмети ИЦТ и предметен специјализам Професионални студии | Иницијален блок искуство во училиште |
| Вторник | Мтематика | | |
| Среда | Серијал на училишни посети | | |
| Четврток | Серијал на училишни посети | | |
| Петок | Англиски | | |

### Пролетен семестар

| | | |
|---|---|---|
| Понеделник | Природни науки | Основни предмети ,ICT и предметен специјализам |
| Вторник | | Професионални студии |
| Среда | Денови за главни предмети | |
| Четврток | Денови за главнипредмети | |
| Петок | Англиски | |

### Летен семестар

<table>
<tr><td>Понеделник</td><td rowspan="5">Финален Блок на Искуство во училиште</td><td rowspan="5">Исполнување на Стандардите за Добивање на Статус на Квалификуван наставник</td></tr>
<tr><td>Вторник</td></tr>
<tr><td>Среда</td></tr>
<tr><td>Четврток</td></tr>
<tr><td>Петок</td></tr>
</table>

224 www.brighton.ac.uk/edusport/education/html/itt/primary/primpgce/pgce_core.htm

Прилог бр:4

# Р Е Ч Н И К

## на англиски зборови и поими користени во трудот:

**A**

- A framework for the school curriculum- Рамка за училишниот курикулум
- A-level-Ниво на средно образование
- Articled Teacher Scheme-шема за станување на наставник
-AS level-Ниво на средно образование

**B**

- BAC(British Accreditation Council) - Британски Совет за акредитација
- BECTA – British Educational Communication and Technology Agency - Агенција за Британските образовни комуникации и технологија
- BEd/BA/BSc - Звање за дипломирани учител после четири годиШно студирање

**C**

- Certificate of Education (FE) - сертификат за образование
- CDE - Countinuing Development education - образование за континуиран развој
- CNNA- Council for National Academic Award - Совет за одобрување на курсеви нудени од колеџите и политехниките
- Consortia of schools - УчилиШен одбор
- Common Entrance Examination-Заеднички испит за влез
- Comprehensive school - сеопфатно училиШте
- Compulsory School Education - задолжително образование
- Core curriculum subject- главен предмет во програмата
-Country Schools- исто што Maintained Schools - училишта финансирани од владата

## D

- Degree courses - курсеви кои водат до Bachelor,Master и Doctor
-DfEE-Department for education and emploument-Оддел за образование и вработување
- Distance Learning courses - курсеви за образование на далечина
- Doctor of Education (EdD) - доктор по образование

## E

- Eleven plus - селективен испит при премин од основно во средно училиШте

## F

- FEFCE-Further Education Funding Councils for England end Wales- Совет за поддрШка на продолжителното образование во Англија и Велс
- First school placement - второ училишно поставување
- full-time- со полно време
- Further Education - продолжително образование
- Foundation curriculum subject- основни предмети во курикулумот
- Framework for the Assessment of quality and Standard in ITT- Рамка за проверување на квалитетот и стандардите во ИТТ

## G

-GCSE- The General Certificate of Secondary Education- општ сертификат за средно образование
- General class teacher - наставник кој работи со цело одделение
-GNVQ- General National Vocational Qualifications- Општи Национални стручни квалификации
- Grammar Schools- граматички средни училишта
- Grant-Maintained Schools- училишта со посебна дозвола
-GRTP- Graduate and Registered Teacher Programmes- програми за дипломирани и регистрирани наставници

## H

- Higher Education- високо образование

-HEFCE- Higher Education Funding Council for England - Совет за поддршка на високото образование во Англија

## I

-ICT- Information Communication Technology - информатичко -комуникациска технологија

- INSET (IN - service training) - обука во текот на работата (покрај работа)

- ITT - Initial Teacher Training – инцијално образование на наставници

## K

- Key stage 2/3 - главна фаза 3 и 4 (се мисли на средното образование)

## L

-LEA-Local Educational Authority-локални образовни власти

- Licenced Teacher Scheme - шема за станување учител со дозвола

-Line menager -улога на директор како водач на NQT

## M

-Main subject-главен предмет

-Middle schools-средишни училишта

- Modular postgraduate provision - Модулирани постипломски можности

## N

- NCC-National Curriculum Council - Националнен Совет за курикулум

-NCVQ- National Council for Vocational Qualifications – Национален Совет за стручни квалификации

- National Grid for Education - Национална мрежа за образование

-NQT- Newly Qualified Teachers - Ново квалификуван наставник

-Nursery Schools/Classes- предучилишни установи за деца од 3-5 год. возраст

## O

- OFSTED - Office for Standards in Education – Канцеларија за стандардите во образованието

-Open university-Отворен универзитет

- Open University Scheme - шема на Отворениот универзитет

## P

- Partnership - партнерство

- part-time - со неполно време (вонредно)
- PGCE-Postgraduate certificate of Education – Постдипломски сертификат за образование
- Playgroups- групи за игра (предучилишни установи)
- Preliminary school experiance – почетно (прелиминарно)- училишно искуство
- Pre - School Education - предучилишно образование
- Pre-service- образование пред вработување во служба
- Primary Phase- примарна фаза
- Providers - обезбедувачи на курсот
- Post- graduate route - постипломски студии
-Public agreement schools-државно основно училиште поддржано од Одделот за образование
-Public school-јавни училишта

## Q

- QAA-The Quality Assurance Agency for Higher education- Агенција за обезбедување на квалитетот во високото образование
–QCA -The Qualifications and Curriculum Authority in England –Афторитет за квалификации и курикулум во Англија
- QTS- Qualifeed Teacher Status- Статус на квалификуван наставник

## R

- Recommending Bodies - Тела за професионална ориентација
- Requirements for all courses of ITT – барања за сите курсеви за ИТТ

## S

- SAT-Standard Assessment Tasks- стандардни задачи за проверка
- SCAA-School Curriculum and Assessment Authority – Авторитети за училиШен курикулум и проверка
- School based work - работа во училиШта ( како дел од програмата за ИТТ)
- School Experience – училиШно искуство
- Science- природни науки/како предмет во Националиот курикулум за задолжително образование и предмет во ИТТ
-SCIT-school centred consortia-групи на училишна работа

-Secondary modern school-средно модерно училиште

-Secondary phase-секундарна фаза(средно училиште)

-Second school placement- поставување на училишната пракса во средни училишта

-Self derected activities-самонасочени активности

-Semi specialist studies-полу специјалистички студии

-Shortened courses-скратени курсеви

-Sixt-form Colleges-колеџи после 16-та год

-Special agreement schools-училишта со посебна дозвола

-State schools-државни училишта

-Subject specializam-предметан специјализам

-Subject study-предметни студии

## T

-Teaching experience-искуство во обучувањето

-Technical schools-средни технички училишта

-The Doctor of Philosophy(PhD)-доктор по филозофија

-The Master of Philosophy(MPhil)-магистер по филозофија

-The emploument based route-рута до ИТТ, врз база на вработеност

-The undergraduate route-додипломска рута до ИТТ

-Trainees-студенти-идни наставници

-Trainee entry requirements-барања за упис на кандидатите на ИТТ курсеви

## V

-Voluntary - Aided School - волунтаристички училишта со поддршка

-Voluntary -controled schools-волунтаристички контролирани училишта

-Voluntary schools-волунтаристички училишта

# Користена литература

## а)учебници и статии:


- Adams A. - Tulasiewic W.,Crisis in teacher education, The Faller press,1995

-Asiedu K. Akrofi,The professional and personal development of the teacher,Nigeria publishers,1985

-Acigan Lj.,Razvoji opšte tendencije obrazovanja u prošlosti, danas i budučnosti, Pedagoška stvarnost 7-8,N.Sad,1988

-Basic facts and figures about educational system in Japan,Tokyo,1990

– Вилотиевиќ М.,Дидактика - предмет дидактике, Научна књига - Учитељски факултет, Београд, 1999

- 40 Години ПедагоШки-Завод на Македонија, ПЗМ,Скопје,1996

-Žlebnik I.,Opšta istorija školstva i pedgoških idea, Naučna knjiga , Beograd ,1970

- Илиев Д.,Иновациите во образованието - фактор за промени на статусот , ликот и улогата на наставниците за основно образование, Просветно дело 4, 1999,36-43

– Камберски К.,Иницијалното образование на наставниците, Образовни рефлексии 3-4, ПЗМ, 1997

- Камберски К., Од буквар до Универзитет,Просветно дело, Скопје,1994

- Камберски К.. Предучилишното и основното воспитание и образование во Р.Македонија, Филозофски факултет, Скопје,2000

– Kums F.,Svedska kriza obrazovanja,Glas,Beograd,1971

- Lavrnja I., Pedagoške komponente obrazovanja nastavnika, Nastavnik u samoupravnoj školi i drustvenoj sredini, Rijeka , 1985

- Lawton D. - Gordon P.,Dictionary of Education, Hodder & Stoughton (останатите библиографски податоци непознати)

-Максимовиќ И.,Наставници и изазови 21 века, Настава и васпитање1,Београд, 1997

- Maleš D.,Obavezno školovanje u Engleskoj, Osnovne škole u svijetu,Zagreb,1981

- Matijević M.,Osnovna škola u svijetu,Institut za pedagoška istraživanja Fakulteta sveučilista u Zagrebu , Zagreb,1991

- Mitrovic D.,Moderni tokovi komparativne pedagogije, Svijetlost, Sarajevo,1981
- Miharija I.,Skolstvo u Velikoj Britaniji(Engleska) (библиографските податоци непознати)
- Morton - Benson,Englesko-srpskohrvatski recnik , Prosveta, Beograd, 1990
- Образовни профили во средното стручно образование, МОФК и ПЗМ, Скопје,1996
- Potkonjak N.,Sistemi obrazovanja u Engleskoj, SAD i Kanadi,Misao,Beograd,1980
- Pedagoska endciklopedija 2,Zavod za izdavanje udbenika i nastavna sredstva,Beograd ,1989
- Radasin V., Obrazovanje vaspitaca i ucitelja, Zbornik, Misao, N.Sad,1985
- Singh J.,Secondary education in England,Council of Europe Press,1995
- Smilevski C.- Iliev .D., The role of the mentroship in pre-service(Basic) Teacher training,(трудот изложен во рамките на работници на Tempus-Phare European teacher training project for the R.Macedonia од 6-11.II.2000
- Stevanovic M.,Edukacija za stvaralastvo, Tonimir, Var.Toplice,1997
- Structures of the education and initial training systems in the European Union, EURYDICE, 1995
- Универзитет "Св.Климент Охридски"Битола ,1999(монографија)
- Fullan M.,Change Forces, 1993
- Herrera A.-Mandic P.,Obrazovanje za XXI stoljece, Svijetlost,Sarajevo,1989
- Carter M.- Curtis D.,Training teachers, Redleaf press,1994

б)закони, подзаконски акти и правилници

- Деловник за работа и организација на стручни комисии за одделни наставни предмети за предучилишното, основно и средно образование, Републички педагошки совет,Министерство за образование,2000
- Закон за високо образование, Службен весник на Р.Македонија,64/2000
- Закон за органите на управата, Сл.весник на Р.М ., бр.40/90 и 63/94
- Закон за основно образование , Службен весник на Р. Македонија,44/1995
- Закон за просветна инспекција, Службен весник на Р.Македонија 33/1995
- Закон за средно образование , Службен весник на Р.Македонија,44/1995
- Информатор за студенти, Педагошки Факултет - Скопје , Скопје,1997
- Наставен план за насока учители на Факултетот за учители и

воспитувачи во Битола
- Наставен план и програма на група за одделенска настава на Педагошкиот факултет во Штип
- Основно образование, Содржини и програми на воспитно -образовна дејност и Наставни програми I дел , МОФК и ПЗМ,1997
- Правилник за начинот и постапката при полагање стручен испит на учител, наставник, стручен работник и восптувач во основното училиште од 23.10.1996
- Правилник за содржината и организацијата на завршниот испит во средното образование,Службен весник на Р.Македонија,10/1994
- Прирачник за студенти на Институтот за педагогија во учебната 1998/99, Филозофски факултет ,Скопје,1998
- Програма за полагање на стручен испит на учителот,наставникот , стручниот работник и воспитувачот во основното училиште, Просветен работник од 23.10.1996

## в)Интернет извори
(по абецеда)

- About Becta,What is becta,www.becta.org.uk/about/whatisbecta.html
- About the DfEE,www.dfee.gov.uk/insidedfee/
- About QTS,Introduction to QTS,www.qca.org.uk/about-qca/ovabint4.htm
- An introduction to the Further Education Council, www.fefc.ac.uk/information/index.htm
-Assesment and quality, www.britcouncil.org/education/hed/hed/assessqal.htm
- Developing partnership in initial teacher training,www.ucet.ac.uk/op2.html
-Education and Training in Britain-Introduction-Internet file(изворот непознат)
- FEFC corporate aims and objectives, www.fefc.ac.uk/information/corporateaimsandobjectives.html
-Framework for the assessment of Quality and standards in ITT,july1998, www.dfee.gov.uk/circulars/4_1998/Annex B.htm
-Higher education Funding Council for England, www.hefce.ac.uk/About Us/Mission.htm

-Information about teacher education,
www.britishcouncil.org/education/teached/teach/infote.htm
- intranet.brighton.ac.uk
-In service Teacher training in the EU and the...,United Kingdom England and Wales, www.eurydice.org/ documents/training/en/ ukewtren.htm
- Moon Bob,The English exception? International perspectives of the initial education and training of teachers,www.ucet.ac.uk/op11.html
- Physical and Mental Fitness to Teach of Teachers and of entrants to Initial Teacher Training, www.dfee.gov.uk/circulars/4_99/circ499.doc
- Primary school- Based Work Handbook BA(Ed)Year4(Phase3),
www.ex.ac.uk/educatin/frames.itt_index.htm
- Professional bodies, www.eduweb.co.uk/staff/prof/profass.asp
-Qualified Teacher Status, www.teach-taa.gov.uk/teach/howdoi/qts.htm
-Reform at compulsory education level, Teaching Staff, www.eurydice.org/documents/ref/en/reen15.htm
-Requirements for all courses of Initial Teacher Training
www.dfee.gov.uk/circulars/4_98/annexi.htm
-School examination, www.britishcouncil.org/education/inform/seexams.htm
-School management,assessment and quality assurance,
www.britishcouncil.org/education/inform/seman.htm
- Sinthesis Sigma Pilot Project, Teacher Education in Europe: Evaluation end Perspectives, tntee,umu.se/archive/sigma_pp/sigma_pr_en.htm
-Standards for the Award of Qualified Teacher Status, www.dfee.gov.uk/circulars/4_1998/annexA.htm
-The Graduate and Registered Teacher programmes,
www.gov.uk/circular/dfeepub/nov99/041199/
- The HE system-facts and figures,
www.britcouncil.org/educatin/hed/hed/sysfactsfig.htm
-The induction period for Newly Qualified Teachers,
www.dfee.gov.uk/circulars/5_99/5_99.htm
- The postgraduate route, www.teach-tta.gov.uk/teach/howdoi/postgrad.htm
- The role of OFSTED, www.ofsted.gov.uk/about/role.htm

-The Teacher Training Agency, www.teach-tta.gov.uk/info/index.htm
-The undergraduate route, www.teach-tta.gov.uk/teach/howdoi/undergrad.htm
- Thornton Mary, Subject specialist-primary schools, UCET, www.ucet.ac.uk/op10.html
-UK schools-structure,funding and curriculum,
www.britcouncil.org/education/inform/sestruc.htm
-www.brighton.ac.uk/
- www.brighton.ac.uk/edusport/education/html
-www.brighton.ac.uk/edusport/education/html/itt/primary/primpgce/pgce_core.htm
- www.brighton.ac.uk/edusport/education/html/itt/primary/primugrad/
primary_under.htm
www.brighton.ac.uk/edusport/education/html/itt/primary/primugrad/under_structure.ht
- www.britishcouncil.org/education
- www.ex.ac.uk/education/
- www.ex.ac.uk/education/gradstud/intro.htm
- www.ex.ac.uk/education/partner/mentoring.htm
- www.ex.ac.uk/education/subject/primary.htm
- www.ex.ac.uk/education/subjects/primary2.htm
- www.ex.ac.uk/education.subjects/primary3.htm
- www.ex.ac.uk/~jrralph/pri_handbooks.htm
- www.ex.ac.uk/~jrrlph/pri_mentors.htm
- www.ex.ac.uk/~jrralph/pri_placements.htm
- www.homerton.cam.ac.uk/faculty/pgpplace.html
- www.ioe.ac.uk/primary/courses/pgce/atse.htm
- www.ioe.ac.uk/primary/courses/pgce/book1.htm
- www.teach-tta.gov.uk/teach/